# Службен весник на Република Македонија

**Број 9** **16 јануари 2019, среда** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 127. | **Национална** годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2019 година ............................ | **2** |
| 128. | **Програма** за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2019 година.. | 136 |
| 129. | **Правилник** за ненавремено пренесување на придонеси.......................... | |
| 130. | **Правилник** за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови.................................... | |
| 131. | **Правилник** за начинот на пренос на средствата во Фондот на ПИОМ .. | |
| 132. | **Исправка** на Правилник за членство во задолжителен пензиски фонд.......... | |
| | **Огласен дел** ....................................... | |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**127.**

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) и член 16 точка 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14 , 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

## НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

Национална годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2019 година (Програмата) е стандарден пакет на мерки и активности кои ги спроведуваат: Институтот за јавно здравје на Република Македонија (ИЈЗ на РМ )и 10-те Центри за јавно здравје (ЦЈЗ) како и активности кои ги спроведуваат Институтот по медицина на трудот на Република Македонија (ИМТ на РМ), и „Медицински факултет Скопје–Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика“.

Програмата содржи мерки, задачи и активности за следење и проценка на здравјето и добросостојбата на населението, идентификување, предвидување, испитување, ублажување на здравствените проблеми и опасности во заедницата.

Во Програмата е утврден видот на задачите, содржината, обемот и роковите за нивно извршување и известување, системот на координација на активностите, мониторинг и евалуацијата како и финансиските средства за реализација на Програмата. Во целина, оваа програма претставува здравствена безбедност на граѓаните во државата.

### Цел на програмата

Програмата се изготвува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје,преку организирани мерки и активности што ги превземаат државните органи, институциите , единиците на локаланата самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи, да се обезбеди соодветен одговор во случај на јавно здравствена потреба и итност и појава на јавно здравствена вонредна околност, обезбедување и спроведување на меѓународните здравствени правила, се со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението.

Со задачите од оваа програма се обезбедува остварување на загарантирани права, утврдени потреби и интереси на сите граѓани што имаат карактер на унапредување на здравјето и преземање на мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата, како и остварување на задачите и активностите на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на Република Македонија, утврдени со член 48 од Законот за здравствената заштита и препораките на Светска здравствена организација (СЗО).

**Извршители на програмата**

Програмските активностите предвидени со ,,Националната годишна програма за јавно здравје,, ги спроведуваат следниве извршители:

**А. Центрите за јавно здравје за подрачјето за кое се основани**

**Б. Институт за јавно здравје на Република Македонија ,**

**В. Институт за медицина на труд на Република Македонија**

**Г.Медицински факултет Скопје Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика**

***ПРЕВЕНЦИЈА, КОНТРОЛА И ОДГОВОР НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ***

**I. Вовед**

Појавата на нови и стари микроорганизми и нивната зголемената отпорност кон антимикробни средства, се феномени кои укажуваат дека заразните заболувања и понатаму претставуваат закана за здравјето на населението и голем јавно-здравствен и социјален проблем. Здравствениот сектор треба да спроведува програми базирани на докази, насочени кон намалување на ризично однесување, навремено препознавање, регистрирање и третман на заболените лица, како и навремено преземање ефикасни мерки за спречување на појава и ширење на заразните заболувањата, нивно ставање под контрола, и промовирање на здравјето и благосостојбата.

Стабилен и современ систем за следење и одговор кон заразни болести е неопходен за навремено детектирање како предуслов за брз одговор кон заканите од заразни болести.
Во контекст на заложбите на Македонија за интеграција во Европската Унија,потребно е да се продолжи со активности насочени кон усовршување и хармонизирање на системот за следење и одговор на заразните болести и обезбедување на компарабилни податоци со Европскиот центар за контрола и превенција на заразни болести (ЕЦДЦ) и СЗО.

Епидемиолошката дејност во Република Македонија се спроведува врз основа на Законот за јавно здравје, Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, подзаконски акти од оваа област (Правилници), како и врз основа на Програмата на Владата на Република Македонија за 2017-2020[1].

Согласно наведената законска регулатива, Програмите на Владата и Министерството за здравство, Стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, како и препораките на глобалната политика “Здравје за сите”, во идниот период ќе се спроведува засилена контрола на актуелните заразни болести што се од значење за здравјето на населението за да се намалат на негативните ефекти кои овие заболувања ги имаат на здравствената состојба на населението.

[1] https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/Programa_Vlada_2017-2020_MKD.pdf

**Приоритетни цели на програмата**

**Главна цел на Програмата за 2019 година е да се намали оптоварувањето од заразните заболувања во Република Македонија.**

Согласно Стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, Програмата на Владата за 2017-2020 и анализата на состојбата во земјата и регионот приоритетни цели за превенција, контрола и одговор на заразните заболувања се:

1. Зајакнување и подобрување на ефикасноста на системот за следење на заразни болести.
2. Подобрување на состојбата со задолжителната имунизацијата и намалување на бројот на заболени од вакцино-превентабилните болести.
3. Намалување на оптоварувањето со заразни заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода.
4. Зајакнување на системот за следење, контрола и одговор на болнички стекнатите инфекции и антимикробната резистенција.
5. Одржување ниска преваленца на ХИВ, сексуално и крвно преносливи инфекции.
6. Превенција и контрола на зоонози и вектор-преносливи инфекции.
7. Намалување на оптоварувањето со инфлуенца и заболувања слични на инфлуенца.
8. Одржување и понатамошен тренд на намалување на оптоварувањето со туберкулоза.
9. Систем за следење и одговор кон нови и заразни болести кои повторно се појавуваат.
10. Воспоставување на систем за брза реакција во случај на епидемии и кризни состојби.

**II. Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:**

1. Инциденца на заразни заболувања кои подлежат на задолжително пријавување
2. Опфат со задолжителна имунизација и инциденца на вакцино-превентабилни заболувања
3. Морталитет од заразни заболувања

## III. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

За секоја од десетте цели во доменот на контрола и превенција на приоритетни заразни заболувања, квантитативни цели за показателите на успешност за спроведување на мерките и активностите се дадени во Планот за спроведување на програмата за 2019 година.

### V.1. Центри за јавно здравје

**ЦЕЛ 1. Зајакнување и подобрување на ефикасноста на системот на следење на заразни болести**

***Мерка 1.1. Собирање, обработка и анализа на пријави за заразни заболувања и пријави за изолиран/докажан микробиолошки причинител на заразна болест и активности по НПЈЗ***

**Активности:**

1. Секојдневно прибирање и анализирање на индивидуални пријави за заразни болести во електронски систем и соодветни книги за евиденција
2. Обработка на пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест во електронски систем за евиденција и соодветни книги за евиденција.
3. Во зависност од епидемиолошката ситуација, во сите ЦЈЗ и нивни ПЕ се изготвуваат епидемиолошки анкети и истите навремено се доставуваат до ИЈЗ.
4. Изработка на месечни табеларни и наративни извештаи, годишни извештаи за заразни болести.
5. Спроведување на теренски увиди во клиничките установи и кај матичните доктори, за контрола на пријавување и евиденција на заразни заболувања и микробиолошки докажани причинители на заразни болести.

**Извршители**: ЦЈЗ/ПЕ во соработка со ИЈЗ.

**Индикатори (показатели за успешност)**

1. Број на обработени индивидуални пријави за заразна болест;
2. Број на обработени лабораториски пријави за изолиран/докажан причинител на заразно заболување;
3. Број на теренски увиди и извештаи од увиди
4. Број на изготвени епидемиолошки анкети;
5. Број на месечни и годишни извештаи

*Мерка 1.2 Воведување и одржување на интегриран информациски систем за следење на заразни болести*

Оваа мерка ќе се спроведе по пуштање во употреба на софтвер за електронско поврзување на ЦЈЗ/ПЕ со ИЈЗ или надградба на информацискиот здравствен систем „Мој термин“ со модул за заразни болести, со претходна обука на корисниците за работа со информацискиот систем кај здравствените установи на територијата која ја покриваат.

**Активности:**

1. Обука на корисниците за употреба на системот во сите ЦЈЗ/ПЕ
2. Пилотирање на системот на ниво на ЦЈЗ/ПЕ

**Извршители**: „Управа за електронско здравство на РМ“, ИЈЗ, ЦЈЗ/ПЕ

**Индикатори (показатели за успешност):**

1. Број корисници на ниво на ПЗУ, ЦЈЗ и ИЈЗ вклучени во системот (пилот);
2. Број на обуки и обучени на корисниците за употреба на системот.

*Мерка 1.3 Рано известување и предупредување преку следење на синдроми на заразни болести (АЛЕРТ- систем)*

Во 2019 година преку АЛЕРТ-системот ќе се врши надзор над синдроми на заразните заболувања, преку обработка и анализа на збирни неделни извештаи од ЦЈЗ/ПЕ, како дополнителен систем за рано откривање и брз одговор при појава на зголемен број (кластери и епидемии) на заболени лица со заразна болест.

**Активности:**

1. ЦЈЗ/ПЕ ќе вршат прибирање на збирни неделни извештаи од ПЗЗ (матични лекари) на нивната територија, внесување во посебен софтвер и статистичка обработка и анализа на доставените податоци,
2. Теренски увид од страна на ЦЈЗ/ПЕ, при појава на алерт од одреден синдром.
3. Доставен извештај до ИЈЗ за резултатите, причинителот и превземените мерки за сузбивање на заболувањето по извршениот увид од страна на ЦЈЗ/ПЕ.
4. Изработување на неделни извештаи за АЛЕРТ системот.

**Извршители**: ЦЈЗ/ПЕ, ИЈЗ, матични доктори.

**Индикатор (показател на успешност)**

1. Број на обработени неделни извештаи добиени од ПЗЗ;
2. Број на изготвени неделни извештаи доставени до ИЈЗ;
3. Број на теренски увиди;
4. Број на информации/извештаи од теренски увиди;

**ЦЕЛ 2 Подобрување на состојбата со задолжителната имунизацијата и намалување на бројот на заболени од вакцино-превентабилните болести**

*Мерка 2.1 Контрола и евалуација на задолжителната вакцинацијата*

ЦЈЗ/ПЕ ќе вршат контрола на спроведената задолжителна имунизација во вакциналните пунктови. При теренските увиди, посебно внимание ќе се обрне на опфатот на лицата кои подлежат на имунизација, пребарување на невакцинираните или непотполно вакцинирани лица (пропуштени). По појава на поствакцинални несакани реакции ќе излезе на терен и ќе изготви информација до МЗ, ИЈЗ и ДСЗИ по собирање на потребните податоци.

**Активности:**
1. Спроведување на активности за промоција на придобивките од имунизацијата кај населението.
2. Теренски увиди за контрола на студен синџир и опфат во вакцинални пунктови и породилишта.
3. Пребарување на невакцинирани лица и организирање на активности за нивна вакцинација
4. Изготвување на квартални и шестмесечен табеларни извештај за вакцинален опфат по ЦЈЗ/ПЕ, по видови вакцини и ревакцини.
5. Изготвување на годишен табеларен и наративен извештај за спроведената имунизација за 2019 во ЦЈЗ/ПЕ, со опфат одделно за секоја вакцина/ревакцина.
6. Теренски увид и изготвување на информација по пријава за поствакцинална несакана реакција.

**Извршители**: ЦЈЗ во соработка со вакцинални пунктови и ИЈЗ.

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Опфат со сите вакцини предвидени во редовниот календар за имунизација над 90% на полугодие и опфат над 95% на крај на година на ниво на ЦЈЗ/ПЕ;
2. Број на доставени до ИЈЗ, тримесечни и шестмесечни извештаи за спроведената вакцинација и постигнатиот опфат од ЦЈЗ/ПЕ;
3. Број на изготвени извештаи за состојбата со поствакциналните реакции;
4. Број на реализирани теренски увиди и изготвени информации.

*Мерка 2.2 Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на детска парализа*

Мерката ќе се спроведува преку активниот надзор над акутна флакцидна парализа (АФП), достава до ИЈЗ на "Неделните извештаи за активен надзор на АФП", навремен одговор при пријава на АФП случај со цел да се одржи "статусот земја ослободена од полио".

**Активности:**

1. Прибирање и обработка на неделни извештаи за АФП од болниците
2. По добивање на итна пријава за АФП ИЈЗ /ЦЈЗ прави теренски увид
3. ЦЈЗ/ПЕ ќе изврши увид во вакциналните пунктови за проверка на опфатот со вакцина против полио.
4. ЦЈЗ/ПЕ од блиските контакти на АФП случајот - деца на возраст до 15 години зема материјал за вирусолошко испитување и согласно правилата го транспортира до вирусолошката лабораторија при ИЈЗ.
5. Изработка на епидемиолошки анкети за АФП случаи/контакти.

**Извршители**: ЦЈЗ во соработка со вакцинални пунктови и ИЈЗ

**Индикатори (показатели на успешност):**

1. Број и процент на доставени неделните извештаи за АФП од болниците;
2. Број извршени епидемиолошки увиди, изготвени епидемиолошки анкети;
3. Број на земени и испратени материјали за лабораториско тестирање до ИЈЗ;
4. Број на изготвени и доставени до ИЈЗ неделни извештаи за спроведувањето на надзорот над АФП од страна на ЦЈЗ.

***Мерка 2.3 Спроведување на активности за елиминација на мали сипаници и рубеола во Р. Македонија***

Континуирано ќе се имплементираат мерките и активностите за елиминација на мали сипаници и рубеола, согласно состојбата во земјата и регионот и измените и дополнувањата на *Акцискиот план за елиминација на мали сипаници и конгенитален рубеола синдром*.

**Активности:**

1. Континуирано следење на вакцинацијата со МРП вакцината.
2. Изработка на епидемиолошки анкети за секој случај на мали сипаници и/или рубеола, и навремено доставување до ИЈЗ.
3. За секој пријавен клинички случај, ЦЈЗ/ПЕ веднаш ќе обезбеди материјал за вирусолошко испитување од заболениот и контактите и ќе се достави за анализа во вирусолошката лабораторија при ИЈЗ за класификација на случајот.
4. При сомневање за појава на епидемија, се прави епидемиолошки увид на терен и се изготвува информација и се информира МЗ/ИЈЗ.
5. Во случај на епидемија се подготвуваат неделни/месечни ажурирани информации за актуелната состојба и преземените мерки.
6. Организирање на активности на ниво на ЦЈЗ/ПЕ за подигање на свеста здравствените работници и родителите за безбедноста и бенефитите на МРП вакцината.

**Извршители**: ЦЈЗ/ПЕ во соработка со ИЈЗ.

*Индикатори (показатели на успешност):*
1. Број на земени материјали за лабораториска дијагноза кај клинички случаи, и случаи на исипни трески;
2. Број на епидемиолошки увиди при пријава на случај на мали сипаници/ рубеола;
3. Број на изготвени информации/извештаи;
4. Број на едукативни и информативни активности за подигање на свеста на здравствени работници и родителите за безбедноста и бенефитите на вакцините;

**Мерка 2.4 Спроведување на вакцинација кај лица изложени на професионален ризик о вакцино-превентабилни заболувања и вакцинација по епидемиолошки индикации**

Активностите се спроведуваат согласно Правилникот за вакцинација и хемиопрофилакса.

**ЦЕЛ 3 Намалување на оптоварувањето со заразни заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода**

На заразните болести кои се пренесуваат преку храна и вода отпаѓаат повеќе од половина од регистрираните случаи на заразни болести во 2017 година, што како последица покрај здравствените проблеми има и големи социјални и економски последици. Со цел да се намали оптоварувањето од овие заболувања потребно е да се развие систем за навремено откривање на ризик фактори, брза реакција и ставање под контрола на заболувањата кои се пренесуваат преку храна и вода.

***Мерка 3.1 Рано откривање и одговор на кластери и епидемии предизвикани од заболувања кои се пренесуваат преку храни и вода***

**Активности:**

1. Навремена обработка на пријави од овие заболувања за детекција на кластери.
2. Вршење на теренски увид при зголемен број на заболени од заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода.
3. Обезбедување на материјал за потврда, а по потреба и за конфирмација на причинителот во микробиолошките лаборатории на ИЈЗ.
4. Зголемување на капацитетите на ниво на ЦЈЗ/ПЕ, за дијагноза на микробиолошки причинители (вируси) на заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода.
5. Извештаи/информации од теренски истражувања при појава на кластери/епидемии.
6. Следење на бацилоносителството врз основа на законските прописи, на лица кои прележале цревен тифус, паратифус, бациларна дизентерија и салмонелоза при што ќе бидат направени епидемиолошки анкети и лабораториски испитувања.

*Извршители*: ЦЈЗ во соработка со МЗ, ИЈЗ, АХВ и ДСЗИ

**Индикатори (показатели на успешност):**

1. Број на обработени пријави и детектирани кластери;
2. Број на извршени контроли/увиди на терен;
3. Број на земени материјали за лабораториска дијагностика;
4. Број на изготвени извештаи/информации;
5. Обезбедени опрема и човечки ресурси за дијагноза на поголем број на различни причинители (вируси) на заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода.
6. Број на анкетирани и тестирани бацилоносители.

**ЦЕЛ 4 Зајакнување на системот за следење, контрола и одговор на болнички стекнатите инфекции и антимикробната резистенција**

Активностите и мерките ќе се спроведуваат во согласност со Правилникот за поблиските критериуми за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции, како и посебна Програма и Упатство, кои ќе бидат изготвени од страна на Комисијата за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции при МЗ.

***Мерка 4.1 Рано откривање и контрола на болнички стекнати инфекции***

**Активности:**

1. Спроведување на епидемиолошки увиди (програмски и по индикации) на територијата на секој ЦЈЗ за следење на болнички стекнатите инфекции.
2. Земање материјали за микробиолошки анализи со цел контрола на моменталната состојба.
3. Докажување на резистенција на микроорганизмите кон антимикробните средства од пациенти со болнички стекната инфекција во лабораториите на ЦЈЗ/ПЕ. Водење на соодветна датабаза и навремено испраќање до ИЈЗ.
4. Изготвување и доставување на информации/извештаи до ИЈЗ, ДСЗИ и здравствената установа каде е направен увидот за надзор над ИХИ.
5. Изготвување на квартални и годишен извештај за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности.

**Извршители**: ЦЈЗ во соработка со ИЈЗ, ДСЗИ, болници

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Број на извршени теренски увиди за контрола на ИХИ;
2. Број на земени материјали за микробиолошки анализи;
3. Број на информации/извештаи по индикации;
4. Број на изготвени тромесечни извештаи и годишен извештај.

**ЦЕЛ 5 Одржување ниска преваленца на ХИВ, сексуално и крвно преносливи инфекции**

Мерките и активностите за заштита на населението од ХИВ во целост се опишани во Годишната Програма за заштита на населението од ХИВ за 2019 година, изготвена согласно нацрт Националната стратегија за ХИВ 2017-2021.

***Мерка 5.1 Превенција на хепатитис Б и Ц на територија на ЦЈЗ/ПЕ***

Активности
1. Обработка на пријави, направени теренски увиди и изготвување на епидемиолошка анкета за пријавени случаи на вирусен хепатит Б или Ц.
2. Навремено доставување на пријави и анкети до ИЈЗ за акутен вирусен хепатит Б или Ц до ИЈЗ.
3. Водење на евиденција за секое носителство или хронична болест од овие хепатити и достава на истите до ИЈЗ.
4. Водење на годишна евиденција за вкупен број на тестирани лица за хепатит Б и Ц на територијата која ја покрива ЦЈЗ (позитивни и негативни).

**Извршители**: ЦЈЗ во соработка со ИЈЗ,

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Број на обработени пријави, теренски увиди, епидемиолошки анкети;
2. Евиденција (регистер) на случаи со хроничен хепатитис или носителство;
3. Вкупен број на тестирани за хепатит Б и Ц и ‘% позитивни;
4. Број на изготвени информации.

***Мерка 5.2 Подобрување на системот за надзор над сексуално преносливи инфекции***

**Активности:**
1. Навремено доставување на пријава и анкета до ИЈЗ, за секој случај на СПИ на територија на ЦЈЗ/ПЕ.

Другите активности поврзани со СПИ се предвидени во посебна програма за Сексуално и репродуктивно здравје

**Извршители**: ЦЈЗ во соработка со ИЈЗ,

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Број на обработени и доставени пријави за случај и изолат за ХИВ и СПИ.

**ЦЕЛ 6 Намалување на оптоварувањето со зоонози и вектор-преносливи инфекции**

Вектор преносливите заболувања кои во добар дел се преклопуваат со зоонозите (одредени болести се вбројуваат и во едната и во другата група), стануваат се поактуелни и ја менуваат сликата на оптоварувањето со заразни болести. Климатските промени во голема мера влијаат на дистрибуцијата и активноста на векторите. Многу од овие болести се веќе присутни во Р. Македонија (лајмската болест, западно-нилска треска, некои хеморагични трески, туларемија и др.), а други како што се маларија, денга, чикунгуња и многу други. потенцијално може да се внесат во државата. Некои од нив се регистрираат во ендемска форма, но не ретко се појавуваат и во епидемиска форма.

***Мерка 6.1 Воспоставување на систем за превенција и контрола и на зоонози и вектор преносливи заболувања***

**Активности:**

1. Подготовка на оперативни планови за ДДД на ниво на локална самоуправа.
2. Спроведување и контрола на дезинсекција против комарци на територијата на РМ (по општини), согласно Акциониот план за превенција од ВПБ.
3. Задолжително теренско истражување при пријавен случај на зоонози и ВПБ.
4. Обезбедување на материјал за лабораториска дијагностика на случаи на зоонози и вектор преносливи заболувања.
5. Доставување на пријава, епидемиолошка анкета до ИЈЗ.
6. Изготвување на информација и навремено известување на ИЈЗ и/или други надлежни институции за појава на случај и теренско истражување.
7. Земање на материјал дијагностика од лицата кои се враќаат од земји со ендемска маларија (согласно СЗО водич за патници во меѓународен сообраќај)
8. По епидемиолошки индикации ЦЈЗ спроведува превентивни ДДД активности, училишта колективи или приватни домови

**Извршители:** ЦЈЗ/ПЕ, ИЈЗ, ЕЛС, КИБФС, МЗ.

**Индикатори:**

1. Извештај за изготвени оперативни планови за ДДД на ниво на локална самоуправа;
2. Периодични извештаи за спроведена превентивна дезинсекција на територија на ЕЛС
3. Број на обработени пријави и анкети од случаи на зоонози и ВПБ;
4. Број на извршени теренски увиди и изготвени информации;
5. Број на земени примероци лабораториски материјал;
6. Број на земени материјали за лабораториска дијагноза од случаи и патници кои се враќаат од земји со ендемска маларија.
7. Површина на во м2 на која е спроведена ДДД по епидемиолошки индикации

## ЦЕЛ 7 Намалување на оптоварувањето со инфлуенца и заболувања слични на инфлуенца

Инфекциите со вирусите на инфлуенца предизвикуваат значаен морбидитет и морталитет секоја година. Грипот претставува сериозен јавно-здравствен проблем кој предизвикува тешко заболување и смрт, најчесто кај високо-ризични популациони групи. Во Р. Македонија, пријавените случаи на инфлуенца во тек на една сезона одговараат приближно на вкупниот број на регистрирани случаи од сите останатите заразни заболувања.

*Мерка 7.1 Зајакнување на системот за надзор и одговор кон заболувања слични на грип и акутни респираторни инфекции*

**Активности:**

1. ЦЈЗ/ПЕ во сезоната на грип континуирано ќе вршат прибирање и обработка на групни пријави за грип на ниво на ЦЈЗ/ПЕ.
2. ЦЈЗ/ПЕ во сезоната ќе обезбеди материјали од лица со симптоми на грип или слични на грип/ акутни респираторни инфекции за лабораториска дијагностика.
3. При појава на зголемен број на лица со грип, ќе извршени теренски увиди, во здравствени установи, училишта, градинки.
4. За состојбата од терен ќе подготват информации и навремено ќе ги доставаат до ИЈЗ.
5. Секој микробиолошки изолат навремено го пријавува до ИЈЗ.
6. Набавка на вакцини против сезонски грип пред отпочнување на сезоната ЦЈЗ/ПЕ.

**Извршители:** ЦЈЗ/ПЕ, ИЈЗ, МЗ, ЗУ

**Индикатори (показатели на успешност):**

1. Број на обработени и доставени групни пријави за грип до ИЈЗ;
2. Број на тестирани материјали за грип и акутни респираторни инфекции;
3. Број на извршени теренски увиди, во здравствени установи, училишта, градинки;
4. Број на информации од теренските увиди;
5. Број на набавени и аплицирани вакцини против сезонски грип;
6. Број на неделни извештаи за спроведена вакцинација на територија на ЦЈЗ/ПЕ до ИЈЗ.

*Мерка 7.2 Зајакнување на системот за надзор над сериозни акутни респираторни инфекции (САРИ)*

Потребно е да се засили надзорот над сериозните респираторни инфекции (САРИ) со цел да се идентификуваат ризик факторите, вирусите кои циркулираат и потенцијално предизвикуваат потешки форми, а со тоа да се преземат навремени мерки за намалување на последиците од САРИ.

**Активности:**

1. Следење на појава на сериозни респираторни инфекции (САРИ) на ниво на ЦЈЗ/ПЕ.
2. Навремено пријавување на САРИ до ИЈЗ.
3. Лабораториско тестирање на материјал од хоспитализираните пациенти.
4. Теренски увид во болницата каде е регистриран САРИ случајот.
5. Извештај од теренскиот увид.

**Извршители:** ЦЈЗ,ИЈЗ ,болници

**Индикатори (показатели на успешност):**

1. Број на пријави за нови случаи на САРИ;
2. Број на случаи на САРИ од кои е земен биолошки примерок и се лабораториски тестирани;
3. Број на направени теренски увид;
4. Број на иготвени информации од теренски увиди.

**ЦЕЛ 8 Одржување и понатамошен тренд на намалување на оптоварувањето со туберкулоза**

Мерките и активностите за намалување на оптоварувањето со туберкулоза се претставени во посебна Програма за заштита на населението од туберкулоза и се во надлежност на Институтот за туберкулоза и белодробни заболувања и диспанзерите за ТБЦ во земјата.

**ЦЕЛ 9 Систем за следење и одговор кон појава на нови и заразни болести кои повторно се јавуваат**

***Мерка 9.1 Рана детекција и одговор кон болести нови и заразни болести кои повторно се јавуваат***

**Активности:**

1. ЦЈЗ/ПЕ ќе изврши епидемиолошки теренски увиди при појава на случаи на нови заболувања или заболувања кои повторно се појавуваат и ќе достави навремена информација до ИЈЗ.
2. ЦЈЗ/ПЕ ќе обезбеди материјал за лабораториско испитување и по потреба ќе го достави до ИЈЗ.
3. По потреба во соработка со ИЈЗ ќе се изготват информации за населението, упатства за работа на здравствени установи и друг информативен материјал.

*Извршители*: ЦЈЗ, ИЈЗ МЗ и ЦЈЗ/ПЕ.

*Индикатор:*
1. Број на теренски увиди и информации;
2. Број на земени материјали и доставени до референтната лабораторија на ИЈЗ;
3. Број на информации за население и упатства за работа на здравствениот кадар.

**ЦЕЛ 10 Воспоставување на систем за брза реакција во случај на епидемии и кризни состојби**

*Мерка 10.1 Обезбедување на 24/7 тимови за брз одговор во случај ан епидемии и кризни состојби*

**Активности:**
1. Воведување на систем за приправност на епидемиолошката служба при ЦЈЗ/ПЕ.
2. Вршење на епидемиолошки истражувања, согласно протокол за истражување на епидемии и брза реакција во кризни состојби на територија на ЦЈЗ/ПЕ.
3. Земање на материјал за лабораториско докажување/потврдување на причинителот.
4. Изготвување на информации и доставување до ИЈЗ, МЗ, АХВ и ДСЗИ.
5. Изработка и доставување на Пријави и Одјави за епидемии на заразна болест од ЦЈЗ/ПЕ до ИЈЗ.

*Извршители*: ЦЈЗ/ПЕ, ИЈЗ во соработка со ЦЈЗ/ПЕ, ДСЗИ, АХВ

*Индикатори (показатели на успешност):*
1. Воведен систем за приправност на ниво на ЦЈЗ/ПЕ со ажурирани контакти;
2. Број на извршени епидемиолошки истражувања согласно Протокол;
3. Број на земени материјали за лабораториско тестирање/конфирмација;
4. Број на теренски епидемиолошки увиди и изготвени информации;
5. Број на доставени Пријави и Одјави на епидемија.

*ЗДРАВСТВЕНО-ВОСПИТНА И ЕДУКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ПУБЛИКАЦИИ*

ЦЈЗ/ПЕ ќе врши континуирана здравствено-воспитна и едукативна дејност во врска со спречувањето и сузбивањето на заразните болести на територијата која ја покриваат преку:

1. Изготвување на информативно-едукативен материјал - брошури, флаери, постери, публикации за заразни заболувања, наменет за широката јавност и за здравствени работници.
2. Настапи/написи/интервјуа во средствата за јавно информирање (ТВ, весници, списанија), со цел информација и едукација на пошироката јавност.

*Извршители*: ЦЈЗ/ПЕ.

*Индикатор:* Број на одржани предавања, број на изготвени информативни материјали (брошури, летоци и сл), број на настапи во јавни медиуми.

## V.2. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

**ЦЕЛ 1 Зајакнување и подобрување на ефикасноста на системот на следење на заразни болести**

***Мерка 1.1 Собирање, обработка и анализа на пријави за заразни заболувања и пријави за изолиран/докажан микробиолошки причинител на заразна болест и активности по НПЈЗ***

**Активности:**

1. Водење на национални бази за заразни заболувања, микробиолошки изолати, и анкети од поединечни случаи со цел навремено се следи состојбата и преземат мерки за контрола на заразните заболувања во Републиката
2. Изработка и дисеминација на табеларни неделни, месечни, квартални и годишни извештаи и наративни месечни и годишни извештаи за заразни болести.
3. Спроведување на теренски увиди во Центрите за јавно здравје и нивните подрачни единици за контрола и стручно методолошка помош.
4. Изготвување на предлог Национална програма за јавно здравје во Република Македонија за 2020 година (дел за контрола, превенција и одговор на заразните заболувања) и доставување до МЗ во предвидениот рок до 31.10.2019.

**Извршители**: ИЈЗ во соработка со ЦЈЗ/ПЕ
**Индикатори (показатели за успешност):**

1. Број на обработени индивидуални пријави за заразна болест и функционална база
2. Број на обработени лабораториски пријави за изолиран/докажан причинител на заразно заболување и антимикробна резистенција и функционална база
3. Број на обработени епидемиолошки анкети и функционална база
4. Број на изработени извештаи за состојбата со заразните заболувања;
5. Број на доставени извештаи и информации до МЗ, ДСЗИ и други надлежни институции;
6. Навреме изготвена и доставена предлог Програма за јавно здравје во дел за контрола, превенција и одговор на заразни заболувања;

***Мерка 1.2 Воведување на интегриран информациски систем за следење на заразни болести***

**Активности:**

1. Надградба на информацискиот здравствен систем на Управата за електронско здравство со модул за заразни болести, со што ќе се овозможи следење на заразните болести во момент кога ќе биде генерирана пријавата и навремена детекција и одговор при евентуалните кластери на заразни болести.

2. Примена на дефиниција на случај, согласно законска регулатива и критериуми на Европскиот центар за контрола и превенција на заразни болести.
3. Обука на корисниците за работа со информацискиот систем.

**Извршители**: ИЈЗ во соработка со МЗ, Управа за електронско здравство и ЦЈЗ/ПЕ
**Индикатори (показатели за успешност):**
1. Развиен функционален информациски систем за следење заразни болести;
2. Пилотирање на системот на лимитиран број корисници на ниво на ПЗУ, ЦЈЗ и ИЈЗ;
3. Број на обуки и обучени корисници на корисниците за употреба на системот.

*Мерка 1.3 Рано известување и предупредување преку следење на синдроми на заразни болести (АЛЕРТ- систем)*

Во 2019 година преку АЛЕРТ-системот ќе се врши надзор над синдроми на заразните заболувања, преку обработка и анализа на збирни неделни извештаи од ЦЈЗ/ПЕ, како дополнителен систем за рано откривање и брз одговор при појава на зголемен број (кластери и епидемии) на заболени лица со заразна болест.

**Активности:**

1. Прибирање на збирни неделни извештаи од ЦЈЗ/ПЕ, статистичка обработка и анализа на доставените податоци.
2. Теренски епидемиолошки увиди за контрола на пријавувањето во АЛЕРТ системот.
3. Изработување на неделни, месечни, тримесечни и годишен извештај за АЛЕРТ системот.
4. Дисеминација на сите изготвени документи и извештаи, што ќе се врши преку интернет страната www.alert.mk, со нејзино постојано ажурирање, како и преку електронска достава до надлежните институции.

**Извршители**: ИЈЗ
**Индикатори (показатели за успешност):**
1. Број на обработени неделни извештаи од ЦЈЗ/ПЕ;
2. Број на теренски увиди, едукација на терен;
3. Број на изработени месечни, тромесечни и Годишен Извештај за АЛЕРТ системот, ажурирање на веб-страната на АЛЕРТ системот.

**ЦЕЛ 2 Подобрување на состојбата со задолжителната имунизација и намалување на бројот на заболени од вакцино-превентабилни болести**

*Мерка 2.1 Контрола и евалуација на задолжителната вакцинација*

ИЈЗ ќе врши контрола на спроведената задолжителна имунизација на сите нивоа и ќе укажува стручно-методолошка помош преку теренски увиди. При теренските увиди, посебно внимание ќе се обрне на опфатот на лицата кои подлежат на имунизација, навременото спроведување, чувањето и транспортот

на вакцините, одржувањето на студениот синџир, правилна апликација на вакцини. На терен, ќе се врши и контрола за доставените податоци подлежечки лица за вакцинација од надлежните служби. Ќе се врши следење на појавата на поствакцинални несакани реакции со цел да се следи безбедноста на вакцините кои се користат во Р. Македонија.

**Активности:**
1. Прибирање, обработка и анализа на тримесечни, шестмесечни и годишни извештаи за спроведената вакцинација и постигнатиот опфат по ЦЈЗ/ПЕ и по потреба препораки за преземање на мерки за подобрување на состојбите.
2. Изготвување на табеларен шестмесечен извештај за вакцинален опфат по ЦЈЗ/ПЕ, по видови вакцини и ревакцини.
3. Изготвување на годишен табеларен и наративен извештај за спроведената имунизација за 2019 година во републиката, по ЦЈЗ/ПЕ, со опфат одделно за секоја вакцина/ревакцина.
4. Теренски увиди за контрола на сите аспекти во процесот на задолжителна вакцинација.
5. Прибирање, обработка и анализа на Пријавите за поствакцинални несакани реакции и подготвување на шестмесечен и годишен извештај.
6. Изготвување на Предлог Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија во 2020 година, која ќе биде доставена до МЗ во предвидениот рок до 31.10.2019.

**Извршители**: ИЈЗ во соработка со ЦЈЗ/ПЕ, ДСЗИ.

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Опфат над 95% на национално и регионално, и над 90% на локално ниво со сите вакцини предвидени во редовниот календар за имунизација;
2. Број на пристигнати и обработени тримесечни, шестмесечни и годишни извештаи за спроведената вакцинација и постигнатиот опфат по ЦЈЗ/ПЕ;
3. Број на изготвени табеларни и наративни извештаи, шестмесечни и годишни за реализираниот опфат во републиката,
4. Број на пристигнати и обработени Пријави за поствакцинални несакани реакциии и изготвени извештаи;
5. Број на реализирани теренски увиди и изготвени информации со препорачани и преземени мерки;
6. Изготвена и доставена Предлог Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија во 2020 година.

***Мерка 2.2 Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на детска парализа***

Мерката ќе се спроведува преку активниот надзор над акутна флакцидна парализа (АФП), прибирање и обработка на "Неделните извештаи за активен надзор на АФП", навремен одговор при пријава на АФП случај со цел да се одржи "статусот земја ослободена од полио".

**Активности:**
1. По добивање на итна пријава за АФП случај веднаш ќе биде направен теренски увид, при што ќе биде направена епидемиолошка анкета, проверен вакциналниот статус на пријавеното лице и неговите блиски контакти.

2. Во соработка со ЦЈЗ/ПЕ ќе биде направена контрола на опфатот на вакцинацијата против полио на подрачјето каде е регистриран случајот.
3. Ќе се обезбеди материјал за вирусолошко испитување од заболениот и неговите контакти во соработка со ЦЈЗ/ПЕ и ќе биде испратен во референтната лабораторијата на СЗО во Софија, Бугарија.
4. Во случај на откривање т.н. "жежок случај" на АФП, ИЈЗ итно ќе го извести МЗ и СЗО – Копенхаген, ќе направи теренски увид и истовремено ќе предложи итни мерки вклучувајќи дополнителна или вонредна имунизација.
5. Пополнување на "Формулари за неделно пријавување на случаи на полиомиелитис и АФП" кои се доставуваат до МЗ и неделно пријавување во CISID (Централизиран информативен систем за заразни болести) база на податоци на СЗО.
6. Изготвување на неделни, месечни, тримесечни извештаи за АФП случаи, преземени мерки во врска со нивното регистрирање и доставување до МЗ.
7. Изготвување на Годишен Извештај за спроведувањето на надзорот над АФП/полиомиелитис во земјата и остварувањето на индикаторите за успешен надзор
8. Организирање на работилница за здравствените работници со цел обновување на знаењата за пријавувањето на АФП.

**Извршители**: ИЈЗ во соработка со МЗ, ЦЈЗ/ПЕ

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Број на добиени и обработени неделни извештаи за АФП;
2. Број на изготвени и пријавени "Формулари за неделно пријавување на случаи на полиомиелитис и АФП" во CISID - дата база на СЗО;
3. Број извршени епидемиолошки увиди, епидемиолошки анкети;
4. Број на земени и испратени материјали за лабораториско тестирање во Софија;
5. Број на теренски увиди за контрола на вакцинален опфат при регистриран "жежок случај", број на доставени информации и преземени мерки на теренот;
6. Број на изготвени месечни, тримесечни и годишен извештај за спроведувањето на надзорот над АФП;
7. Изготвување на индикаторите за спроведениот надзор во 2018 година, ажурирање на две-годишниот План и доставување до МЗ и СЗО;
8. Одржана работилница за обновување на знаењата за пријавувањето на АФП.

***Мерка 2.3 Елиминација на мали сипаници и рубеола во Р. Македонија***

Континуирано ќе се имплементираат мерките и активностите за елиминација на мали сипаници и рубеола, согласно состојбата во земјата и регионот и ажурираната *Програма за елиминација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција во Република Македонија 2015-2020,* во согласност со новите цели за Европскиот Регион и Акцискиот план за елиминација на мали сипаници и конгенитална рубеола инфекција во Македонија.

**Активности:**

1. Ажурирање на Програмата за елиминација на малите сипаници и превенција на конгенитална рубеола инфекција, за период 2019-2023
2. Организирање на регионални семинари за здравствените работници со цел презентирање на актуелна состојба во Р. Македонија и целите предвидени со ажурираната Програма.
3. За секој пријавен клинички случај, веднаш ќе се обезбеди материјал за вирусолошко испитување од заболениот и контактите, и ќе се достави за анализа во вирусолошката лабораторија при ИЈЗ (СЗО референтна), за потврдување/отфрлање на дијагнозата.
4. Согласно националната програма, секој случај на исипна треска задолжително треба лабораториски да се потврди/отфрли.
5. Континуирано информирање за трендовите на движењето на мали сипаниците кај нас и во светот, како и препораки и други пишани документи на СЗО, ECDC.
6. При сомневање за појава на епидемија, се прави епидемиолошки увид на терен и се изготвува информација со препораки и предлог мерки, се изготвуваат неделни и /или месечни извештаи, според проценка.
7. Месечно пријавување во CISID дата база на Светската здравствена организација (СЗО).
8. Организирање на едукативни работилници со здравствени работници за комуникациски вештини со родители.

**Извршители**: Институт за јавно здравје, во соработка со ЦЈЗ/ПЕ.

***Индикатори (показатели на успешност):***

1. Број на одржани регионални семинари и обуки за имплементација на ажурираната Програма за елиминација на мали сипаници и рубеола, и превенција на конгенитална рубеола инфекција;
2. Број на земени материјали за лабораториска дијагноза кај клинички случаи и случаи на испини трески;
3. Број извршени епидемиолошки увиди; Број на изготвени информации со предлог мерки;
4. Број на изработени и доставени до СЗО месечни извештаи за мали сипаници/рубеола;
5. Број на изготвени неделни/месечни извештаи при појава на епидемии;
6. Број на одржани едукативни работилници со здравствени работници за комуникациски вештини со родители;
7. Број на изготвени месечни информации за трендовите на движењето на мали сипаниците кај нас и во светот;

**ЦЕЛ 3 Намалување на оптоварувањето со заразни заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода**

***Мерка 3.1 Рано откривање и одговор на кластери и епидемии предизвикани од заболувања кои се пренесуваат преку храни и вода***

**Активности:**

1. Зајакнување на лабораториски капацитети за дијагноза на микробиолошки причинители (особено вируси и токсини) на заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода.

2. Формирање на мултидисциплинарен тим за истражување на кластери и епидемии кои се пренесуваат преку храна и вода.
3. Изготвување на протокол (водич) за истражување на епидемии од заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода.
4. Спроведување на епидемиолошки истражувања со примена на аналитички методи за одредување на ризик фактори.
5. Извештаи/информации со предлог мерки за спречување на идни епидемии.
6. Обука на епидемиолошките служби за примена на аналитички методи на регионално и локално ниво.

*Извршители*: ИЈЗ во соработка со МЗ, ЦЈЗ/ПЕ, АХВ и ДСЗИ

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Обезбедени опрема и човечки ресурси за дијагноза на причинители (вируси и токсини) на заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода;
2. Формиран мултидисциплинарен тим за истражување на епидемии;
3. Изработен водич за истражување на епидемии;
4. Број на кластери/епидемии кои се испитани со примена на аналитички методи за утврдување на ризик фактори;
5. Број на изготвени извештаи/информации;
6. Број на извршени контроли/увиди на терен.

**ЦЕЛ 4 Зајакнување на системот за следење, контрола и одговор на болнички стекнатите инфекции и антимикробната резистенција**

***Мерка 4.1 Рано откривање и контрола на болнички стекнати инфекции***
**Активности:**

1. Спроведување на епидемиолошки увиди за спречување и сузбивање на болнички стекнатите инфекции (програмски и по индикации) со укажување на стручно-методолошка помош во ЦЈЗ и здравствените установи на територијата на секој ЦЈЗ.
2. По потреба, земање материјали за микробиолошки анализи со цел контрола на моменталната состојба.
3. Изготвување и доставување на информации/ извештаи до МЗ, ДСЗИ и здравствената установа каде е направен увидот и до претседателот на Комисијата за надзор над ИХИ.
4. Обуки на епидемиолози, микробиолози и членови на болничките комисии за ИХИ за доследно пријавување на случаи на ИХИ и контрола на истите.
5. Следење на резистенцијата на микроорганизмите кај пријавените случаи со болнички стекнатите инфекции кон антимикробните средства и обезбедување на податоци базирани на докази за АМР.
6. Изготвување на квартални и годишен извештај за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности.

**Извршители**: ИЈЗ во соработка со МЗ, ЦЈЗ, ДСЗИ, болници

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Број на извршени теренски увиди;
2. Број на земени материјали за микробиолошки анализи;
3. Број на информации/извештаи;
4. Изготвен нов Правилник со стандардизирана методологија и нови обрасци за известување од страна на болници и ЦЈЗ;
5. Обука на медицински професионалци од ЦЈЗ, лаборатории и болници за примена новата методологија;
6. Воведена датабаза за следење на антимикробна резистенција кај пријавените болнички стекнати инфекции;
7. Број на изготвени тромесечни извештаи и Годишен Извештај.

**ЦЕЛ 5 Одржување ниска преваленца на ХИВ, сексуално и крвно преносливи инфекции**

Мерките и активностите за заштита на населението од ХИВ во целост се опишани во Годишната Програма за заштита на населението од ХИВ за 2019 година согласно нацрт Националната стратегија за ХИВ 2017-2021.

***Мерка 5.1 Превенција на хепатитис Б и Ц на територија на ЦЈЗ/ПЕ***
**Активности:**
1. Обработка и анализа на секој случај на сексуално и крвно преносливa инфекција.
2. Водење на регистер за носителства и хронични случаи на хепатит Б и Ц по добивање на информации од ЦЈЗ/ПЕ.
3. Водење на датабаза со вкупен број на тестирани лица за хепатит Б и Ц на национално ниво.
4. Дизајн на методологија и спроведување на студија за серопреваленца за хепатит Б и Ц, со цел да се потврди пријавениот вакцинален опфат за хепатит Б, да се утврдат пропусти во вакцинацијата за хепатит Б, да се откријат осетливите групи и да се добијат податоци за преваленцата од овие две заболувања на национално ниво.
5. Формирање на мултисекторска работна група за хепатит Б и Ц која ќе работи по препораките добиени од СЗО за проценка на инциденца и преваленца, детектирање на постоечки проблеми и изнаоѓање на соодветни решенија.

**Извршители**: ИЈЗ во соработка со МЗ, здравствени институции од областа, граѓански организации

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Национален база на регистрирани случаи на хепатитис Б и Ц
2. Национална база за регистрирани случаи за СПИ
3. Формирана работна група
4. Изготвен национален акциски план
5. Број на направени и пријавени тестови за ДДСТ.

**Цел 6 Намалување на оптоварувањето со зоонози и вектор-преносливи инфекции**

***Мерка 6.1 Воспоставување на систем за рана детекција, превенција и контрола и на зоонози и вектор преносливи заболувања***

**Активности:**

1. Зајакнување на капацитетите за лабораториска дијагностика на случаи на вектор преносливи заболувања и зоонози.
2. Воспоставување на систем за редовна размена на информации меѓу АХВ и ИЈЗ.
3. Создавање на мрежи за размена на информации поврзани со зоонози и вектор преносливи заболувања со соседните земји.
4. Изготвување на месечни извештаи за за состојбата со заразни болести кои претставуваат закана за јавното здравје во Европа и Светот поврзани со зоонози и вектор преносливи заболувања со податоци од референтни меѓународни институции и организации.
5. Изготвување на стручно-методолошко упатство за превенција од појава на заразни заболувања патници кој одат на аџилак со посебен осврт на вакцинација и хемиопрофилакса согласно препораки на СЗО.
6. Преземање на сеопфатни против-епидемиски мерки при пријавен случај на маларија со теренски увид и информација до ДСЗИ и МЗ.
7. Изготвување на стручно-методолошко упатство за превенција од појава на заразни заболувања кај патници во меѓународниот сообраќај.
8. Изготвување на годишен извештај за состојбата и заболените од маларија за 2018 ќе биде изготвен доставен до СЗО и МЗ.

**Извршители:** ИЈЗ, ЦЈЗ/ПЕ, АХВ, МЗ, ДСЗИ, ЕЛС.

**Индикатори:**

1. Број на информации за изготвени оперативни планови и стручни мислења за ДДД на ниво на локална самоуправа;
2. Број на одржани координативни состаноци за размена на информации и проценка на ризик и воспоставен систем за размена на информации меѓу АХВ и ИЈЗ;
3. Изработени и доставени месечни извештаи;
4. Изготвено стручно-методолошко упатство за превенција од појава на заразни заболувања патници кој одат на аџилак;
5. Изготвено стручно-методолошко упатство за превенција од појава на заразни заболувања кај патници во меѓународниот сообраќај;
6. Број на извршени епидемиолошки увиди;
7. Број на обработени материјали за лабораториска дијагноза;
8. Изготвени информации до СЗО, ДСЗИ, МЗ;
9. Изготвен годишен извештај.

**ЦЕЛ 7 Намалување на оптоварувањето со инфлуенца и заболувања слични на инфлуенца**

***Мерка 7.1 Зајакнување на системот за надзор и одговор кон заболувања слични на грип и акутни респираторни инфекции***

**Активности:**

1. Континуирано следење на состојбата со грип и заболувања слични на грип регионално и во светски рамки.

2. Прибирање, обработка, анализа и евалуација на поединечни информации и групни пријави за грип
3. Континуиран вирολошки надзор над заболувања кои личат на грип во и вон сезона за докажување на грип и други причинители на вирусни респираторни заболувања.
4. Изготвување неделни информации за состојбата со грип преку редовниот систем за надзор и преку сентинел системот за епидемиолошки и вирολошки надзор.
5. Редовно неделно доставување на епидемиолошки и вирусолошки извештаи во базата на податоци – TESSy на Европскиот центар за превенција и контрола на заразни болести – ECDC.
6. Засилување на епидемиолошкиот и вирусолошкиот надзор преку зголемување на бројот на сентинел места за надзор над заболувања слични на грип (ИЛИ) и други акутни респираторни инфекции (АРИ) за опфат на повеќе од 2% од населението.
7. Теренски увиди во ЦЈЗ и ПЗУ/ сентинел места во и вон сезона на грип со изготвени информации.
8. Изготвување на неделни збирни извештаи за вакцинацијата против сезонски грип во текот на сезоната.
9. Изготвување и адаптирање на едукативни материјали за заштита од грип и промоција на вакцинација против грип.

**Извршители:** ИЈЗ/МЗ во соработка со ЦЈЗ/ПЕ, ЗУ

**Индикатори (показатели на успешност):**

1. Број на обработени групни и индивидуални пријави за грип;
2. Број на лабораториски испитувања за лабораториска дијагностика на грип и други респираторни инфекции;
3. Број на извршени теренски увиди;
4. Број на изготвени неделни информации од редовен и сентинел надзор и вакцинација;
5. Број на навремено доставени извештаи во базата на податоци – TESSy;
6. Број на изготвени и адаптирани едукативни материјали.

***Мерка 7.2 Зајакнување на системот за надзор и одговор во услови на многу висок интензитет на активноста на грип и при пандемија на грип***

1. При појава на пандемски грип, по потреба ќе се ревидираат и изработат стручни упатства, протоколи за следење, вакцинација на приоритетни групи, согласно Оперативниот план.
2. Во случај на пандемија, ќе се вршат теренски увиди, а за состојбата и преземените мерки, ќе бидат изготвени информации.
3. Континуирана лабораториски дијагноза од случаи сомнителни на пандемиски грип
4. Воспоставување на лабораторија со трето ниво на биосигурност (BSL-III) во рамките на Институтот за Јавно Здравје.
5. Учество во работата на стручните комисии при МЗ и редовни координативни состаноци помеѓу здравствен сектор, АХВ, ЦУК и други релевантни институции.

**Извршители:**
ИЈЗ/МЗ во соработка со ЦЈЗ/ПЕ, ДСЗИ, ЗУ АХВ, ЦУК и други релевантни институции

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Број на извршени теренски увиди;
2. Број на лабораториски испитувања;
3. Број на изготвени информации;
4. Број одржани состаноци на комисии;
5. Број на ажурирани/изготвени упатства, протоколи, водичи;
6. Формирана BSL- III лабораторија.

***Мерка 7.3 Зајакнување на системот за надзор над сериозни акутни респираторни инфекции (САРИ)***

**Активности:**
1. Подобрување на сентинел надзорот над сериозни акутни респираторни инфекции (САРИ) преку активно вклучување на клучни болници за ефикасно и ефективно следење на групите со висок ризик.
2. Лабораториска дијагностика на примероци од хоспитализирани пациенти со САРИ.
3. Извештаи за смртни случаи асоцирани со САРИ.
4. Изготвување неделни извештаи за состојбата со САРИ преку сентинел системот за надзор во текот на сезоната на грип.
5. Теренски увиди во сентинел болниците во сезона на грип со изготвени информации.
6. Спроведување на студија за проценка на оптоварувањето на здравствениот систем со САРИ.

**Извршители:** ИЈЗ во соработка со сентинел болници

**Индикатори (показатели на успешност):**
1. Број на лабораториски тестирани случаи на САРИ;
2. Број на пријави за смртни случаи заради САРИ;
3. Број на извршени теренски увиди;
4. Број на изготвени повратни неделни информации.

**Цел 8 Одржување и понатамошен тренд на намалување на оптоварувањето со туберкулоза**

Мерките и активностите за намалување на оптоварувањето со туберкулоза се претставени во посебна Програма за заштита на населението од туберкулоза и се во надлежност на Институтот за туберкулоза и белодробни заболувања и диспанзерите за ТБЦ во земјата.

**Цел 9 Систем за следење и одговор кон појава на нови и заразни болести кои повторно се јавуваат**

***Мерка 9.1 Рана детекција и одговор кон болести нови и заразни болести кои повторно се јавуваат***

**Активности:**

1. Следење на најновите стручни и научни сознанија од референтни институции (WHO, ECDC, CDC и др.) и соработка со националните институции од областа на јавно здравје од регионот (меѓу гранична соработка).
2. Подобрување на капацитетите за лабораториска дијагноза на нови и заразни болести кои повторно се јавуваат.
3. Задолжителна лабораториска дијагностика на сомнителните случаи стручно методолошка помош на ЦЈЗ/ПЕ.
4. По потреба изготвување на информации за населението, упатства за работа на здравствени установи и друг информативен едукативен материјал.

*Извршители*: ИЈЗ во соработка со МЗ и ЦЈЗ/ПЕ.

*Индикатор:*

1. Број на изготвени информации/ упатства/ препораки;
2. Број на теренски увиди;
3. Број на тестирани материјали во референтни лаборатории во и надвор од земјата.

**Цел 10 Воспоставување на систем за брза реакција во случај на епидемии и кризни состојби**

***Мерка 10.1 Обезбедување на тимови за брз одговор во случај на епидемии и кризни состојби***

**Активности:**

1. Формирање на дежурни епидемиолошки служби (систем за приправност) на ниво на ИЈЗ кои се (достапност 24/7).
2. Формирање на мулти-секторски тимови за истражување на епидемии.
3. Подготовка на Протокол на здравствен сектор со методологија на работа, чекори и надлежности при истражување на епидемии и брза реакција во кризни состојби.
4. Анализа на добиени информации при зголемен број на заболени или епидемии од страна на ЦЈЗ/ПЕ.
5. Спроведување на теренски увиди од стручни тимови на ИЈЗ при појава на зголемен број на заболени или епидемии.
6. Лабораториско тестирање на материјал за конфирмација на причинителот.
7. Изготвување и доставување до МЗ и ДСЗИ на информации со предложени и преземени против-епидемиски мерки.
8. Обука на стручни кадри од ЦЈЗ/ПЕ за примена на аналитички методи при истражување на епидемии.
9. Анализа и евалуација на Пријави и Одјави за епидемии на заразна болест од ЦЈЗ/ПЕ со континуирана обработка на доставените пријави и анкети.
10. Изготвување на годишен сумарен извештај, во рамките на годишниот извештај за заразни болести во РМ. Посебен извештај за епидемии од национален интерес се доставува и до СЗО.

***Извршители***: ИЈЗ во соработка со ЦЈЗ/ПЕ, ДСЗИ, АХВ

***Индикатори (показатели на успешност):***
1. Формирани дежурни екипи на ниво на ИЈЗ со ажурирани контакти;
2. Формирани мулти-секторски тимови за брз одговор при кризни ситуации/епидемии;
3. Изготвен протокол за здравствен сектор за истражување на епидемии и брз одговор во кризни ситуации;
4. Број на теренски епидемиолошки увиди и изготвени информации;
5. Број на обработени Пријави и Одјави на епидемија;
6. Број на обработени пријави и анкети во епидемија;
7. Број на земени материјали за лабораториско тестирање;
8. Број на одржани обуки за истражување на епидемии и број на обучени лица.

**ЗДРАВСТВЕНО-ВОСПИТНА И ЕДУКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ПУБЛИКАЦИИ**

Во врска со спречувањето и сузбивањето на заразните болести, здравствено-воспитната и едукативна активност ќе се врши преку следниве активности:

1. Стручна подготовка на соодветен информативно-едукативен материјал - брошури, летоци, постери, публикации за заразни заболувања, наменети за широката јавност и за здравствени работници.
2. Настапи/написи/интервјуа во средствата за јавно информирање (ТВ, весници, списанија), со цел едукација и информирање на пошироката јавност.
3. Редовно ажурирање на веб-страницата www.iph.mk со информации, упатства и препораки за актуелните епидемиолошки состојби со заразните болести, имунизацијата и др. информации од областа во РМ и светот.

**Извршители**: Институт за јавно здравје.

**Индикатор*:*** Број на печатени едукативни материјали, настапи во медиуми, број на информации, упатства, препораки на веб-страната на ИЈЗ.
**Извештаи и публикации:**

- Неделни извештаи за состојба со заразни болести во РМ;
- Неделни извештаи од АЛЕРТ системот;
- Неделни извештаи за состојбата со грипот во Р. Македонија и Европа;
- Месечни извештаи за закани и болести кои се превенираат со вакцинација;
- Месечни Билтени за состојбата и движењето на заразните болести во Република Македонија;
- Месечни извештаи од АЛЕРТ системот и надзор над АФП;
- Тромесечни извештаи за: АЛЕРТ, ИХИ, АФП, бруцелоза, заразни заболувања, превентивна дејност (табеларно и наративно) ;
- Шестмесечни извештаи за: АФП, опфат со задолжителна вакцинација;

- Годишен Извештај за спроведувањето на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија;
- Годишен Извештај за спроведувањето на Програмата за заштита на населението во Република Македонија од ХИВ/СИДА;
- Годишен Извештај за движењето на заразните болести во Република Македонија;
- Годишен Извештај за спроведувањето на Програмата за спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија;
- Годишен Извештај за следење на болнички стекнати инфекции;
- Годишен Извештај за спроведувањето на АЛЕРТ системот;
- Годишен Извештај за АФП надзор во РМ;
- Годишен Извештај за реализација на Националната програма за јавно здравје.

**ПЛАН ЗА РАБОТА**

| | | |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМА: НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ за 2019 година – Контрола и превенција на заразни болести** | | |
| **Цел на програмата: Главна цел на Програмата за 2019 година е да се намали оптоварувањето од заразните заболувања во Република Македонија.** | | |
| Согласно Стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, Програмата на Владата за 2017-2020 и анализата на состојбата во земјата и регионот приоритетни цели за превенција, контрола и одговор на заразните заболувања се:<br>1. Зајакнување и подобрување на ефикасноста на системот за следење на заразни болести.<br>2. Подобрување на состојбата со задолжителната имунизацијата и намалување на бројот на заболени од вакцино-превентабилните болести.<br>3. Намалување на оптоварувањето со заразни заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода.<br>4. Зајакнување на системот за следење, контрола и одговор на болнички стекнатите инфекции и антимикробната резистенција.<br>5. Одржување ниска преваленца на ХИВ, сексуално и крвно преносливи инфекции.<br>6. Превенција и контрола на зоонози и вектор-преносливи инфекции.<br>7. Намалување на оптоварувањето со инфлуенца и заболувања слични на инфлуенца.<br>8. Одржување и понатамошен тренд на намалување на оптоварувањето со туберкулоза.<br>9. Систем за следење и одговор кон нови и заразни болести кои повторно се појавуваат.<br>10. Воспоставување на систем за брза реакција во случај на епидемии и кризни состојби. | | |
| **Показател за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
| 1. Инциденца на заразни заболувања кои подлежат на задолжително пријавување | 1. Инциденца од заразни заболувања од 1.115,3/100.000 | Да се одржат ниските стапки на морталитет и инциденца од заразни болести |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Опфат со задолжителна имунизација и инциденца на вакцино-превентабилни заболувања | 2. Поединечен опфат со вакцини под 92% | Опфат со секоја поединечна вакцина над 95% |
| 3. Морталитет од заразни заболувања | 3. Морталитет 0,3/100.000 | Да се одреди нова појдовна основа по за инциденца и морталитет по воведување на електронски систем за пријавување |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | |
| **ЦЕЛ 1. Зајакнување и подобрување на ефикасноста на системот на следење на заразни болести** | | | | | | |
| Собирање, обработка и анализа на пријави за заразни заболувања и пријави за изолиран/докажан микробиолошки причинител на заразна болест | Секојдневно прибирање и анализирање на индивидуални пријави за заразни болести во електронски систем и соодветни книги за евиденција | 6210 | 6380 | 6480 | 6320 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Обработка на пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест во електронски систем за евиденција и соодветни книги за евиденција | 1225 | 1240 | 1240 | 1220 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Во зависност од епидемиолошката ситуација. во сите ЦЈЗ и нивни ПЕ се изготвуваат епидемиолошки анкети и истите навремено се доставуваат до ИЈЗ | 470 | 510 | 510 | 480 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Спроведување на теренски увиди во клиничките установи и кај матичните доктори. за контрола на пријавување и евиденција на заразни заболувања и микробиолошки докажани причинители на заразни болести | 37 | 11 | 36 | 12 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Водење на национална база на индивидуални пријави за заразни заболувања. микробиолошки изолати и анкети | 3 | 3 | 3 | 3 | ИЈЗ |
| | Изработка на месечни табеларни и наративни извештаи. годишни извештаи за заразни болести на ниво на ЦЈЗ/ПЕ | 10+10 | 10 | 10 | 10 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изработка на Национален месечен билтен. квартален и годишен извештај | 3+1+1 | 3+1 | 3+1 | 3+1 | ИЈЗ |
| | Спроведување на теренски увиди во Центрите за јавно здравје и нивните подрачни единици за верификација. контрола и стручно методолошка помош. | 15 | 15 | 15 | 15 | ИЈЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување на предлог Национална програма за јавно здравје во Република Македонија за 2020 година | | | | 1 | ИЈЗ |
| Воведување и одржување на интегриран информациски систем за следење на заразни болести | Надградба на информацискиот здравствен систем со модул за заразни болести. со што ќе се овозможи следење на заразните болести во момент кога ќе биде генерирана пријавата и навремена детекција и одговор при евентуалните кластери на заразни болести | 1 | 1 | | | Управата за електронско здравство |
| | Обуки за примена на дефиниција на случај. согласно законска регулатива и критериуми на Европскиот центар за контрола и превенција на заразни болести | | | 1 | 1 | ИЈЗ |
| | Обука на корисниците за употреба на системот во сите ЦЈЗ/ПЕ | 0 | 1 | 0 | 0 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Пилотирање на системот на ниво на ЦЈЗ/ПЕ | 0 | 5 | 5 | 5 | ЦЈЗ/ПЕ |
| Рано известување и предупредување преку следење на синдроми на заразни болести (АЛЕРТ-систем) | Теренски увид од страна на ЦЈЗ/ПЕ. при појава на алерт од одреден синдром | 15 | 15 | 15 | 15 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Доставен извештај до ИЈЗ за резултатите. причинителот и преземените мерки за сузбивање на заболувањето по извршениот увид од страна на ЦЈЗ/ПЕ | 10 | 10 | 10 | 10 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изработување на неделни извештаи за АЛЕРТ системот на ниво на ЦЈЗ | 403 | 403 | 403 | 403 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Неделни. месечни. квартален и годишен национален извештај | 13+3+1+1 | 13+1+1 | 13+1+1 | 13+1+1 | ИЈЗ |

| ЦЕЛ 2 Подобрување на состојбата со задолжителната имунизацијата и намалување на бројот на заболени од вакцино-превентабилните болести | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Контрола и евалуација на задолжителната вакцинација | Спроведување на активности за промоција на придобивките од имунизацијата кај населението | 26 | 26 | 26 | 26 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Теренски увиди за контрола на студен синџир и опфат во вакцинални пунктови и породилишта | 77 | 77 | 77 | 77 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Пребарување на невакцинирани лица и организирање на активности за нивна вакцинација | 10 | 10 | 10 | 10 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Теренски увид и изготвување на информација по пријава за поствакцинална несакана реакција | 14 | 15 | 14 | 15 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изготвување на квартални и шестмесечен табеларни извештај за вакцинален опфат по ЦЈЗ/ПЕ. по видови вакцини и ревакцини | 10+10 | 10 | 10+10 | 10 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изготвување на табеларен шестмесечен извештај за вакцинален опфат на ниво на РМ | 0 | 1 | 0 | 1 | ИЈЗ |
| | Изготвување на годишен табеларен и наративен извештај за спроведената имунизација за 2019 во ЦЈЗ/ПЕ. со опфат одделно за секоја вакцина/ревакцина | 10 | 0 | 0 | 0 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изготвување на годишен табеларен и наративен извештај за спроведената имунизација во републиката | 1 | 0 | 0 | 0 | ИЈЗ |
| | Прибирање. обработка и анализа на Пријавите за поствакцинални несакани реакции и подготвување на шестмесечен и годишен извештај | 1 | 1 | 0 | 1 | ИЈЗ |
| | Изготвување на Предлог Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија во 2020 година | 0 | 0 | 0 | 1 | ИЈЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на детска парализа | Прибирање и обработка на неделни извештаи за АФП од болниците | 165 | 165 | 165 | 165 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изготвување на неделни. месечни. тримесечни и Годишен извештај за АФП случаи. преземени мерки во врска со нивното регистрирање | 13+3+1+1 | 13+3+1 | 13+3+1 | 13+3+1 | ИЈЗ |
| | По добивање на итна пријава за АФП ИЈЗ /ЦЈЗ прави теренски увид и прави епидемиолошки анкети за АФП случаи/контакти | 1 | 2 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| | ЦЈЗ/ПЕ ќе изврши увид во вакциналните пунктови за проверка на опфатот со вакцина против полио од блиските контакти на АФП случајот - деца на возраст до 15 години зема материјал за вирусолошко испитување | 5 | 5 | 5 | 5 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | ИЈЗ врши вирусолошко испитување и согласно правилата го транспортира до референтна лабораторија на СЗО | 1 | 2 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| Спроведување на активности за елиминација на мали сипаници и рубеола во Р. Македонија | Ажурирање на Програмата за елиминација на малите сипаници и превенција на конгенитална рубеола инфекција. за период 2019-2023 | 0 | 1 | 0 | 0 | ИЈЗ |
| | Организирање на регионални семинари за здравствените работници со цел презентирање на актуелна состојба во Р. Македонија и целите предвидени со ажурираната Програма | 0 | 2 | 2 | 1 | ИЈЗ |
| | Континуирано следење на вакцинацијата со МРП вакцината | 13 | 13 | 13 | 12 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изработка на епидемиолошки анкети за секој случај на мали сипаници и/или рубеола. и земање биолошки и навремено доставување до ИЈЗ | 11 | 11 | 9 | 13 | ЦЈЗ/ПЕ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вирусолошко испитување од заболениот и контактите и ќе се достави за анализа во вирусолошката лабораторија при ИЈЗ за класификација на случајот | 33 | 37 | 31 | 39 | ИЈЗ |
| | При сомневање за појава на епидемија. се прави епидемиолошки увид на терен и се изготвува информација и се информира МЗ/ИЈЗ | 1 | 1 | 1 | 1 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Национална датабаза на случаи со мали сипаници и рубеола | 1 | 1 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| | Координација и континуирано следење на сите активности на регионално и локално ниво. спроведување на теренски увиди и предлагање и преземање на мерки и активности | 2 | 2 | 3 | 3 | ИЈЗ |
| | Континуирано информирање за трендовите на движењето на мали сипаници и други ВПД кај нас и во светот | 3 | 3 | 3 | 3 | ИЈЗ |
| | Организирање на активности на ниво на ЦЈЗ/ПЕ за подигање на свеста здравствените работници и родителите за безбедноста и бенефитите на МРП вакцината | 5 | 7 | 5 | 7 | ИЈЗ/ЦЈЗ/ПЕ |
| **ЦЕЛ 3 Намалување на оптоварувањето со заразни заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода** | | | | | | |
| Рано откривање и одговор на кластери и епидемии предизвикани од заболувања кои се пренесуваат преку храни и вода | Изготвување на протокол (водич) за истражување на епидемии од заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода. | 1 | 0 | 0 | 0 | ИЈЗ |
| | Обука на епидемиолошките служби за примена на аналитички методи на регионално и локално ниво | 1 | 0 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| | Детекција анализа на потенцијални кластери | 2 | 10 | 10 | 2 | ЦЈЗ/ПЕ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вршење на теренски увид при зголемен број на заболени од заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода и изготвени информации со предлог мерки | 5 | 25 | 25 | 5 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Обезбедување на материјал за потврда. а по потреба и за конфирмација на причинителот во микробиолошките лаборатории на ИЈЗ | 65 | 105 | 125 | 65 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Следење на бацилоносителството врз основа на законските прописи. на лица кои прележале цревен тифус. паратифус. бациларна дизентерија и салмонелоза при што ќе бидат направени епидемиолошки анкети и лабораториски испитувања | 50 | 120 | 120 | 50 | ЦЈЗ/ПЕ |
| **ЦЕЛ 4 Зајакнување на системот за следење, контрола и одговор на болнички стекнатите инфекции и антимикробната резистенција** | | | | | | |
| Рано откривање и контрола на болнички стекнати инфекции | Изготвување на Правилник за епидемиолошки надзор над појава на болнички стекнати инфекции. базиран на медицина на докази. воведување и придржување кон дефиниција за случај за ИХИ | 0 | 1 | 0 | 0 | ИЈЗ |
| | Обуки на епидемиолози. микробиолози и членови на болничките комисии за ИХИ за доследно пријавување на случаи на ИХИ и контрола на истите | 0 | 2 | 2 | 1 | ИЈЗ |
| | Спроведување на епидемиолошки увиди (програмски и по индикации) на територијата на секој ЦЈЗ за следење на болнички стекнатите инфекции и изработка на информации | 116 | 116 | 116 | 116 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Земање материјали за микробиолошки анализи со цел контрола на моменталната состојба | 580 | 580 | 580 | 580 | ЦЈЗ/ПЕ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Докажување на резистенција на микроорганизмите кон антимикробните средства од пациенти со болнички стекната инфекција во лабораториите на ЦЈЗ/ПЕ. Водење на соодветна датабаза и навремено испраќање до ИЈЗ | 9 | 11 | 11 | 11 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Воведена датабаза за следење на антимикробна резистенција кај пријавените болнички стекнати инфекции | 1 | 1 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| | Изготвување на квартални и годишен извештај за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности на ниво на ЦЈЗ | 10+10 | 10 | 10 | 10 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изготвување на квартални и годишен извештај за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности | 1+1 | 1 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| **ЦЕЛ 5 Одржување ниска преваленца на ХИВ, сексуално и крвно преносливи инфекции** | | | | | | |
| Превенција на хепатитис Б и Ц на територија на ЦЈЗ/ПЕ | Обработка на пријави. направени теренски увиди и изготвување на епидемиолошка анкета за пријавени случаи на вирусен хепатит Б или Ц | 46 | 45 | 46 | 46 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Водење на евиденција за секое носителство или хронична болест од овие хепатити и достава на истите до ИЈЗ | 20 | 20 | 20 | 20 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Водење на регистер за носителства и хронични случаи на хепатит Б и Ц на ниво на РМ | 1 | 1 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| | Водење на годишна евиденција за вкупен број на тестирани лица за хепатит Б и Ц на територијата која ја покрива ЦЈЗ (позитивни и негативни) – шестмесечен извештај | 10 | 0 | 10 | 0 | ЦЈЗ/ПЕ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водење на датабаза со вкупен број на тестирани лица за хепатит Б и Ц на национално ниво | 1 | 0 | 1 | 0 | ИЈЗ |
| | Формирање на мултисекторска работна група за хепатит Б и Ц која ќе работи по препораките добиени од СЗО за проценка на инциденца и преваленца. детектирање на постоечки проблеми и изнаоѓање на соодветни решенија | 1 | 0 | 0 | 0 | ИЈЗ/МЗ |
| Подобрување на системот за надзор над сексуално преносливи инфекции | Навремено доставување на пријава и анкета до ИЈЗ. за секој случај на СПИ на територија на ЦЈЗ/ПЕ | 15 | 15 | 15 | 15 | ЦЈЗ/ПЕ |
| **ЦЕЛ 6 Намалување на оптоварувањето со зоонози и вектор-преносливи инфекции** | | | | | | |
| Воспоставување на систем за превенција и контрола и на зоонози и вектор преносливи заболувања | Подготовка на оперативни планови за ДДД на ниво на локална самоуправа | 88 | 0 | 0 | 0 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Спроведување и контрола на дезинсекција против комарци на територијата на РМ (по општини). согласно Акциониот план за превенција од ВПБ - Информации за спроведена дезинсекција | 6 | 80 | 72 | 6 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Координирање и континуирано следење на преземањето на мерки и активности согласно Акциониот План за справување со вектор преносливи болести (ВПБ). односно извршена дезинсекција против комарци на територијата на РМ (по општини) | 1 | 5 | 13 | 1 | ИЈЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Задолжително теренско истражување при пријавен случај на зоонози и ВПБ. Обезбедување на материјал за лабораториска дијагностика на случаи на зоонози и вектор преносливи заболувања. Доставување на пријава. епидемиолошка анкета до ИЈЗ. Изготвување на информација и навремено известување на ИЈЗ и/или други надлежни институции за појава на случај и теренско истражување | 13 | 25 | 25 | 13 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Земање на материјал за дијагностика од лицата кои се враќаат од земји со ендемска маларија (согласно СЗО водич за патници во меѓународен сообраќај) | 55 | 225 | 225 | 55 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Дезинфекција по епидемиолошки индикации по м2 | 50000 | 50000 | 50000 | 50000 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Дератизација по епидемиолошки индикации по мамец | 800 | 800 | 800 | 800 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Дезинсекција по епидемиолошки индикации | 5000 | 5000 | 5000 | 5000 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Воспоставување на систем за редовна размена на информации меѓу АХВ и ИЈЗ | 1 | 0 | 0 | 0 | ИЈЗ |
| | Создавање на мрежи за размена на информации поврзани со зоонози и вектор преносливи заболувања со соседните земји | 1 | 0 | 0 | 0 | ИЈЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување на месечни извештаи за за состојбата со заразни болести кои претставуваат закана за јавното здравје во Европа и Светот поврзани со зоонози и вектор преносливи заболувања со податоци од референтни меѓународни институции и организации | 3 | 3 | 3 | 3 | ИЈЗ |
| | Изготвување на стручно-методолошко упатство за превенција од појава на заразни заболувања патници кој одат на аџилак со посебен осврт на вакцинација и хемиопрофилакса согласно препораки на СЗО | 0 | 0 | 1 | 0 | ИЈЗ |
| | Стручно-методолошка помош на ЦЈЗ/ПЕ при пријавен случај на маларија со теренски увид и информација до ДСЗИ и МЗ | 2 | 2 | 2 | 2 | ИЈЗ |
| | Изготвување на годишен извештај за состојбата и заболените од маларија | 1 | 0 | 0 | 0 | ИЈЗ |
| **ЦЕЛ 7 Намалување на оптоварувањето со инфлуенца и заболувања слични на инфлуенца** | | | | | | |
| Зајакнување на системот за надзор и одговор кон заболувања слични на грип и акутни респираторни инфекции | ЦЈЗ/ПЕ во сезоната на грип континуирано ќе вршат прибирање и обработка на индивидуални и групни пријави за грип на ниво на ЦЈЗ/ПЕ | 2970 | 2029 | 75 | 2654 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изготвување неделни информации за состојбата со грип преку редовниот и сентинел систем за надзор и извештаи за вакцинацијата против сезонски грип | 13+13 | 7+13 | 0+13 | 13+13+10 | ИЈЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЦЈЗ/ПЕ во сезоната ќе обезбеди материјали од лица со симптоми на грип или слични на грип/ акутни респираторни инфекции за лабораториска дијагностика | 83 | 35 | 0 | 45 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Лабораториско испитување за докажување на грип и други причинители на вирусни респираторни заболувања во ИЈЗ | 80 | 30 | 10 | 80 | ИЈЗ |
| | Изготвување и адаптирање на едукативни материјали за заштита од грип и промоција на вакцинација против грип | 1 | 0 | 1 | 0 | ИЈЗ |
| | Набавка на вакцини против сезонски грип пред отпочнување на сезоната ЦЈЗ/ПЕ | 0 | 0 | 50000 | 0 | МЗ |
| | Мониторинг и евалуација на сентинел системот за надзор над ИЛИ/АРИ | 1 | 1 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| Зајакнување на системот за надзор и одговор во услови на многу висок интензитет на активноста на грип и при пандемија на грип | При појава на пандемски грип. по потреба ќе се ревидираат и изработат стручни упатства. протоколи за следење. вакцинација на приоритетни групи. согласно Оперативниот план | 0 | 0 | 1 | 0 | ИЈЗ |
| | Воспоставување на лабораторија со трето ниво на биосигурност (BSL-III) во рамките на Институтот за Јавно Здравје | 0 | 0 | 1 | 0 | ИЈЗ |
| | Континуирана лабораториски дијагноза од случаи сомнителни на пандемиски грип | 5 | 5 | 5 | 5 | ИЈЗ |
| Зајакнување на системот за надзор над сериозни акутни респираторни инфекции (САРИ) | Следење на појава на сериозни респираторни инфекции (САРИ) на ниво на ЦЈЗ/ПЕ. | 11 | 5 | 0 | 5 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Навремено пријавување на САРИ до ИЈЗ. | 11 | 5 | 0 | 5 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Лабораториско тестирање на материјал од хоспитализираните пациенти. | 11 | 5 | 0 | 5 | ИЈЗ |
| | Теренски увид во болницата каде е регистриран САРИ случајот. | 5 | 1 | 0 | 2 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Извештај од теренскиот увид | 5 | 1 | 0 | 2 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Изготвување неделни извештаи за состојбата со САРИ преку сентинел системот за надзор во текот на сезоната на грип | 13 | 7 | 0 | 13 | ИЈЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 8 Одржување и понатамошен тренд на намалување на оптоварувањето со туберкулоза - Посебна Програма** | | | | | | |
| **ЦЕЛ 9 Систем за следење и одговор кон појава на нови и заразни болести кои повторно се јавуваат** | | | | | | |
| Рана детекција и одговор кон болести нови и заразни болести кои повторно се јавуваат | ЦЈЗ/ПЕ ќе изврши епидемиолошки теренски увиди при појава на случаи на нови заболувања или заболувања кои повторно се појавуваат и ќе достави информација до ИЈЗ и ќе обезбеди материјал за лабораториско испитување и по потреба ќе го достави до ИЈЗ | 9 | 8 | 9 | 8 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Задолжителна лабораториска дијагностика на сомнителните случаи | 12 | 12 | 12 | 12 | ИЈЗ |
| | Следење на најновите стручни и научни сознанија од референтни институции и изготвување на периодични информации за состојбата со овие заболувања во земјата и светот | 3 | 3 | 3 | 3 | ИЈЗ |
| | По потреба во соработка со ИЈЗ ќе се изготват информации за населението. упатства за работа на здравствени установи и друг информативен материјал | 3 | 3 | 3 | 3 | ИЈЗ/ЦЈЗ/ПЕ |
| | Соработка со националните институции од областа на јавно здравје од регионот (меѓу гранична соработка) | 1 | 1 | 1 | 1 | ИЈЗ |
| **ЦЕЛ 10 Воспоставување на систем за брза реакција во случај на епидемии и кризни состојби** | | | | | | |
| Обезбедување на 24/7 тимови за брз одговор во случај ан епидемии и кризни состојби | Воведување на систем за приправност на епидемиолошката служба при ЦЈЗ/ПЕ | 10 | 10 | 10 | 10 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Формирање на дежурни епидемиолошки служби (систем за приправност) на ниво на ИЈЗ кои се достапност 24/7 | 1 | 1 | 1 | 1 | ИЈЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вршење на епидемиолошки истражувања. согласно протокол за истражување на епидемии и брза реакција во кризни состојби и земање на материјал за лабораториско докажување/потврдување на причинителот. Изготвување на информации и доставување до ИЈЗ. МЗ. АХВ и ДСЗИ | 5 | 5 | 5 | 5 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Лабораториско тестирање на материјал за конфирмација на причинителот | 29 | 42 | 32 | 39 | ИЈЗ |
| | Изработка и доставување на Пријави и Одјави за епидемии на заразна болест од ЦЈЗ/ПЕ до ИЈЗ | 9 | 10 | 8 | 9 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Анализа и евалуација на Пријави и Одјави за епидемии на заразна болест од ЦЈЗ/ПЕ со континуирана обработка на доставените пријави и анкети | 9 | 10 | 8 | 9 | ИЈЗ |
| **ЗДРАВСТВЕНО-ВОСПИТНА И ЕДУКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ПУБЛИКАЦИИ** | | | | | | |
| Континуирана здравствено-воспитна и едукативна дејност во врска со спречувањето и сузбивањето на заразните болести | Изготвување на информативно-едукативен материјал - брошури. флаери. постери. публикации за заразни заболувања. наменет за широката јавност и здравствени работници | 1 | 1 | 1 | 1 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Стручна подготовка на соодветен информативно-едукативен материјал - брошури. летоци. постери. публикации за заразни заболувања. наменети за широката јавност и за здравствени работници | 3 | 3 | 3 | 3 | ИЈЗ |
| | Настапи/написи/интервјуа во средствата за јавно информирање (ТВ. весници. списанија). со цел информација и едукација на пошироката јавност | 56 | 46 | 46 | 46 | ЦЈЗ/ПЕ |
| | Настапи/написи/интервјуа во средствата за јавно информирање (ТВ. весници. списанија). со цел информација и едукација на пошироката јавност | 30 | 20 | 20 | 30 | ИЈЗ |

**ХИГИЕНА И ЗДРАВСТВЕНА ЕКОЛОГИЈА**

## IV. Приоритетни цели на програмата

**Главна цел на Програмата за 2019 година е да се намали оптоварувањето од факторите на ризик за појава на заразните и незаразните болести во Република Македонија.**

Една од трите стратегиски цели на Стратегијата здравје до 2020 на Република Македонија е „заштита на здравјето и благосостојбата од ризиците на животната средина кои потекнуваат од климатските промени, воздух, вода, почва, хемикалии, азбест, итн.“.

Согласно Стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, Програмата на Владата за 2017-2020 и анализата на состојбата во земјата и регионот приоритетни цели во областа на здравствената екологија, хигиената на храна и исхрана и безбедноста на работно место се:

1. Сите фактори поврзани со здравјето се вклучени во политиките за животната средина
2. Намалување на сите видови здравствени нееднаквости поврзани со животната средина
3. Намалување на модифицирачките фактори на ризик за појава на незаразни болести, односно на несоодветната исхрана, зголемената телесна тежина, дебелината и физичката неактивност.
4. Намалување на микробиолошката контаминација во објектите за колективна исхрана наменета за вулнерабилните групи од популацијата.
5. Намалување на алиментарниот дневен внес на хемиски контаминенти - метали и микотоксини - со храната и специфични препораки за населението.
6. Намалување на изложеност на населението на бучава во животната средина и со тоа болестите поврзани со бучава.
7. Идентификација и превенција на ризик факторите во работната средина и намалување на преваленцијата на професионалните болести.

Стратегиската основа за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени со Акциски План (МЗ, 2011а) е усвоена од страна на Владата на Република Македонија во 2011 година, во која се дефинирани следниве приоритетни области на дејствување:

- Зголемување на свесноста кај луѓето за климатските промени и нивното влијание врз здравјето во Република Македонија
- Идентификација, регистрирање и следење на ризиците поврзани со климатските промени и нивното влијание врз здравјето на луѓето
- Унапредување на здравствениот систем во промоцијата и превенцијата

## V. Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:

1. Анализа за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење
2. Следење на квалитетот на водата за пиење од водоснабдителните системи во училиштата, состојбата на санитација и хигиената кај децата во училиштата
3. Следење на безбедноста на водата за пиење во однос на потенцијална контаминација со вируси
4. Анализа за проценката на здравствениот ризик од површинските води и од водите за рекреативно капење
5. Утврдување на квалитетот и безбедноста на водата за пиење после кондиционирање на површински води кои се наменети за вода за пиење во Филтер станиците

6. Проценка на ризикот од хигиенскиот квалитет на воздухот врз здравјето на изложеното население преку оцена на морбидитетот на респираторните заболувања кај предучилишни и училишни деца
7. Подготовка на мислења и стручна проценка на елаборати од областа на животната средина
8. Утврдување на одговор на климатските промени во однос на топлотни и студени бранови за превенција од потенцијални штетни здравствени ефекти
9. Следење на биолошкиот квалитет на исхраната
10. Следење на нутритивниот статус кај деца
11. Проценка на просечниот дневен внес на макро и микронутриенси на населението
12. Анализа на безбедност на храната во објекти за колективна исхрана за вулнерабилни групи, како што се деца, ученици, студенти, болни лица, стари лица
13. Проценка на дневниот внес на метали и микотоксини со храната од пазар од домашно земјоделско производство во различни региони
14. Проценка на здравствениот ризик од бучавата во животната средина во одредени градови во РМ
15. Инциденца и преваленца на професионални болести
16. Инциденца на повреди на работа
17. Вид и обем на извршена работа во овластените установи за медицина на труд

**ПРОГРАМА: Национална годишна програма за јавно здравје - дел хигиена и здравствена екологија**

**Главна цел: Да се намали оптоварувањето на населението предизвикано од пореметувањето на здравствено-еколошката рамнотежа, небезбедната храна и исхраната во РМ**

**Посебна цел: Спроведување на највисоко ниво на стручност и професионалност на активностите во областите хигиена и здравствена екологија во Центрите за јавно здравје во РМ**

| | | |
|---|---|---|
| **Показател за успешност:** Извештаи согласно увидите за мониторинг и стручно-методолошка помош на ЦЈЗ | **Појдовна основа:** ЦЈЗ ги спроведуваат активностите согласно НГПЈЗ во делот на хигиена и здравствена екологија | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Најголемо можно доближување до квалитетот на стручна пракса предвиден со националните препораки, легислативата и меѓународните водичи од областа на хигиената и здравствената екологија |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Организациски облик/лице** |
| Целосно спроведување на НГПЈЗ, во делот на хигиена и здравствена екологија, од страна на ЦЈЗ во РМ | Спроведување на квартален мониторинг | X | X | X | X | Сектор за здравствена екологија при ИЈЗРМ |
| | Спроведување на стручно-методолошка помош | X | X | X | X | |

**ПРОГРАМА: Национална годишна програма за јавно здравје - дел хигиена и здравствена екологија**

**Главна цел: Да се намали оптоварувањето од ризик факторите за незаразните болести во Република Македонија**

**Посебна цел: Следење на биолошкиот квалитет на исхраната**

| | | |
|---|---|---|
| **Показател за успешност:** Макро и микронутритивен состав на исхраната во установи за згрижување на предучилишни деца, основни училишта, ученички и студентски домови, домови за згрижување на стари лица и болници | **Појдовна основа:** Квалитетот на оброците не е во согласност со препораките и легислативата за квалитет на оброци за односните популации | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Најголемо можно доближување до квалитетот предвиден со националните препораки и легислатива за квалитет на оброци за односните популации |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | |
| Карактеристики на билошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, основни училишта, ученички и студентски домови, домови за згрижување на стари лица и болници во регионите кои ги покриваат центрите за јавно здравје во РМ | Контрола на квалитет на 5 дневни оброци во предучилишните установи | X | X | X | X | Одделенија за хигиена во 10 ЦЈЗ во РМ согласно планот Испратен до нив од страна на ИЈЗРМ |
| | Контрола на квалитет на 5 дневни оброци во училиштата со организирана целодневна исхрана | | X | | X | |
| | Контрола на 7 дневни оброци во ученичките и студентските домови | | X | | X | |
| | Контрола на 7 дневни оброци во домовите за згрижување на стари лица | X | X | X | X | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Контрола на квалитет на 9 дневни оброци во болници | X | X | X | X | |
| Карактеристики на билошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, основни училишта, ученички и студентски домови, домови за згрижување на стари лица и болници во РМ | Сублимиран извештај за биолошкиот квалитет на исхраната кај засегнатите популации на целата територија на државата за претходната година | X | | | | Одделение за физиологија и мониторинг на исхрана при ИЈЗРМ |

<table>
<tr><td colspan="7">ПРОГРАМА: Национална годишна програма за јавно здравје - дел хигиена и здравствена екологија</td></tr>
<tr><td colspan="7">Главна цел: Да се намали оптоварувањето од ризик факторите за незаразните болести во Република Македонија<br>Посебна цел: Следење на нутритивниот статус кај деца</td></tr>
<tr><td colspan="3">Показател за успешност: Преваленца на неухранетост, зголемена телесна тежина и дебелина кај деца</td><td colspan="2">Појдовна основа: Преваленца на зголемена телесна тежина дебелина кај деца: предучилишни (27,8%), второ одд. (36,7%), петто одд. (43,6%), прва год. (29,5%).</td><td colspan="2">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: Елиминирање на неухранетоста и стабилизирање и намалување на преваленцата на дебелина кај децата</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Мерки</td><td rowspan="2">Активности</td><td colspan="4">Временска рамка за спроведување</td><td rowspan="2">Организациски облик/лице</td></tr>
<tr><td>Квартал 1</td><td>Квартал 2</td><td>Квартал 3</td><td>Квартал 4</td></tr>
<tr><td>Утврдување на нутритивниот статус кај деца од предучилишна возраст (4-5 год)</td><td>Антропометриски мерења на деца од предучилишна возраст (4-5 год)</td><td>X</td><td></td><td></td><td></td><td rowspan="4">Одделенија за хигиена во 10 ЦЈЗ во РМ согласно планот Испратен до нив од страна на ИЈЗРМ</td></tr>
<tr><td>Утврдување на нутритивниот статус кај деца од второ одделение</td><td>Антропометриски мерења на деца од второ одделение</td><td></td><td>X</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Утврдување на нутритивниот статус кај деца од петто одделение</td><td>Антропометриски мерења на деца од петто одделение</td><td></td><td></td><td>X</td><td></td></tr>
<tr><td>Утврдување на нутритивниот статус кај деца прва година средно училиште</td><td>Антропометриски мерења на деца од прва година средно училиште</td><td></td><td></td><td></td><td>X</td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување на нутритивниот статус кај децата во РМ | Сублимиран извештај за карактеристиките на нутритивниот статус кај засегнатите популации на целата територија на државата за претходната година | X | | | | Одделение за физиологија и мониторинг на исхрана при ИЈЗРМ |

<table>
<tr><td colspan="7">ПРОГРАМА: Национална годишна програма за јавно здравје – дел хигиена и здравствена екологија</td></tr>
<tr><td colspan="7">Главна цел: Да се намали оптоварувањето од ризик факторите за незаразните болести во Република Македонија<br>Посебна цел: Проценка на просечниот дневен внес на макро и микронутриенси на населението во РМ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показател за успешност: Просечен дневен внес на макро и микронутриенси на населението во РМ</td><td colspan="2">Појдовна основа: Зголемен внес на заситени масти, транс масти, шеќери и сол</td><td colspan="3">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: Намалување на внесот на заситени масти, шеќери и сол и елиминирање на внесот на индустриски произведените транс масни киселини</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Мерки</td><td rowspan="2">Активности</td><td colspan="4">Временска рамка за спроведување</td><td></td></tr>
<tr><td>Квартал 1</td><td>Квартал 2</td><td>Квартал 3</td><td>Квартал 4</td><td>Организациски облик/лице</td></tr>
<tr><td>Утврдување на просечен дневен внес на макро и микронутриенси на населението во РМ</td><td>Нутритивна анализа и пресметка согласно извештај на Заводот за статистика</td><td></td><td></td><td></td><td>X</td><td>Одделение за физиологија и мониторинг на исхрана при ИЈЗРМ</td></tr>
<tr><td colspan="7">ПРОГРАМА: Национална годишна програма за јавно здравје - дел хигиена и здравствена екологија</td></tr>
<tr><td colspan="7">Главна цел: Да се намали здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење<br>Посебна цел: Процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показател за успешност: Процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење и водоснабдувањето како и воспоставување на здравствена евиденција на водоснабдувањето на населението</td><td colspan="2">Појдовна основа: Квалитетот на водата за пиење во јавните водоснабдителни системи во руралните населени места (села со сопствен водовод – 32,2% бактериолошки неисправни примероци на вода за пиење во 2017) и индивидуалните</td><td colspan="3">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: Најголемо можно доближување до квалитетот предвиден со националната легислатива за квалитет на водата за пиење во функција на подобро здравје на населението</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | водоснабдителни системи (села без водовод - 45,6% бактериолошки неисправни примероци на вода за пиење во 2017) не е во согласност со препораките и легислативата за квалитет на водата за пиење | |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Организациски облик/лице |
| Анализа за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење, согласно програмските активности и извршените санитарно-хигиенски увиди, проценка на ризик и анализи спроведени со договор помеѓу центрите и организациите за јавно водоснабдување во | Контрола на квалитет на водата за пиење во јавните водоснабдителни објекти | | X | | X | Одделенија за хигиена во 10 ЦЈЗ во РМ согласно планот Испратен до нив од страна на ИЈЗРМ |
| | Контрола на квалитет на водата за пиење во населените места без јавни водоснабдителни објекти | | X | | X | |
| | Санитарно-хигиенски увиди околу извориштатата за јавно водоснабдување за проценка на ризикот од можно загадување | | X | | X | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| регионите кои ги покриваат центрите за јавно здравје во РМ | Сублимиран извештај за квалитетот на водата за пиење кај засегнатите популации на целата територија на државата за претходната година | X * | | | | Одделение за безбедност на вода и санитација на животната средина при ИЈЗРМ |

* На крај на првиот квартал од 2020 година

**ПРОГРАМА:** Национална годишна програма за јавно здравје - дел хигиена и здравствена екологија

**Главна цел: Да се унапреди здравјето на училишната популација преку намалување на оптоварувањето од ризик факторите за заразни болести преку подобрување на водоснабдувањето, санитацијата и хигиената**

**Посебна цел: Следење на состојбата со водоснабдување, санитација и хигиена во училиштата**

| **Показател за успешност:** Квалитет на водата за пиење, состојба на санитацијата и одржувањето на личната хигиена кај училишната популација | **Појдовна основа:** Квалитетот на водата за пиење, санитацијата и хигиената во училиштата во руралните населени места не е во согласност со препораките и легислативата | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Подобрување на санитарно-хигиенската состојба во училиштата во РМ за унапредување на здрава училишна средина во функција на зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација |
|---|---|---|

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Организациски облик/лице** |
| Утврдување на квалитетот на водата за пиење од водоснабдителните системи во училиштата | Следење на квалитетот на водата за пиење од водоснабдителните системи во училиштата | X | X | X | X | Одделенија за хигиена во 10 ЦЈЗ во РМ согласно планот Испратен до нив од страна на ИЈЗРМ |
| Подигање на свеста за придобивките од формирање на здраво семејство | **ИЗРАБОТКА И ПЕЧАТЕЊЕ НА БРОШУРА "ЗА ЗДРАВО СЕМЕЈСТВО "** | Март 2019 | | | | |
| Спроведување на промотивни активности во 10-те ЦЈЗ координирани од ИЈЗ | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМОТИВНО-ЕДУКАТИВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА 10-ТЕ ЦЈЗ** | Март 2019 | Јуни 2019 | Септември 2019 | Декември 2019 | |
| Унапредување на активното и здраво стареење во РМ | **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА АКТИВНО И ЗДРАВО СТАРЕЕЊЕ, ВО РАМКИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА МРЕЖА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** | | Мај 2019 | | | |
| Едукација на онколози и уролози за превенција на последици од употреба на медикаментозна терапија во настанување на остеонекроза на вилица | **ОДРЖУВАЊЕ НА СИМПОЗИУМ НА ТЕМА: МЕДИКАМЕНТОЗНО ИНДУЦИРАНА ОСТЕОНЕКРОЗА НА ВИЛИЦА (MRONJ)** | Март 2019 | | | | |
| | **ВКУПЕН БУЏЕТ** | | | | | |

## ЦЕНТАРОТ ЗА СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ЗДРАВСТВЕНИ ПОДАТОЦИ, ПУБЛИЦИСТИКА И ЕДУКАЦИЈА

## I. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Главна цел на Програма за јавно здравје за 2019 е генерирање на информации за носители на одлуки на сите нивоа на здравениот систем за идентификација на проблеми и потреби, за одлуки базирани на докази за здравствената политика и распределба на ограничени ресурси оптимално.**

**Дополнителни цели на програмата:**

1. Зајакнување и подобрување на здравствени системи за здравствена евиденција, преку генерирање на податоци, компилација, анализа и синтеза, комуникација и употреба вклучувајќи ги лични, хартиени и електронски податоци;
2. Точни, навремени,релевантни и веродостојни евидентиции на податоците за здравствени услуги и кадар, анализа на овие информации и за здравствените работници за планерите за здравство и други носители- креатори на политики, планери, менаџери, даватели на здравствени услуги, заедници, поединци итн.
3. Зајакнување и подобрување на здравствени алатки вклучувајќи паметни уреди и апликации; со споделување на информациите на сите нивоа на здравствениот систем од суштинско значење за развој и имплементација на политиката на здравствениот систем, управување и регулатива, здравствени истражувања, развој на човечки ресурси, здравствено образование и обука, услуги, испорака и финансирање.
4. Зајакнување и подобрување на Здравствениот информативен систем преку мониторинг и евалуација, обезбедувајќи предупредување и можност за рано предупредување, поддршка на управување со пациенти и здравствени установи, планирање, поддршка и стимулирање на истражувања, анализа на здравствената состојба и трендовите, поддршка на глобалното известување, и поткрепа на комуникација на здравствени предизвици за различни корисници.
5. Изготвување за Планерите за здравство и носителите на одлуки различни видови на информации, вклучувајќи:
   • Детерминанти на здравјето (социо-економски, еколошки однесувања, генетски фактори) и контекстуални средини во кои функционира здравствениот систем;
   • влезови во здравствениот систем и сродни процеси, вклучувајќи политика и организација, здравје, инфраструктура, објекти и опрема, трошоци, човечки и финансиски ресурси, здравствени информации
   на здравени системи, перформансите или резултатите од здравствениот систем, како што се достапноста, пристапноста, квалитетот и употребата на здравствени информации и услуги, одговорност на системот за потребите на корисниците
   • здравствени исходи (смртност, морбидитет, епидемии на болести, здравствени состојби, хендикеп, благосостојба);

**II. Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:**

1. Демографски и социо-економски индикатори
2. Индикатори за здравствени услуги и здравствена грижа
3. Индикатори за здравствени ресурси
4. Индикатори на здравствени интервенции: и унапредување на здравјето

## III. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНСКА ДЕЈНОСТ – ЗДРАВСТВЕНА СТАТИСТИКА И ИНФОРМАТИКА

Од областа на социјална медицина дел здравствена статистика и информатика – во ЦЈЗ во тек на 2019 година ќе се извршат следниве активности:

1.Активности во ЦЈЗ поврзани со прибирање и обработка на збирните и индивидуалните извештаи:

1.1 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес од збирните извештаи за кадар, посети и утврдени заболувања и состојби за IV тромесечие 2018 година.

Рок на изготвување: I квартал 2019 година

1.2 Изготвување на полугодишни збирни извештаи за кадар и посети и утврдени заболувања и состојби за II полугодие 2018 година

Рок на изготвување: I квартал 2019 година

1.3 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од годишни збирни извештаи за кадар во здравствени установи за 2018 година

Рок на изготвување: I квартал 2019 година

1.4 Изготвување и вршење на логичка и математичка контрола, компјутерски внес и обработка на податоци за збирните извештаи од кадар, посети и утврдени заболувања и состојби од I тромесечие 2019 година.

Рок на изготвување: II квартал 2019 година

1.5 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од збирни извештаи за кадар, посети и утврдени заболувања и состојби за II тромесечие за 2019 година

Рок на изготвување: III квартал 2019 година

1.6 Изготвување на полугодишни извештаи за кадар и посети и утврдени заболувања и состојби за I полугодие 2019

Рок на изготвување: III квартал 2019 година

1.7 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од збирни извештаи за кадар, посети и утврдени заболувања и состојби за III тромесечие за 2019 година

Рок на изготвување: IV квартал 2019 година

1.8 Прибирање, вршење на логичка контрола на податоците од индивидуални извештаи за декември 2018 година и јануари-ноември 2019 година, компјутерски внес и обработка на податоците

Рок на изготвување: континуирано

2. Изготвување на публикација " Збирен извештај за вработен кадар во здравствените установи за 2018 година"

Рок на изготвување: мај 2019 година

Центарот ќе ги спроведува следните активности:

- Континуирано прибирање на збирни и индивидуални извештаи - евиденции со дефинирани здравствено-статистички податоци.
- Вршење логичка и математичка контрола на прибраните податоци
- Внес на податоците во соодветни апликативни софтверски програми
- Обработка и анализа на внесените здравствено-статистички податоци
- Вршење на логичка и математичка контрола на обработените податоци
- Изготвување на годишни (за претходната година) и полугодишни здравствено-статистички извештаи на ниво на РМ (за тековната година)
- Доставување на годишни (за претходната година) и полугодишни здравствено-статистички извештаи на ниво на РМ (за тековната година) до Министерство за здравство
- Доставување на здравствено-статистички податоци според дефинирани табели до ДЗС
- Изготвување на здравствено-статистички податоци за потребите на СЗО, Уницеф, ОЕЦД, Еуростат и други меѓународни организации
- Изготвување на здравствено-статистички податоци за потребите на другите сектори во ИЈЗ
- Вршење на редовни годишни теренски увиди (и по потреба вонредни) во 10 ЦЈЗ, а по потреба и во здравствени установи на подрачјата што ги покриваат ЦЈЗ
- Давање стручно-методолошка помош и едукација од областа на здравствена статистика и информатика
- Објавување на обработени податоци на веб страна на ИЈЗ, преку извештаи, публикации
- Давање податоци по барање на корисници согласно Законот за информации од јавен карактер

Во тек на 2019 година ќе се следи здравствената состојба и здравствена заштита на населението на РМ, преку спроведување на статистичките истражувања од областа на здравството.

Во Центарот ќе се прибираат и обработуваат збирни и индивидуални статистички извештаи доставени од здравствените установи преку одделенијата за здравствена статистика и информатика при 10-те центри за јавно здравје во Република Македонија.

**1. Збирни евиденции**

Збирни извештаи содржат податоци со кои се прикажува работата на здравствените установи во Република Македонија, кадарот вработен во нив како и податоци за утврдени заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничките и диспанзерски дејности.

Во тек на 2018 година од здравствените установи во Република Македонија преку центрите за јавно здравје, во Институтот за јавно здравје ќе бидат доставени околу 30000 збирни извештаи:

- Збирни извештаи за II полугодие за 2018 година, годишни збирни извештаи за 2018 година, и збирни извештаи за IV тромесечие за 2018 година за хигиенската исправност на намирниците и предметите за општа употреба и извештаи за несреќи на работа;
- Збирни извештаи за I полугодие за 2019 година и тромесечни извештаи за I, II и III тромесечие за 2019 година.

**1.1 Годишни збирни извештаи за кадар и извршена работа за 2018 година:**
Од доставените збирни извештаи за 2018 година по извршената логична и математичка контрола и компјутерски внес на податоците, во Центарот ќе се изготват годишни збирни извештаи за 2018 година за Републиката до 31.05.2019 година.
**Индикатор:** **доставени извештаи до МЗ**

**Рок на изготвување:** **Мај 2019 година**

| ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА КАДАР И ПОСЕТИ | БРОЈ НА ИЗГОТВЕНИ ГОДИШНИ ЗБИРНИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2018 ГОДИНА ВО II КВАРТАЛ 2019 ГОДИНА |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 2773 |
| Извештај на специјалистичките служби образец (3-01s-60) | 334 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 42 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 1491 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 1851 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 318 |
| Извештај за работата на службата за градни болести и туберкулоза (образец 3-06-60) | 16 |
| Извештај на службата за кожно венерични болести (образец 3-07-60) | 16 |
| Извештај на службата за рехабилитација (образец 3-08-60) | 56 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 4766 |
| Извештај на службата за трансфузија (образец 3-10-60) | 36 |
| Извештај за здравствено просветување (образец 3-13-60) | 22 |
| Извештај за лаборатории (образец 3-14-60) | 443 |
| Извештај за здравствена исправност на храна и предмети за општа употреба (образец 3-15-60) | 104 |
| Извештај на службата за поливалентна патронажа (образец 3-17-60) | 156 |
| Извештај на службата за болничко - стационарно лекување (образец 3-21-60) | 176 |
| Извешај за организационата структура и кадарот во областа на здравството (образец 3-00-60) | 4701 |
| Извештај за несреќа на работа | 13 |
| ВКУПНО | 17314 |

**1.2 Полугодишни збирни извештаи за кадар и извршена работа на ниво на Република Македонија за 2019 година:**

Од доставените збирни извештаи за I полугодие за 2019 година и I и II тромесечие за 2019 година, по извршената логична и математичка контрола и компјутерски внес на податоците ќе се изготват полугодишни збирни извештаи на ниво на Република Македонија за 2019 година до 30.09.2019 година.

**Индикатор:** **доставени извештаи до МЗ**

**Рок на изготвување:** **Септември 2019 година**

| ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА КАДАР И ПОСЕТИ | БРОЈ НА ИЗГОТВЕНИ ПОЛУГОДИШНИ ЗБИРНИ ИЗВЕШТАИ за I полугодие 2018 година на ниво на Република Македонија во III квартал на 2019 година |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 2773 |
| Извештај за работа на специјалистичките служби образец (3-01s-60) | 334 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 42 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 1491 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 1851 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 318 |
| Извештај за работата на службата за градни болести и туберкулоза (образец 3-06-60) | |
| Извештај на службата за кожно венерични болести (образец 3-07-60) | 16 |
| Извештај на службата за рехабилитација (образец 3-08-60) | 56 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 4766 |
| Извештај на службата за трансфузија (образец 3-10-60) | 36 |
| Извештај за здравствено просветување (образец 3-13-60) | 22 |
| Извештај за лаборатории (образец 3-14-60) | 443 |
| Извештај за здравствена исправност на храна и предмети за општа употреба (образец 3-15-60) | 104 |
| Извештај на службата за поливалентна патронажа (образец 3-17-60) | 156 |
| Извештај на службата за болничко - стационарно лекување (образец 3-21-60) | 176 |
| Извешај за организационата структура и кадарот во областа на здравството (образец 3-00-60) | |
| Извештај за несреќа на работа (образец ИПС) | 13 |
| ВКУПНО | 12597 |

Софтверска обработка на податоците од збирните извештаи ќе се изврши според утврдени апликативни програми.

**- Стручно-методолошка помош од областа на здравствена статистика**

Центарот за статистика преку теренски квартални посети во 10-те центри за јавно здравје во Република Македонија ќе спроведе стручно методолошка помош за правилна примена на МКБ-10 и примената на другите параметри во збирните извештаи со цел за квалитетна обработка на податоците од збирните евиденции, како и здравствените установи во соработка со стручните лица од центрите за јавно здравје на подрачјата што ги покриваат, што ќе допринесе подобрување во доставувањето на здравствено-статистичките податоци по однос на квалитет и квантитет.

**Индикатор:** доставен извештај до МЗ за теренска посета и стручно-методолошка помош во ЦЈЗ

**Рок за известување:** **квартално**

**- Квартален мониторинг, координација и верификација на програмските активности на 10-те ЦЈЗ со извештај од областа на здравствена статистика**

**Индикатор:** доставен извештај до МЗ

**Рок за известување:** **квартално**

**2. Здравствени публикации во Република Македонија за 2018 година**

Заради поширока достапност за користење на здравствено-статистичките податоци од збирните и индивидуалните здравствено-статистички евиденции во тек на 2019 година ќе бидат изготвени следниве публикации:

**2.1 Здравствена карта на Република Македонија, 2018**

Здравствената карта на Република Македонија за 2018 година, ќе ја презентира состојбата на здравствената заштита во Република Македонија по однос на организационата структура, здравствените дејности и здравствениот кадар, морбидитет и морталитет.

Здравствената карта ќе биде изготвена врз основа на официјалните податоци кои ги прибира и обработува Центарот за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација при Институтот за јавно здравје на Република Македонија а се доставуваат од здравствените установи преку Центрите за јавно здравје во РМ и Државниот завод за статистика.

Здравствената карта ќе се изготви во три дела:

I- општ дел - ја презентира состојбата на здравствената заштита во Република Македонија прикажана воопшто и според нивоите на здравствената заштита – примарна, секундарна и терциерна.

II и III дел- ја прикажуваат состојбата на здравствената заштита по здравствени региони.

Податоците ќе бидат презентирани во вид на табели и картограми. Ќе бидат прикажани: обезбеденоста на населението со здравствените кадри и извршените услуги по здравствените дејности, болничките здравствени установи по видови, број на болнички постели, лекувани

болни, просечно лекување на болните, искористеност на болничките капацитети и обрт на болнички постели. Ќе бидат прикажани утврдени заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничката дејност и морбидитетот регистриран во болничко-стационарните здравствени установи, заразните заболувања против кои се врши имунизација како и општиот и доенечкиот морталитет и најчести причини за смрт.

Здравствената карта на Република Македонија за 2018 година, како публикација од овој вид на презентирање на податоци е форма на континуирано годишно објавување на актуелните здравствени податоци за Република Македонија.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Декември 2019 година**

**2.2 Амбулантно-поликлинички морбидитет во Република Македонија, 2018**

Од обработените податоци од извештаите за утврдени заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничките и диспанзерски дејности ќе се изготви годишна публикација **„Амбулантно-поликлинички морбидитет во Република Македонија, 2018“** и ќе се достави до Министерството за здравство на Република Македонија.

Податоците за утврдени заболувања и состојби во Публикацијата ќе бидат презентирани по општини, здравствени региони, статистички региони и вкупно за Република Македонија. Морбидитетот за утврдените заболувања и состојби ќе биде прикажан на 10000 соодветно население по групи на заболувања (субтотали) во сите амбулантно-поликлиничките дејности (општа медицина, здравствена заштита на училишни деца и младина, здравствена заштита на деца, здравствена заштита на жени, заштита и лекување на устата и забите и белодробни болести и туберкулоза). Во дијаграмите ќе биде дадена структура на најзастапени утврдени групи на заболувања и состојби во секоја амбулантно-поликлиничка дејност презентирани вкупно за Република Македонија и по статистички региони.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Октомври 2019 година**

**2.3 Мрежа на болничките здравствени установи за 2018 година**

Годишната публикација **„Мрежа на болничките здравствени установи за 2018 година“** ќе се изготви од обработените податоци од збирните извештаи за болничко-стационарно лекувани болни. Ќе биде прикажана мрежата на болничките здравствени установи, број на лекувани болни, остварени болнички денови, како и други релевантни показатали, на секундарно и терциерно ниво на здравствена заштита, за Република Македонија и по 8 статистички региони.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Мај 2019 година**

**2.4 Специјалистички служби во Република Македонија во 2019 година**

Годишната публикација **„Специјалистички служби во Република Македонија во 2018 година“** ќе се изготви од обработените податоци од збирните извештаи за специјалистички служби, добиени од здравствени установи преку центрите за јавно здравје во Република Македонија.
Податоците за работници и посетите во областа на специјалистичко-консултативна дејност ќе бидат презентирани во табели и дијаграми преку кои ќе бидат прикажани кадарот (по профил и степен на стручна подготовка) и посетите, според видот на здравствена установа, ниво на здравствена заштита (секундарна и терциерна здравствена заштита), по општини и вкупно за Република Македонија.

Оваа публикација за кадар и посети во областа на специјалистичко-консултативна дејност ќе се изготви како форма на континуирано годишно објавување.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Мај 2019 година**

**2.5 Кадар во здравствени установи во Република Македонија во 2018 година**

Годишната публикација **„Кадар во здравствени установи во Република Македонија во 2017 година“** ќе се изготви од обработените податоци од збирните извештаи за кадар и организациона структура во здравствените установи. Публикацијата ќе го презентира целокупниот кадар, здравствен и нездравствен, во здравствените установи во јавниот и приватниот сектор во Република Македонија. Податоците ѓе бидат презентирани во табели, дијаграми и картограми по профил и степен на стручна подготовка, според видот на здравствената установа, ниво на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна) по општини и на ниво на Република Македонија.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Октомври 2019 година**

**2.6 Ментални заболувања во Република Македонија, 2018**

Годишна публикација,, Ментални заболувања во Република Македонија, 2017,, ќе се изготви од обработените податоци од лекувани болни од ментални заболувања и остварени болнички денови во болнички здравствени установи презентирани со табеларни прегледи прикажани според пол, најчести дијагнози и подгрупи на дијагнози од субтоталот ,, душевни растројства и растројства во обноските, сопред МКБ -10.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување** **Ноември 2019 година**

**3. Индивидуални евиденции**

Во тек на 2019 година од здравствените установи преку центрите за јавно здравје во Република Македонија, во Институтот за јавно здравје ќе бидат доставени околу 65 000 индивидуални евиденции:

| Ред.бр. | ИНДИВИДУАЛНИ ЕВИДЕНЦИИ | Број на индивидуални евиденции кои ќе бидат доставени во 2019 година |
|---|---|---|
| 1 | **Пријава на малигна неоплазма - обр.бр.3-35-86** | **9900** |
| 2 | **Индивидуален извештај за шеќерна болест - обр.бр.МЗС - 02** | **36 000** |
| 3 | **Индивидулен извештај за исхемична болест на срцето - обр.бр.МЗС - 03** | **7800** |
| 4 | **Инвидуален извештај за бубрежна инсуфициенција - обр. бр. МЗС - 04** | **1750** |
| 5 | **Индивидуален извештај за психози обр. бр. МЗС - 05** | **3500** |
| 6 | **Индивидуален извештај за алкохолизам и други зависности - обр.бр.МЗС - 06** | **2020** |
| 7 | **Пријава на професионална болест и на лице заболено или оштетено од професионална болест обр.бр. МЗС 3-36-86** | **6** |
| 8 | **Индивидуален извештај за ревматска трска обр. бр. МЗС - 08** | **20** |
| 9 | **Индивидуален извештај за интоксикација обр.бр. МЗС - 09** | **720** |
| 10 | **Индивидуален извештај за сообраќајна траума - обр.бр. МЗС-10** | **2900** |
| 11 | **Пријава за несреќа на работа (обр.ЕТ-8)** | **270** |
| 12 | **Пријава за здравствени работници** | **20 000** |
| | **ВКУПНО** | **65 000** |

**3.1 Регистар за рак на Република Македонија за 2018 година**

Пријавите за малигни заболувања ќе се прибираат од сите здравствени установи во Република Македонија, преку центрите за јавно здравје. Како дополнителен извор за пријавување на дијагностицираните неоплазми ќе се прибираат и патохистолошките наоди за малигномите. Во тек на годината, од здравствените установи во Република Македонија, преку одделенијата за здравствена статистика и информатика при центрите за јзвно здравје во Институтот за јавно здравје ќе се достават околу 10000 пријави за малигни неоплазми. Ќе се врши контрола, идентификација, обработување и анализирање на пријавите.
Водењето на регистарот е компјутерски по сите утврдени модалитети: пол, возраст, место на живеење, дата на пријавување, патохистолошки наод и стадиум на заболувањето.

Во тек на 2019 година ќе се изготви годишна публикација **„Регистар за рак на Република Македонија, 2018“** и ќе се достави до Министерството за здравство.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Јуни 2019 година**

**3.2 Регистар за шеќерна болест на Република Македонија за 2018 година**

Во тек на 2018 година се доставени пријави за шеќерна болест од здравствените установи до одделенијата за здравствена статистика и информатика при центрите за јавно здравје електронски преку „мој термин“ а од ЦЈЗ до Институтот за јавно здравје на Република Македонија. Во тек на годината ќе бидат прибрани околу 36000 пријави за шеќерна болест.

Во тек на 2019 година од електронски прибраните податоци за 2018 година ќе биде изготвена годишна публикација “ **Регистар за шеќерна болест на Република Македонија, 2018“**. Во публикацијата ќе бидат прикажани инциденца и преваленца на шеќерната болест по сите можни параметри, на ниво на Републиката, според пол, возрасни групи, занимања, место на живеење (град-село), тип на шеќерна болест, вид на лекување, компликациии и др.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Јуни 2019 година**

**3.3 Регистар за хронично бубрежно заболување на Република Македонија за 2018 година**

Во тек на 2018 година ќе се доставуваат пријави за хронично бубрежно заболување од здравствените установи до одделенијата за здравствена статистика и информатика при центрите за јавно здравје електронски преку „мој термин“ а од ЦЈЗ до Институтот за јавно здравје на Република Македонија. Во тек на годината ќе бидат прибрани околу 2200 пријави за хронично бубрежно заболување.

Во тек на 2019 година од електронски прибраните податоци за 2018 година ќе биде изготвена годишна публикација “ **Регистар за хронично бубрежно заболување на Република Македонија, 2018“**. Во публикацијата ќе бидат прикажани инциденца и преваленца на хронично бубрежно заболување по сите можни параметри, на ниво на Републиката, според пол, возрасни групи, занимања, место на живеење (град-село), вид на лекување, и др.

**Индикатор:**
**доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Јуни 2019 година**

**3.4 Регистар на здравствени работници на Република Македонија, 2018 година**

Во тек на 2018 година ќе се доставуваат пријави за здравствени работници од здравствените установи до одделенијата за здравствена статистика и информатика при центрите за јавно здравје електронски преку „мој термин“ а од ЦЈЗ до Институтот за јавно здравје на Република Македонија. Во тек на годината ќе бидат прибрани околу 20 000 пријави за здравствени работници. Публикацијата ќе го презентира целокупниот кадар, здравствен и нездравствен, во здравствените установи во јавниот и приватниот сектор во Република Македонија. Податоците ѓе бидат презентирани во табели, дијаграми и картограми по профил и степен на стручна подготовка, според видот на здравствената установа, ниво на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна) по општини и на ниво на Република Македонија.

**Индикатор** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Октомври, 2019**

**3.5 Болнички морбидитет во Република Македонија, 2018**

За изготвување на годишната публикација **„Болнички морбидитет во Република Македонија, 2018“** ќе бидат користени податоци од индивидуални евиденции „Извештај за стационарно лекувано лице“ доставени од болничко-стационарни здравствени установи преку центрите за јавно здравје во Република Македонија за подрачјата што ги покриваат до Институтот за јавно здравје на РМ каде ќе бидат обработени на ниво на Република Македонија.

Во публикацијата ќе бидат прикажани структура (процентуална застапеност) на лекувани болни во болничко-стационарни здравствени установи по групи на болести (субтотали) и стапки на морбидитетот пресметани на 10.000 соодветно население.
Податоците за болничкиот морбидитет дистрибуирани по статистички региони во Република Македонија ќе бидат презентирани во табеларни прегледи и дијаграми.

Најчести болести од кои се лекувани болни во болничко-стационрна дејност во Република Македонија ќе бидат прикажани со дијаграми за структурата и морбидитетот одделно за секој статистички регион.

Во публикацијата ќе се презентира со дијаграми и посебен компаративен преглед по статистички региони поединечно за секој субтотал од најчестите групи на болести.

| | |
|---|---|
| **Индикатор:** | **доставена публикација** |
| **Рок на изготвување:** | **Ноември 2019 година** |

**3.6 Морталитет во Република Македонија во 2018 година**

Во тек на 2019 година со обработка на податоците за умрени лица во 2018 година превземени од Државниот завод за статистика ќе биде изготвена годишна публикација „**Морталитет во Република Македонија во 2018 година“**.

Во публикацијата ќе бидат прикажани структура (процентуална застапеност) на умрени лица по групи на болести (субтотали) и стапки на морталитет пресметани на 100.000 соодветно население.

Податоците за најчести причини за смрт кај населението во Република Македонија ќе бидат дистрибуирани по општини, здравствени региони, статистички региони и на ниво на Република Македонија во табеларни прегледи и дијаграми.

Во публикацијата ќе биде прикажан со дијаграми и посебен компаративен преглед на морталитетот од најчестите групи на болести како основна причина за смрт по статистички региони кај населението во Република Македонија.

| | |
|---|---|
| **Индикатор:** | **доставена публикација** |
| **Рок на изготвување:** | **Октомври 2019 година** |

## 4. Здравствени публикации во Република Македонија за 2018 година по повод на Светски денови

### 4.1 Малигни неоплазми во Република македонија, 2015-2017

Информацијата **„Малигни неоплазми во Република Македонија, 2015-2017** ќе биде изготвена **по повод на Светскиот ден за борба против ракот**.
Во информацијата ќе бидат користени податоци за морталитетот и морбидитетот од малигните неоплазми во Република Македонија.
За изготвување на морталитетот ќе се користат податоци за умрени лица од малигни неоплазми во Р.Македонија доставени од Државниот завод за статистика и обработени според разни параметри (стапки на морталитетот на 100.000 жители и структура на умрени лица по пол и возраст). Податоците ќе бидат презентирани по општини, здравствени региони, статистички региони и на ниво на Република Македонија во табеларни прегледи и дијаграми.
За изготвување на болничкиот морбидитет од малигни неоплазми ќе се користат податоци од индивидуални евиденции „Извештај за стационарно лекувано лице“ доставени од болничко-стационарни здравствени установи. Податоците ќе бидат обработени на ниво на Република Македонија и по статистички региони. Во информацијата ќе бидат прикажани стапки на морбидитетот на 10.000 жители и структура на лекувани болни од малигни неоплазми во вкупно лекувани во болничко-стационарни здравствени установи во табеларни прегледи и дијаграми.
За амбулантно-поликлинчкиот морбидитет од малигни неоплазми ќе бидат обработени податоци од збирните извештаи за утврдени заболувања и состојби евидентирани во амбулантно-поликлиничките здравствени установи на ниво на Република Македонија, по општини, здравствени региони и статистички региони по одделни дејности (општа медицина, здравствена заштита на училишни деца и младина и здравствена заштита на деца од 0-6 години).Структурата и стапките на морбидитетот пресметани на 10.000 соодветно население ќе бидат презентирани во табеларни прегледи и дијаграми.

| | |
|---|---|
| **Индикатор:** | **доставена публикација** |
| **Рок на изготвување:** | **Февруари, 2019 година** |

### 4.2 Состојба со циркулаторни болести во Република Македонија, 2016-2018

Информацијата **„Состојба со циркулаторни болести во Република Македонија,2016-2018“** ќе биде изготвена во Институтот за јавно здравје на Република Македонија, Центарот за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација, **по повод на Светскиот ден на срцето**.

Во информацијата ќе бидат користени податоци за морталитетот и морбидитетот од болестите на циркулаторниот систем во Република Македонија изготвени според Меѓународната статистичка класификација на болестите и сродните здравствени проблеми - Десетта ревизија (МКБ-10).
За изготвување на морталитетот ќе се користат податоци за умрени лица од циркулаторни болести во Р.Македонија доставени од Државниот завод за статистика и обработени според разни параметри (стапки на морталитетот на 100.000 соодветно население и структура на умрени лица по пол и возраст). Податоците ќе бидат презентирани по општини, здравствени региони, статистички региони и на ниво на Република Македонија во табеларни прегледи и дијаграми.

За изготвување на болничкиот морбидитет ќе се користат податоци од индивидуални евиденции „Извештај за стационарно лекувано лице“ доставени од болничко-стационарни здравствени установи преку центрите за јавно здравје во Република Македонија, обработени за подрачјата што ги покриваат и доставени до Институтот за јавно здравје на РМ каде ќе се изготват податоци на ниво на Република Македонија и по статистички региони. Во информацијата ќе бидат прикажани стапки на морбидитетот на 10.000 жители и структура на лекувани болни од болести на циркулаторниот систем во вкупно лекувани во болничко-стационарни здравствени установи во табеларни прегледи и дијаграми.

За амбулантно-поликлинчкиот морбидитет од болестите на циркулаторниот систем ќе бидат обработени податоци од збирните извештаи за утврдени заболувања и состојби евидентирани во амбулантно-поликлиничките здравствени установи доставени преку статистичките служби на центрите за јавно здравје до Институтот за јавно здравје на РМ. Податоците ќе бидат изготвени на ниво на Република Македонија, по општини, здравствени региони и статистички региони по одделни дејности (општа медицина, здравствена заштита на училишни деца и младина и здравствена заштита на деца од 0-6 години).Структурата и стапките на морбидитетот пресметани на 10.000 соодветно население ќе бидат презентирани во табеларни прегледи и дијаграми.

Трендот на движење на морталитетот и морбидитетот од болестите на циркулаторниот систем кај населението во Република Македонија во анализираниот период ќе биде прикажан со индексни поени и дијаграми.

**Индикатор:** **доставена публикација**
**Рок на изготвување:** **Септември, 2019 година**

5. **Одржување и развој на WEB-страна на ИЈЗ на РМ**, изготвување публикации, информации, анализи, брошури и други материјали преку in-design во PDF формат за потребите на Центарот за статистичка обработка на здравствените податоци, публицистика и едукација како и за потребите на сите сектори во ИЈЗ на РМ и Министерство за здравство на Р.Македонија.

**Рок на изготвување:** **Задачата е континуирана**
**Индикатор: кварталeн извештај за поставени материјали на WEB-страна**

**6. Други активности во врска со спроведување на статистичките истражувања во областа на здравството**

**6.1** По изготвувањето на збирните и индивидуалните извештаи ќе се изготват 16 публикациони табели за Статистичкиот годишник на Република Македонија, од областа на здравството и организацијата на здравствената дејност.

**Задачата е континуирана.**

**6.2 Изготвување податоци на барање на разни корисници** на здравствено-статистички податоци (внатрешни и надворешни, вклучувајќи ги и медиумите) во форма на табели, дијаграми и информации или презентации, со обем околу 280 табели на годишно ниво.

**Задачата е континуирана.**

| **ПРОГРАМА: Програма за јавно здравје 2019-Дел Центар за статистичка обработка на здравствени податоци** |
|---|
| **Цел на програмата:** Главна цел на Програма за јавно здравје за 2019 е генерирање на информации за носители на одлуки на сите нивоа на здравениот систем за идентификација на проблеми и потреби, за одлуки базирани на докази за здравствената политика и распределба на ограничени ресурси оптимално.<br>**Дополнителни цели на програмата:**<br>Зајакнување и подобрување на здравствени системи за здравствена евиденција, преку генерирање на податоци, компилација, анализа и синтеза, комуникација и употреба вклучувајќи ги лични, хартиени и електронски податоци;<br>1. Точни, навремени,релевантни и веродостојни евидентиции на податоците за здравствени услуги и кадар, анализа на овие информации и за здравствените работници за планерите за здравство и други носители- креатори на политики, планери, менаџери, даватели на здравствени услуги, заедници, поединци итн.<br>2. Зајакнување и подобрување на здравствени алатки вклучувајќи паметни уреди и апликации; со споделување на информациите на сите нивоа на здравствениот систем од суштинско значење за развој и имплементација на политиката на здравствениот систем, управување и регулатива, здравствени истражувања, развој на човечки ресурси, здравствено образование и обука, услуги, испорака и финансирање.<br>3. Зајакнување и подобрување на Здравствениот информативен систем преку мониторинг и евалуација, обезбедувајќи предупредување и можност за рано предупредување, поддршка на управување со пациенти и здравствени установи, планирање, поддршка и стимулирање на истражувања, анализа на здравствената состојба и трендовите, поддршка на глобалното известување, и поткрепа на комуникација на здравствени предизвици за различни корисници.<br>4. Изготвување за Планерите за здравство и носителите на одлуки различни видови на информации, вклучувајќи:<br>• Детерминанти на здравјето (социо-економски, еколошки однесувања, генетски фактори) и контекстуални средини во кои функционира здравствениот систем;<br>• влезови во здравствениот систем и сродни процеси, вклучувајќи политика и организација, здравје инфраструктура, објекти и опрема, трошоци, човечки и финансиски ресурси, здравствени информации на здравени системи<br>• перформансите или резултатите од здравствениот систем, како што се достапноста, пристапноста, квалитетот и употребата на здравствени информации и услуги, одговорност на системот за потребите на корисниците<br>• здравствени исходи (смртност, морбидитет, епидемии на болести, здравствени состојби, хендикеп, благосостојба);<br>• здравствени нееднаквости, во однос на детерминантите, покриеноста на користењето на услугите и здравствените резултати, вклучувајќи ги и клучните стратификатори како што се полот, социо-економскиот статус, етничката група, географската положба итн. |

| Показател за успешност: | | | | Појдовна основа: | Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Организациски облик/лице** |
| Континуирано прибирање, вршење на логичка и математичка контрола - Внес и обработка на податоците во соодветни апликативни софтверски програми<br><br>- Изготвување на годишни (за претходната година) и полугодишни здравствено-статистички извештаи на ниво на РМ (за тековната година) | **1.Годишни збирни извештаи за кадар и извршена работа за 2018година(доставени извештаи до МЗ)**<br>**2. Полугодишни збирни извештаи за кадар и извршена работа на ниво на Р.Македонија за 2019 година**<br>**3.Индивидулани пријави**<br>**ЗДРАВСТВЕНИ ПУБЛИКАЦИИ ОД ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ**<br><br>-Здравствена карта на Р.Македонија,<br><br>-Амбулантно-поликлинички морбидитет во Р.Македонија<br>-Мрежа на болничките | 18000<br><br>19000 | 18000<br><br>19000 | 13000<br><br>19000 | 19000<br><br>Декември<br><br>Октомври | ИЈЗ/ЦЈЗ/ПЕ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | здравствени установи | | | | | |
| | -Специјалистички служби во Р.Македонија | | Мај | | | |
| | -Кадар во здравствени установи во Р.Македонија | | Мај | | | |
| | -Болнички морбидитет во Република Македонија, 2018 | | | | Октомври | |
| | -Морталитет во Р. Македонија во 2018 | | | | Ноември | |
| | -Ментални заболувања во Република Македонија, 2018 | | | | Октомври | |
| | -Малигни неоплазми во Република Македонија, 2015-2017 | | | | Ноември | |
| | -Состојба со циркулаторни болести во Република Македонија, 2016-2018 | Февруари | | | | |
| | **Здравствени публикации Индивидуални евиденции:** -Регистар за рак на Р. Македонија за 2018 година | | | | Септември | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Регистар за шеќерна болест на Р. Македонија, 2018<br>-Регистар за хрон. Бубрежно забол. на Р. Македонија за 2018 | | Јуни | | | |
| | -Регистар на здравствени работници на Р. Македонија, 2018 | | Јуни | | | |
| | Доставување на годишни и полугодишни здрав.стат.извш.н а ниво на РМ(за тековната година) | | Јуни | | Октомври | |
| | Доставен извештај до МЗ за теренска посета и стручно-методолошка помош во ЦЈЗ | Квартaлн | Квартално | Квартaлн. | Квартaлн | |
| | **Квартален извештај за поставени материјали на WEB-страна** | Квартaлн. | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување на здравствено-статистички податоци за потребите на СЗО, ОЕЦД, Еуростат,ДСЗ и др.<br>**Изготвување податоци на барање на разни корисници** | Квартaлн.<br>Февруари<br>Континуирано | Квартално.<br>Мај | Квартaлн. | Квартaлн. | |

**Програма за мониторинг на болничките инфекции како индикатор за квалитетот на здравствената заштита во Р. Македонија за 2019 година**

Во рамките на програмата за мониторинг на болничките инфекции како индикатор за квалитет на здравствената заштита во Р.Македонија за 2017/2018 година, Институтот за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ - Скопје спроведе пилот истражување на ТОАРИЛ за одредување на преваленцијата и дистрибуцијата на болничките инфекции поврзани со здравствената заштита во однос на патогенот, одделот и локализцијата. Резултатите од ова пилот истражување укажаа на преваленца на болнички инфекции од 26,7% (преваленца од 34,81% кај оперираните пациенти и преваленца од 80% кај пациенти кај кои се извршени повеќекратни хируршки интервенции). Овие резултати кореспондираат со резултатите од други држави но истовремено тие индицираат, согласно препораките на ECDC и ЕУ потреба од континуирано понатамошно следење и имплементирање на потребни интервенции.

Обезбедување на потребни институционални ресурси

1. **Министерство за здравство**

Министерството за здравство донесува годишен план за финансирање на програмата, го следи нејзиното спроведување, врши финансиски трансакции кон учесниците во програмата и се грижи за информирање на јавноста за постигнатите резултати во рамките на програмата.

2. **Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика**

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет во Скопје, располага со експерти од областа на епидемиолошко следење на болничките инфекции и статистика анализа на согледана состојба базирано на time series analysis. Како учесник во оваа програма ќе организира и имплементира опсервациона студија за состојбата и потребите на КАРИЛ, студија на пресек за утврдување на состојбата со болничките инфекции и ќе учествува во дизајнирање на база на податоци за евидентирање на практиките за давање на антибиотици, почитување на протоколите за избегнување на резистенција и болнички инфекции.

3. **Управа за електронско здравство**

Управата за електронско здравство е одговорна за Националниот систем за електронски евиденции во здравството (Мој Термин), систем во кој покрај податоците за пациентите, се водат податоци за сите здравствени установи и здравствениот кадар кој работи во нив. Како учесник во оваа програма Управата за електронско здравство ќе овозможи софтверско решение за евидентирање на практиките за давање на антибиотици, почитување на протоколите за избегнување на резистенција и болнички инфекции. Ова софтверско решение ќе го поврзува КАРИЛ со Институтот за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика на Медицински факултет при УКИМ и Управа за електронско здравство.

## I. Приоритетни цели на програмата

**ГЛАВНА ЦЕЛ**

Да се согледа реалната ситуација за проблемот со болничките инфекции во КАРИЛ, со интенција за намалување на ризиците како и зголемување на сигурноста на пациентите и квалитет на здравствената заштита согласно препораките на ECDC и ЕУ.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ЦЕЛИ**

1. Да утврди преваленцијата на болничките инфекции во КАРИЛ (point prevalence).
2. Да се согледаат условите, практиките, и потенцијалните места со највисок ризик за појава на болнички инфекции во КАРИЛ како и да се дадат препораки за интервенција.
3. Да се едуцира медицинскиот персонал од КАРИЛ за стекнување на вештини за справување со болничките инфекции, преку укажувања за епидемиолошките проценки за ризик од нивно настанување согласно компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ.
4. Да се информираат/едуцираат пациентите и нивните семејства за ризикот и начините за спречување на болничките инфекции.
5. Да се воспостави електронска база за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици (согласно препораките на ECDC).

## II. Показател на успешност на програмата – индикатори:

Индикатори на успешност на спроведување на главната цел се:

- преваленција на болнички инфекции во селектирани временки интервали
- идентификувани услови, практики и ризици за болнички инфекции во КАРИЛ
- број на едуциран медицински персонал на КАРИЛ со вештини за надминување на епидемиолошките ризици за настанување на болнички инфекции
- број на пациенти едуцирани за ризикот и начините за спречување и самоспречување на болничките инфекции согласно компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ.
- изготвена електронска база за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици

**МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ**

**Б: План за спроведување на програмата**

**Цел на програмата:** Да се согледа реалната ситуација за проблемот со болничките инфекции во КАРИЛ, со интенција за намалување на ризиците како и зголемување на сигурноста на пациентите и квалитет на здравствената заштита согласно препораките на ECDC и ЕУ.

**Показатели на успех:**

- преваленција на болнички инфекции во селектирани временки интервали
- идентификувани услови, практики и ризици за болнички инфекции во КАРИЛ
- број на едуциран медицински персонал на КАРИЛ со вештини за надминување на епидемиолошките ризици за настанување на болнички инфекции согласно компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ.
- број на пациенти едуцирани за ризикот и начините за спречување и самоспречување на болничките инфекции
- изготвена електронска база за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици

**Програмата е :** √ **Хоризонтална** **Вертикална**

| **Мерки** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток (ден/год)** | **Крај (ден/год)** |
| | | | | |
| Утврдување на преваленцијата на болничките инфекции во КАРИЛ во селектирани временски периоди | Институт за епидемиол. и биостатист. Мед. Факулт. | КАРИЛ, Министерство за здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 |
| Согледување на условите, практиките, и потенцијалните места со | Институт за епидемиол. и биостатист. Мед. Факулт. | КАРИЛ, Министерство за здравство | 01.03.2019 | 30.05.2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| највисок ризик за појава на болнички инфекции во КАРИЛ како и давање на препораки за интервенција | | | | |
| Едуцирање на болничкиот персонал за стекнување на вештини за справување со болничките инфекции, преку укажувања за епидемиолошките проценки за ризик од нивно настанување согласно компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ | Институт за епидемиол. и биостатист. Мед. Факулт. | КАРИЛ, Министерство за здравство | 1.06.2019 | 31.7.2019 |
| Информирање/ едуцирање на пациентите и нивните семејства за ризикот и начините за спречување на болничките инфекции | Институт за епидемиол. и биостатист. Мед. Факулт. | КАРИЛ, Министерство за здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Воспоставување на електронска база за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици | Управа за електрон. водење на податоци, Институт за епидемиол. и биостатист. Мед. Факулт | КАРИЛ, Министерство за здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 |

**ПРОГРАМА:**
**Програма за мониторинг на болничките инфекции како индикатор за квалитетот на здравствената заштита во Р. Македонија за 2019 година**

**Цел на програмата:**

**ГЛАВНА ЦЕЛ**
Да се согледа реалната ситуација за проблемот со болничките инфекции во КАРИЛ, со интенција за намалување на ризиците како и зголемување на сигурноста на пациентите и квалитет на здравствената заштита согласно препораките на ECDC и ЕУ.

**СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ**
1. Да утврди преваленцијата на болничките инфекции во КАРИЛ (point prevalence) во различни временски периоди.
2. Да се дадат препораки за интервенција во однос на условите, практиките, и потенцијалните места со највисок ризик за појава на болнички инфекции во КАРИЛ.
3. Да се едуцира медицинскиот персонал од КАРИЛ за стекнување на вештини за справување со болничките инфекции, преку укажувања за епидемиолошките проценки за ризик од нивно настанување согласно компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ.
4. Да се информираат/едуцираат пациентите и нивните семејства за ризикот и начините за спречување на болничките инфекции.
5. Да се воспостави електронска база за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици (согласно препораките на ECDC).

| **Показател за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
|---|---|---|
| - утврдена преваленција на болнички инфекции во селектирани временки интервали<br>- приказ на условите, практиките и ризиците за болнички инфекции на КАРИЛ<br>- број на едуциран медицински персонал на КАРИЛ со вештини за надминување на епидемиолошките ризици за настанување на болнички инфекции<br>- број на пациенти едуцирани за ризикот и начините за спречување и самоспречување на болничките инфекции согласно компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ.<br>- изготвена електронска база за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици | - спроведување на повремени пилот истражувања за болничките инфекции<br>- отсуство на услови за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции | - точен увид во преваленцијата на болничките инфекции<br>- спроведена интервентна опсервациона епидемиолошка студија со препораки за интервенција согласно согледаните услови, практики, и потенцијални места со највисок ризик<br>- болнички персонал со вештини за препознавање и надминување на епидемиолошките ризици за настанување на болнички инфекции<br>- електронско водење и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | |
| Утврдување на преваленцијата на болничките инфекции во КАРИЛ во селектиран временски период | Утврдување на методологија и подготовка на услови за спроведување на студија на преваленција на болнички инфекции во КАРИЛ | x | | | | Институт за епидемиологија и биостатистика Медицински Факултет |
| | Имплементирање на студија на преваленцијата на болничките инфекции (point prevalence study). | | x | x | | |
| | Подготовка на извештај за добиените резултати од спроведената студија | | | | x | |
| | Дистрибуција на извештајот до релевантните здравствени авторитети како и креаторите од базата | | | | x | |
| Согледување на условите, практиките, и потенцијалните места со највисок | Дефинирање на квалитативно-квантитативниот методолошкиот приод за | x | | | | Институт за епидемиологија и биостатистика Медицински Факултет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ризик за појава на болнички инфекции во КАРИЛ како и давање на препораки за интервенција | спроведување на студија | | | | | |
| | Спроведување на интервентна опсервациона епидемиолошка студија на | | x | | | |
| | Подготовка на извештај за добиените резултати од спроведената студија | | x | | | |
| Едуцирање на болничкиот персонал за стекнување на вештини за справување со болничките инфекции, преку укажувања за епидемиолошките проценки за ризик од нивно настанување согласно компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ | Подготовна на едукативен материјал за 2 работилници | | x | x | | Институт за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет |
| | Спроведување на 2 едукативни работилници | | x | x | | |
| | Подготовка на извештај од спроведените работилници | | x | x | | |
| Информирање/ едуцирање на пациентите и нивните семејства за ризикот и начините за спречување на болничките инфекции | Подготовка на содржината и дизајнот на брошурите | x | x | | | Институт за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет |
| | Печатење на 3000 брошури | x | x | | | |
| | Дистрибуција на печатените брошури | x | x | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Воспоставување на електронска база за мрежно евидентирање и статистичка обработка на податоците за болничките инфекции и практиките за давање на антибиотици | Дефинирање на содржините на базата | x | x | x | x | Управа за електрон. Водење на податоци, Институт за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет |
| | Изработка софтерскиот пакет | x | x | x | x | |
| | Мрежно поврзување на КАРИЛ, Управата за електронско здравство и Институтот за Епидемиологија и биостатистика | x | x | x | x | |

**Активности на Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје – Колаборативен центар на СЗО во рамки на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2019 година**

**1. Оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците во Република Македонија**

Земјоделските активности на руралното население во нашата земја се асоцирани со бројни професионални штетности и опасности (физички, хемиски, биолошки, ергономски и психосоцијални штетности, како и бројни механички опасности). Тие се многу често придружени со несоодветни услови за живот, ниско ниво на превентивни мерки и инсуфициентна промоција на здравјето. Во пракса, постои занемарлив број на превентивни медицински прегледи на земјоделците, недоволно пријавување на професионалните болести, недостасува постапката за процена на ризик на работното место, а постојат и слабости на системот на здравственото осигурување, отежната примена на легислативата за безбедност и здравје при работа и неадекватен информативен систем.

Целите на програмата се:

- Добивање податоци за присуството на професионални штетности и опасности кај земјоделците и руралното население преку спроведување на епидемиолошко испитување
- Утврдување на здравстената состојба и работната способност кај земјоделците и руралното население
- Проценка на зачестеноста на професионалните болести, болестите во врска со работата и повредите при работа кај земјоделците и руралното население
- Предлагање на мерки за заштита на работното место кај земјоделците и руралното население
- Спроведување на здравствено - воспитна активност наменета за руралното население во врска со професионалните ризици по нивното здравје
- Спроведување на едукација и тренинг на здравствените работници (лекари од ПЗЗ и специјалисти по медицина на трудот) во руралните подрачја

Превентивните мерки и активности вклучуваат:

- Епидемиолошко испитување - неговото организирање и спроведување е предвидено за земјоделците и руралното население (околу 300 лица) на територијата на РМ со цел да се добијат податоци за присуството на професионални штетности и опасности (примена на "Прашалник за следење на влијанието на професионалните штетности врз здравјето на земјоделците" на македонски и албански јазик). Преку примена на епидемиолошките принципи, податоците за детектираните професионални ризици и актуелната здравствена состојба кај испитуваните земјоделци ќе имаат голема корист во лоцирањето и процената на основните проблеми од областа на медицината на трудот кај земјоделците. На тој начин ќе се овозможи нивно следење и ќе се обезбеди развој на солидна база на податоци за научно-истражувачка работа;
- Предвидено е изведување на 300 насочени превентивни медицински прегледи кај земјоделците и руралното население на терен со медицинска екипа, во неколку места од РМ, според методологија на случаен избор;
- Прегледите ќе се состојат од: преглед од доктор - специјалист по медицина на трудот, спирометриско иследување на белодробната функција, ЕКГ наод во мирување, стандарден лабораториски преглед на крвта и урината, психолошки тестирања, како и токсиколошки анализи со одредување на серумската холинестераза и концентрацијата на јаглерод моноксид и карбоксихемоглобин во крв кај дел од испитаниците по индикација на лекарот. Пред изведувањето на прегледите и во текот на самите прегледи ќе биде изведувана и едукативна и здравствено-воспитна активност. После анализата на добиените податоци ќе бидат изготвувани извештаи за секое лице посебно и ќе бидат давани предлози за мерки за заштита

на работното место. При постоење на индикации, одредени лица со зголемен ризик за оштетување на здравјето ќе бидат повикувани во Институтот за медицина на трудот на РМ за дополнителни испитувања (специфични токсиколошки анализи, дополнителни пулмолошки и алерголошки иследувања, офталмолошки, оториноларинголошки, невропсихијатриски преглед и др.);

- Ќе биде дистрибуиран пропаганден материјал и флаер "Ти си земјоделец чувај го своето здравје" - на македонски и на албански јазик).
- Во активностите на овогодинешната програма е предвиден и интерсекторски состанок со повеќе клучни партнери од областа на безбедноста и здравјето при работа кај земјоделските работници, што се планира и како дел од активностите што тимот на Институтот за медицина на трудот започна да ги спроведува во рамките на акцијата на ЕУ - Безбедносна култура и управување со ризикот во земјоделството (Сафетѕ Цултуре анд Риск Манагемент ин Агрицултуре (САЦУРИМА) - Цост Ацтион ЦА16123), во координација со експерти од оваа област од повеќе европски земји, посветена на намалување на бројот на смртни случаи поврзани со работата, болести и повреди при работа во земјоделството. Главната цел на оваа акција е да се истражат причините зошто земјоделството, како едно од најопасните занимања во Европа и пошироко, постојано заостанува зад подобрувањата во поглед на здравјето и безбедноста на работното место во другите економски сектори, но и да се истражат релативно големите разлики во националните стапки на смртност, повреди и болести во областа. Исто така, оваа акција треба да ги испита различните пристапи во програмите за превенција и усогласеност низ цела Европа и пошироко и ќе се обиде да ги идентификува разликите и причините зошто некои земји се поуспешни од другите во намалувањето на повредите при работа и болестите поврзани со работата во земјоделскиот сектор, за да може да се направат програми и препораки и на национално ниво.

| Вид на активност | Количина | Цена (денари) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Превентивни прегледи | 100 | 300,00 | 30.000,00 |
| Промотивен материјал | 1.000 флаери (800 на македонски јазик и 200 на албански јазик) | 10,00 | 10.000,00 |
| | | | 40.000,00 |

Рок на извршување: ноември 2019 година

Извршител: ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РМ, Колаборативен центар на СЗО од областа на медицината на трудот.
Индикатор: Доставен извештај до МЗ
Предвидени средства за реализација на активностите: 100.000,00 денари.

**2. Усвојување и спроведување на Националната програма на Р Македонија за елиминирање на болестите предизвикани од азбест**

Главна цел: да се елиминира/минимизира влијанието на азбестот врз здравјето на изложените лица во работната и животната средина

Специфични цели:

- Усвојување и промоција на Националната програма на Р Македонија за елиминирање на болестите предизвикани од азбест
- Изработка и усвојување на Национален план за акција за елиминирање на болестите предизвикани од азбест во Р Македонија

Активности за остварување на специфичните цели:

- Усвојување и промоција на Националната програма на Р Македонија за елиминирање на болестите предизвикани од азбест

Драфт верзијата на Националната програма на Р Македонија за елиминирање на болестите предизвикани од азбест е изработена на Институтот за медицина на трудот на Р Македонија, Скопје – Колаборативен центар на СЗО во соработка со Регионалната канцеларија на СЗО за Европа во рамките на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2015 год. и предадена на усвојување од Владините органи. Во насока на промоција на Националната програма на Р. Македонија за елиминирање на болестите предизвикани од азбест, таа е вклучена како приоритет во Акциониот план за здравје и животна средина и Стратегијата за здравје 2020 во Р Македонија.
Во периодот 2016 - 2018 година драфт верзијата на Националната програма е презентирана на клучните партнери од оваа област (МЗ, МТСП, ДИТ, СМТ, МЗМТ и др.) на интерсекторски состанок, како и на неколку состаноци со одделни клучни партнери во поширок состав (инспектори на труд, стручни лица за заштита при работа, Синдикат, здравствени работници и др.) на неколку работилници организирани за таа цел. Во тек на 2019 год., како продолжување на започнатата кампања, Националната програма ќе се презентира на останатите клучни партнери во поширок состав (Национален совет за безбедност и здравје при работа, работодавачи, работници, НВО, медиуми и др.).

- Изработка и усвојување на Национален план за акција за елиминирање на болестите предизвикани од азбест во Р Македонија

Националниот план за акција за елиминирање на болестите предизвикани од азбест претставува оперативен план со кој се овозможува остварување на целите на Националната програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест. Според препораките на СЗО и МОТ, овој план ќе се изготви и спроведе со методата *чекор по чекор* врз основа на целите на Националната програма на Р Македонија за елиминирање на болестите предизвикани од азбест. Тој треба да биде одржлив, да постигнува резултати во одредена временска рамка и да има механизми за следење и евалуација на постигнатите резултати.
Предвидено е одржување на интерсекторски состанок за планирање и координирање на активностите во изработката на Националниот план за акција за елиминирање на болестите предизвикани од азбест во Р Македонија. Во рамките на оваа програмска задача е предвидена изработка на промотивен материјал (постери, брошури, флаери и др.) и нивна дистрибуција на различните целни групи.
Преку воспоставување на добра интерсекторска соработка и обезбедување на соодветна поддршка од страна на Владата на Р Македонија ќе бидат изработени препораки за реализација на Планот на различни нивоа (национално, локално и ниво на претпријатие), како и конкретни цели, мерки, активности, временска рамка и механизми за следење и евалуација на постигнатите резултати.

| Вид на активност | Количина | Цена (денари) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Медиумска кампања – печатење на промотивен материјал (флаери) | 1000 | 10,00 | 10.000,00 |
| Едукативни семинари за одделни целни групи | 3 | 10.000,00 | 30.000,00 |
| | | | 40.000,00 |

Рок на извршување: ноември 2019 година

Извршител: ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р Македонија, Скопје - Колаборативен центар на СЗО
Индикатор: Доставен извештај до МЗ

**3. Програма за унапредување на здравјето на здравствените работници - Евалуација на психосоцијалните штетности од работното место (стресогени фактори и насилство на работното место) и синдромот на согорување кај докторите од Р Македонија**

Карактерот на работата ја прави популацијата здравствени работници особено вулнерабилна на стрес на работното место. Резултатите на досегашните светски и домашни студии укажуваат дека проблемот со психосоцијалните штетности кај докторите е присутен во различни земји, упатувајќи на глобалните димензии на ова прашање и на неговите автохтони, национални специфики. Појавата на синдромот на согорување е евидентна и во Р Македонија, а општествените и социоекономските промени го зголемуваат ризикот за појава на стрес поврзан со работата и неговите последици.

Реализацијата на оваа програмска активност вклучува:

- Евалуација на психосоцијалните штетности од работното место (стресогени фактори и насилство на работното место) и синдромот на согорување кај докторите од Р Македонија,
- Изработка и усвојување на препораки и мерки за превенција на стресот поврзан со работата и синдромот на согорување кај докторите од Р Македонија и
- Дисеминација на добиените резултати со клучните партнери од областа.

Евалуацијата на психосоцијалните штетности од работното место (стресогени фактори и насилство на работното место) и синдромот на согорување ќе опфати анализа на податоците добиени со примена на адекватни стандардизирани и валидизирани прашалници (примерок од над 2500 доктори од Р Македонија), како и изработка на извештај од реализираното истражување за присуството на стресогените фактори од работното место и синдромот на согорување кај докторите од Р Македонија.
Добиените резултати и изведените заклучоци од истражувањето ќе претставуваат солидна основа за изработка и усвојување на препораки и мерки за превенција на стресот поврзан со работата и синдромот на согорување кај докторите од Р Македонија. Наведената мерка ќе биде реализирана преку изработка на предлог мерки и активности за елиминирање или редуцирање на стресогените фактори од работното место со дефинирање на конкретна временска рамка за нивна реализација.
Резултатите и заклучоците од спроведеното истражување, како и дефинираните предлог мерки и активности за елиминирање или редуцирање на стресогените фактори од работното место ќе бидат презентирани и дисеминирани со клучните партнери од областа преку организација и реализација на два интерсекторски состаноци.

| Вид на активност | Количина | Цена (денари) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Евалуација на психосоцијалните штетности од работното место (стресогени фактори и насилство на работното место) и синдромот на согорување | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| Изработка и усвојување на препораки и мерки за превенција на стресот поврзан со работата и синдромот на согорување | 1 | 20.000,00 | 20.000,00 |
| Дисеминација на добиените резултати со организација и реализација на два интерсекторски состаноци | 2 | 20.000,00 | 40.000,00 |
| Вкупно | | | 90.000,00 |

Рок на извршување: ноември 2019 година

Извршител: ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р Македонија, Скопје - Колаборативен центар на СЗО
Индикатори: Доставен извештај од истражувањето до МЗ; Изработени предлог мерки и активности; Реализирани интерсекторски состаноци
Предвидени средства за реализација на активностите: 100.000,00 денари.

Табела 1

| АКТИВНОСТ | Програмски Ценовник по ЦЈЗ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Тетово, Велес | Струмица, Штип, Кочани | Куманово, Битола | Скопје | Прилеп, Охрид |
| 1.Годишен извештај за реализација на програмата за 2018 година (еднократно) | 100000,00 | 100000,00 | 100000,00 | 100000,00 | 100000,00 |
| 2.Епидемиолошки теренски увиди /анкети | 70000,00 | 40000,00 | 60000,00 | 125000,00 | 50000,00 |
| 3.Обработка ,анализа и подготовка на извештаи (пријави за заразни ,ИХИ, АФП, грип и др.) | 70000,00 | 50000,00 | 65000,00 | 100000,00 | 55000,00 |
| 4.Следење на спроведувањето на имунизацијата | 50000,00 | 30000,00 | 40000,00 | 100000,00 | 35000,00 |
| 5.Следење на вакцино превентабилни и заразни болести | 60000,00 | 35000,00 | 50000,00 | 100000,00 | 40000,00 |
| 6.Дезинфекција по епидемиолошки индикации за $м^2$ | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| 7.Дератизација по епидемиолошки индикации по мамец | 50,00 | 50,00 | 50,00 | 50,00 | 50,00 |
| 8.Дезинсекција ларвицидна по индикации $м^2$ | 25,00 | 25,00 | 25,00 | 25,00 | 5000,00 |
| 9.Дезинсекција адултна по индикации по хектар | 40,00 | 40,00 | 40,00 | 40,00 | 40,00 |
| 10.Микробиолошки анализи по епидемиолошки индикации (единечна цена по анализа) | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 |
| 11.Санитарно хигиенски теренски увиди | 55000,00 | 40000,00 | 45000,00 | 65000,00 | 45000,00 |
| 12.Физичко/хемиска и бактериолошка анализа на мостри храна | 35000,00 | 30000,00 | 25000,00 | 40000,00 | 20000,00 |
| 13.Физичко/хемиска и бактериолошка анализа на мостри вода | 200000,00 | 90000,00 | 150000,00 | 120000,00 | 150000,00 |
| 14.Анализа на пестициди во храна | 20000,00 | 0.00 | 20000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 15.Анализа на микотоксини во производи | 15000,00 | 0.00 | 15000,00 | 45000,00 | 0,00 |
| 16.Анализа на мостри брисеви од површини | 150000,00 | 40000,00 | 90000,00 | 200000,00 | 60000,00 |
| 17.Антропометрија | 65000,00 | 25000,00 | 45000,00 | 60000,00 | 60000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18.Аероседимент | 35000,00 | 20000,00 | 20000,00 | 75000,00 | 20000,00 |
| 19.Вкупен аероседимент со тешки метали | 55000,00 | 0.00 | 20000,00 | 35000,00 | 0,00 |
| 20. Следење на Чад,SO2 | 5000,00 | 0,00 | 0,00 | 5000,00 | 0,00 |
| 21.Следење на CO | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 25000,00 | 0,00 |
| 22.Анализа на биолошка вредност на храна | 16000,00 | 10000,00 | 15000,00 | 30000,00 | 18000,00 |
| 23.Присуство наPb,Cd и Zn во цврсти честички во висок волуменски честички од воздух | 35000,00 | 0,00 | 20000,00 | 15000,00 | 0,00 |
| 24.Анализа на нутритивен квалитет на болничка храна | 15000,00 | 5000,00 | 9000,00 | 18000,00 | 5000,00 |
| 25.Анализа на бучава | 0,00 | 0,00 | 15000,00 | 30000,00 | 15000,00 |
| 26.Внес и статистичка обработка на податоци и одржување на веб страната | 70000,00 | 50000,00 | 60000,00 | 140000,00 | 55000,00 |
| 27.Обработка на пријави за хронични незаразни болести ЦЈЗ | 60000,00 | 35000,00 | 50000,00 | 100000,00 | 45000,00 |
| 28.Квартална изработка на Информации, анализи од социјална медицина | 80000,00 | 55000,00 | 70000,00 | 140,000.00 | 60,000.00 |
| 29.Споведување на здравствена едукација за целни групи на подрачјето што го покрива, трибини ,брошури, светски денови | 60000,00 | 40000,00 | 50000,00 | 100000,00 | 55000,00 |
| 30.Советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје и одвикнување од пушење | 45000,00 | 45000,00 | 45000,00 | 100000,00 | 45000,00 |
| 31.Епидемиолошки/санитарно хигиенски увид при вонредни состојби (единечна цена) | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 |

Цените се прикажани како единечна квартална цена , освен под точките 1,6,7,8,9,10 и 31 .

Табела број 2

| Активност | цена 2019 | вид |
|---|---|---|
| Годишен извештај за реализација на Национална програма за јавноздравје во Република Македонија за 2018 година за подрачјето на 10-те ЦЈЗ и ИЈЗ во сите области | 500.000,00 | еднократно |
| Годишен извештај за 2018 за движење на заразни,АФП, опфат со имунизација, АЛЕРТ, ИХИ | 50.000,00 | извештај |
| Прибирање,обработка и анализа на пријавите ,анкети и друго од обласа на епидемиологијата, добиени од ЦЈЗ | 100.000,00 | квартално |
| Месечни епидемиолошки извештаи/ билтени (заразни, алерт, АФП) | 90.000,00 | месечна |
| квартални епидемиолошки извештаи (алерт,заразни,АФП) | 30.000,00 | извештај |
| Седмодневни извештаи / табеларни за движењето на заразните заболувања по ЦЈЗ и подрачниединици | 20.000,00 | неделно |
| Седмодневни извештаи за движење на грип од 40-20 недела | 20.000,00 | неделен |
| Теренски епидемиолошки увид за превземање мерки во ЦЈЗ поепидемиолошкииндикации и ургентни состојби | 30.000,00 | увид |
| теренскиувидизаелиминацијанаавтохтонитеморбили и конгениталнарубеола | 30.000,00 | увид |
| Следење на релизација на оперативните планови за елиминација на морбили/рубеола и полиомиелит преку теренски увиди во 10-те ЦЈЗ | 30.000,00 | квартално |
| Следење на релизација на плановите за спроведувањето наконтинуирана имунизација преку теренски увиди во 10-теЦЈЗ | 30.000,00 | квартално |
| следењенамаларија,тропски и карантински ургентни состојби и институции кои се вклучени во следење, дијагностика и терапија на карантинскизаболувања, | 30.000,00 | квартално |
| Информирање за трендовите на движење на заразните заболувања, доставување на стандарди и упатства | 25.000,00 | квартално |
| Следење на имплементација на активности согласно Оперативниот план за справување со вирусот наз ападен нил (West Nile virus) | 25.000,00 | квартално |

| | | |
|---|---|---|
| Следење на грипот и други вирусни респираторни заболувања и лабораториско докажување | 25.000,00 | квартално |
| Следење на системот за синдромско пријавување АЛЕРТ | 50.000,00 | квартално |
| Следење на активностите за спречување и сузбивање на интрахоспитални инфекции преку теренскиувидиво ЦЈЗ и земање на материјали за микробиолошки анализи по потреба | 30.000,00 | квартално |
| Лабораторискапотврдана West Nile virus(10) | 1.100,00 | анализа |
| Лабораторискапотврданареспираторнивирусни(200) | 1.480,00 | анализа |
| Лабораториска .потврданаморбили,рубеола(100+200) | 1.100,00 | анализа |
| Лабораториска .потврданагрип (Real PCR)(200) | 4.600,00 | анализа |
| вирусолошкаанализавода( 15) | 4.500,00 | анализа |
| извештајсопроценказавирусолошкаанализанавода (2) | 20.000,00 | анализа |
| Филтер станици увиди со извештај | 30.000,00 | квартално |
| Квартален мониторинг,координација и верификација на програмските активности над ЦЈЗ со извештај од областана епидемиологијата | 100.000,00 | квартално |
| Стручно методолошка помош одобласта на епидемиологијата | 50.000,00 | квартално |
| Внес и компјутерско-статистичкаобработканаподатоциодинтерессогласнозаконзаевиденциивоздравство | 100.000,00 | квартално |
| Стручнометодолошкапомошодобластанастатистика | 50.000,00 | квартално |
| Збирни извештаи за кадар и извршена работа за 2018 година и 2016 година од областана статистика (2) | 25.000,00 | извештај |
| Изработка н а публикации од областа на статистиката (7) | 25.000,00 | публикација |
| Изработка на Регистри на пациенти болни од рак , дијабет за Република Македонија за 2018 (6) | 30.000,00 | регистер |
| Анализиза: амбулантно поликлинички морбидитет , искористеноста на болничките капацитети и болничкиот морбидитет и морталитет во РМ за 2018 | 30.000,00 | анализа |
| Извештај за здравјето на населението во Република Македонија во 2018 г. | 30.000,00 | извештај |
| Извештаи од делот на социјалнамедицина и промоција (советувалиште репрод.пушење) | 50.000,00 | квартално |

| | | |
|---|---|---|
| Извештајзареализиранипромотивниактивностиво 10-те ЦЈЗ | 25.000,00 | квартално |
| Стручно методолошка помош од областа на социјална медицина со промоција | 50.000,00 | квартално |
| Квартален мониторинг, координација и верификација на програмските активности над ЦЈЗ со извештај од областа на социјалн медицина со промоција | 100.000,00 | квартално |
| Здравственапромоција – здравствено воспитување (спроведување на промотивни акции и кампањи, едукативни трибини) | 100.000,00 | квартално |
| Извештај за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење, согласно програмските активности(2х) | 30.000,00 | квартално |
| Извештај здравстениот ризик и квалитет на површински води(2х) | 30.000,00 | извештај |
| Извештај со оцена на морбидитетот на респираторните заболувања кај предучилишни и училишни деца на национално ниво | 50.000,00 | извештај |
| Извештај за анализа и проценка на здравствениот ризик на безбедноста на храната и предметите кои се во допир со храната. | 50.000,00 | извештај |
| со проценка на ризикот од алиментарен дневен внес на хемиски контаминент | 50,000,00 | извештај |
| Информација просечниот дневен алиментарен внес на резидуи на пестициди и микотоксини | 30.000,00 | информација |
| Извештај за Проценка на ризикот од алиментарен дневен внес на хемиски контаминенти-пестициди,микотоксини | 50.000,00 | извештај |
| Извештај за проценка на здравствениот ризик на безбедноста на храната вообразовни, здравствени институции и старечки домови. | 50.000,00 | извештај |
| Анализа на пестициди во храна ( 100) | 1.500,00 | анализа |
| Анализа на микотоксини во производи(80) | 1.500,00 | анализа |
| Извештај со проценка на просечниот дневен внес на макро и микронутриенси на населението во Република Македонија | 50.000,00 | извештај |
| Извештаји за нутритивниот квалитет за исхраната на болните во Република Македонија | 50.000,00 | извештај |
| Извештајзасостојбитекајдецатавоодноснастепенитеназдебелено ст/ потхранетост, порегиони и нанационалнонивоза Република Македонија | 50.000,00 | извештај |
| Извештај за наодите на ниво на бучава и категоризација на ризикот со мерки за превенција или санација | 50.000,00 | извештај |
| Информацијазапроценканаекспозицијата и идентификација на здравствениот ризик на експонирани работници | 50.000,00 | информација |

| | | |
|---|---|---|
| Следење на јонизирачко зрачење на амбиентале нвоздух-надворешно гама зрачење | 300.000,00 | квартално |
| Следење на јонизирачко зрачење на воздух, вода, почва, храна Ср90 | 75.000,00 | квартално |
| Следење на јоизирачко зрачење ,вода , воздух, почва алфа и бета | 300.000,00 | квартално |
| Следење на гама зрачење вода , воздух,почва и храна | 6.000,00 | квартално |
| Квартален извештај за наодите со коментар | 20.000,00 | квартално |
| Набавка радон детектор (2000) | 2.000.000,00 | еднократно |
| Лабораториска подготовка и отчитување на пасивни радон детектори(2000) | 250,00 | анализа |
| Мерење на радон во почва | 300,00 | анализа |
| извештај за радон активности (2х) | 25.000,00 | извештај |
| Оддржување и функционирање на инфо телефонската линија за 10 месеци (5 во лето и 5 во зима) | 3.000,00 | месечно |
| Оддржување и функционирање на веб страна и откупување на СМС пораки (10 месеци) | 1.000,00 | месечно |
| Печатење на флаер за климатски промени(22.500)и 10.000 за радон) | 10,00 | флаер |
| Стручно методолошка помош од областа на санитарна хигиена со здравствена екологија | 50.000,00 | квартално |
| Квартален мониторинг,координација и верификација на програмските активности над ЦЈЗ со извештај од областа на санитарнахигиена со здравственаекологија | 100.000,00 | квартално |
| Изработка на мислења и стручна проценка на елаборати од аспект заштита на здравјето | 50.000,00 | квартално |
| Анализа лабораториска на примерок од мобилна мерна станица | 50.000,00 | анализа |

*За реализација на програмата за 2019 год. потребни се следните средства по извршители прикажани во табела број 3.*

*Во зависност од степенот на реализација на активностите, финансиските средства може да се прераспределуваат помеѓу извршителите.*

Табела број 3

| | Извршители | Вкупен износ (ден.) |
|---|---|---|
| **А** | **ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - Скопје** | **13.500.000,00** |
| **Б** | **Институт за медицина на труд – Скопје** | **170.000,00** |
| **В** | **Медицински факултет Скопје-Институт за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика** | **300.000,00** |
| **Г** | **Министерство за здравство (вонредни/кризни состојби)** | **1.000.000,00** |
| **Д** | **ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ** | |
| 1. | Центар за јавно здравје – Штип | **1.930.000,00** |
| 2. | Центар за јавно здравје – Тетово | **2.930.000,00** |
| 3. | Центар за јавно здравје – Струмица | **1.930.000,00** |
| 4. | Центар за јавно здравје – Прилеп | **2.230.000,00** |
| 5. | Центар за јавно здравје – Скопје | **4.930.000,00** |
| 6. | Центар за јавно здравје – Куманово | **3.860.000,00** |
| 7. | Центар за јавно здравје – Охрид | **2.430.000,00** |
| 8. | Центар за јавно здравје – Кочани | **2.030.000,00** |
| 9. | Центар за јавно здравје – Битола | **2.330.000,00** |
| 10. | Центар за јавно здравје – Велес | **3.430.000,00** |
| | **ВКУПНО: Д** | **28.030.000,00** |
| | **ВКУПНО: А+Б+В+Г+Д** | **43.000.000,00** |
| | **Основен буџет** | **33.000.000,00** |
| | **Сопствени средства на МЗ** | **10.000.000,00** |

Неизмирени обврски за 2018 година ќе се исплатуваат во рамките на планираните средства согласно донесениот буџет за 2019 година

Вкупните средства за реализација на оваа програма ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година во износ од 33.000.000,00 денари и од сопствени средства на Министерство за здравство во висина од 10.000.000,00 денари.

Исплатата на средствата по Програмата ќе се врши квартално од страна на Министерството за здравство, врз основа на доставените фактури и верифицирани извештаи.

Фактурирањето ќе се врши по утврдените програмски цени, на стандарден образец за фактура, објавен на веб страната на Министерството за здравство со извештај во прилог.

Следење на спроведувањето на Програмата ја врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-11533/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**128.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

### I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Намалување на морбидитетот и морталитетот на мајките и новороденчињата, преку интегриран пристап во унапредување на здравјето на мајките и новороденчињата, кој ги содржи во себе мерките на планирање на семејството, пренаталната заштита и здравствената заштита во текот на породувањето и леунството, како и пристап до соодветни здравствени пакети за социјално вулнерабилните популациони групи.

**Општа цел**

Општа цел на оваа програма е континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност.

**Специфични цели**

1. Континуирано унапредување на системот на мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и ефикасноста на здравствената заштита;
2. Подигање на информираноста и едуцираноста на населението за здрави животни стилови и правилно здравствено однесување во преконцепциски, антенатален, постнателен и во доенечкиот период, со фокус на ранливите категории на жени (жени Ромки, жени од руралните подрачја);
3. Унапредување на квалитетот и еднаквоста во пристапот до здравствените услуги за мајките и децата, со посебен фокус на ранливите категории жени;
4. Навремено откривање на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца;
5. Јакнење на интерсекторската соработка и мобилизирање на партнерството во заедницата на сите релеванатни партнери во идентификација и решавање на здравствените проблеми на мајките и децата особено во намалувањето на бариерите и зголемувањето на достапноста на услугите;
6. Обезбедување навремен и ран пристап на секоја бремена жена до квалитетна антенатална здравствена заштита (отстранување на сите видови на географски, финаниски и културолошки бариери особено кај вулнерабилните групи);
7. Намалување на диспаритетите во здравствената состојба кај жените и децата.

### II. ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ НА ПРОГРАМАТА

Индикатори на успешност на спроведување на програмата се:

- Намален морбидитет на новороденчиња
- Намалена перинатална смртност
- Намалена доенечка смртност
- Намален морбидитет на мајки
- Намалена матернална смртност
- Намален % на живородени со ТТ под 2500 грама.

### III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА

1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:

- стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромските здравствени медијатори;
- обезбедување на бесплатна фолна киселина за секоја бремена;
- функционирање на центрите за упатување на клинички третман на жртви од сексуална злоупотреба во трите градови каде центрите се воспоставени и тоа во Скопје, Куманово и Тетово;
- бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификција;
- бесплатни прегледи за жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување кои претпреле сексуално насилство;
- набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни абортуси.

2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување преку едукација на населението и промотивни кампањи:

- кампања за препознавање и управување со ризици во бременост кај бремени жени;
-промоција на Европската недела на имунизација, вклучително локални активности фокусирани на ромските заедници и руралните средини;

- спроведување на едукативни работилници во ромски и рурални средини за детско здравје, важност за имунизација, здрава бремености мајчинство, доење од страна на превентивните тимови и патронажни сестри со особен осврт на 11 општини во кои претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево, Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово;

- промоција на Светската Недела на доење.

3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:

- обука на здравствени работници (матични лекари, медицински сестри, патронажа, матични гинеколози) за семејно планирање согласно подготвената тренинг програма;

- едукативни работилници за патронажни сестри и превентивни тимови за значењето на доењето за раниот детски развој;

- изработка на брошура за бесплатна антенатална заштита вклучително и за жените со попреченост;

- изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2018 година;

- подготовка на Извештај од извршена анализа за период 2008-2017 (Анализа на одредени перинатолошки резултати со посебен акцент на новороденчиња кои починале на Универзитетска клиника за Гинекологија и акушерство 2008-2017);

- обуки на здравствени работници од примарна здравствена заштита за превенција и менаџмент на родово базирано насилство;

- обука за зголемување на свесност на здравствените работници за значењето на имунизацијата и безбедноста на вакцините;

- печатење на Водич за родители;

- ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување ("Службен весник на Република Македонија" бр 37/08, 164/13, 149/14, 192/15 и 37/16).

4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:

- спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Македонија;

- неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања;

- национален скрининг за цистична фиброза.

5. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница

- одржување на работилница за креирање на активностите на Програмата со сите чинители и потенцијални партнери;

- одржување на јавни трибини и дебати со претставници од единиците на локалната самоуправа, здруженија, претставници на ромски заедници, ромски невладини организации, женски организации, Светската здравствена организација, Организација на Обединети нации, за здравствена промоција на принцип на еднакви можности и за планирање на семејство во региони каде живеат ранливи групи.

## IV. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Процесот на следење, оценување и известување ќе се спроведува согласно насоките во Упатствата, преку подготовка на годишен план на спроведување на активностите на Програмата, на квартално ниво и останатите дефинирани табели за оценување на спроведувањето. Прибирањето, обработката, анализата и чувањето на податоците ќе биде на годишно ниво со измерен статус на реализација на мерките и активностите, а на подолг временски циклус (3 години) ќе се анализира остварувањето на главната поставена цел на Програмата. Добиените податоци и анализи на квартално ниво ќе се чуваат во соодветна електронска датотека која треба да даде статистички приказ на актуелната состојба.

## V. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се: Министерство за здравство, Здравствен дом Скопје, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, Универзитетска клиника за детски болести-Скопје, Клинички болници и Општи болници во Република Македонија, Клиничка болница Тетово, Општа болница Куманово, Здравствени домови во Република Македонија, Медицински факултет - Центар за семејна медицина, Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" - Скопје, и јавни здравствени установи во Република Македонија.

## VI. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА РАСПРЕДЕЛЕНИ ПО МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Распределбата на средствата по оваа програма ја врши Министерството за здравство квартално, врз основа на реализирани активности по доставени фактури и извештаи содржани во Програмата, согласно утврдениот годишен план за работа (табела 2.) со финансиски средства распределени по мерки/активности од оваа програма).

Неизмирените обврски во 2018 година ќе бидат исплатени со оваа програма.

Табела 2. Потребни финансиски средства за реализација на оваа програма

| | Активности | Извршител | Количина | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 . | Неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 25.000 | 150,00 | 3.750.000,00 |
| 2. | Неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 2000 | 1.000,00 | 2.000.000,00 |
| 3. | Неонатален скрининг за цистична фиброза | Универзитетска клиника за детски болести – Скопје | 25.000 | 170,00 | 4.250.000,00 |
| 4. | Кампања за препознавање и управување со ризици во бременост кај бремени жени | Министерство за здравство во соработка со Комитетот за безбедно мајчинство и здраво новороденче Организации на Обединети нации и стручни здруженија | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 5. | Подготовка на Извештај од извршена анализа за период 2008-2017 (Анализа на одредени перинатолошки резултати со посебен акцент на новороденчиња кои починале на Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје 2008-2017) | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје во соработка со Комитетот за безбедно мајчинство и здраво новороденче | 1 | 300.000,00 | 300.000,00 |
| 6. | Фолна киселина за секоја бремена | Здравствен дом - Скопје | 25.000 | 6,00 | 150.000,00 |
| 7. | Изработка на прирачник за сензибилизација на здравствени работници за родово базирано насилство вклучително и за **лицата со попреченост** | Медицински факултет – Центар за семејна медицина, Министерство за здравство во соработка со Организации на Обединети нации (УНФПА) | 100 | 600,00 | 60.000,00 |
| 8. | Обука на здравствени работници за семејно планирање согласно подготвената тренинг програма | Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина | 2 | 50.000,00 | 100.000,00 |
| 9. | Промоција на Светската недела на **доењето** | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 1 | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 10. | Едукативни работилници за патронажни сестри и превентивни тимови за значењето на **доењето** за раниот детски развој | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје | 2 | 50.000,00 | 100.000,00 |
| 11. | Водич за родители за деца од 0 до 3 години | Здравствен дом Скопје | 1.500 | 500,00 | 750.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2018 година | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје | 50 | 500,00 | 25.000,00 |
| 13. | Стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје | 10 | 2.500,00 | 25.000,00 |
| 14. | Промоција на Европската недела на имунизација | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје/Министерство за здравство | 1 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 15. | Обука за здравствени работници за значење на имунизација и безбедност на вакцините | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје/Министерство за здравство | 2 | 50.000,00 | 100.000,00 |
| 16. | Едукативни посети од патронажните сестри во ромски и рурални средини за детско здравје, важност за имунизација, здрава бремености мајчинство, доење, со особен осврт на 11 општини во кои претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево, Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово | Здравствените домови со особен осврт на 11 општини во кои претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево, Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово | 20 | 2.500 | 50.000,00 |
| 17. | Обуки на здравствени работници за превенција и менаџмент на родово базирано насилство | Медицински факултет –Центар за семејна медицина во соработка со Организации на Обединети нации и здруженија | **3** | **50.000,00** | **150.000,00** |
| 18. | Менаџирање на Центрите за упатување на клинички третман на жртви од сексуална злоупотреба од страна на координатори за менаџирање на центарот | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клиничка Болница Тетово, Општа болница Куманово | 3 | 100.000,00 | 300.000,00 |
| 19. | Бесплатни прегледи за жени кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување кои претпреле **сексуално насилство** | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клиничка Болница Тетово, Општа болница Куманово | 1 | 1 | 300.000,00 |
| 20. | Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификција | Јавни здравствени установи | 1 | 2.900.000,00 | 2.900.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Изработка на брошура за бесплатна антенатална заштита вклучително и за **жените со попреченост** | Медицински факултет – Центар за семејна медицина | 1.000 | 20,00 | 20.000,00 |
| 22. | Набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни абортуси | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клинички болници, Општи болници и Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ – Скопје | 2.000 | 150,00 | 300.000,00 |
| 23. | Одржување на јавни дебати за здравствена промоција на принцип на еднакви можности | Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина во соработка со здруженија | 2 | 20.000,00 | 20.000,00 |
| 24. | Одржување на трибини за планирање на семејство во региони каде живеат ранливи групи | Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина во соработка со здруженија | 2 | 20.000,00 | 40.000,00 |
| 25. | Финансиски средства за ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија“ бр 37/08, 164/13, 149/14, 192/15 и 37/16) | Министерство за здравство | 1 | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 |
| | Средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија | | | | 10.000.000,00 |
| | Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство | | | | 7.000.000,00 |
| 1 - 25 | Вкупно | | | | 17.000.000,00 |

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11465/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**129.**

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за измена и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/2018), и член 60 став (8), а во врска со ставовите (3), (4) и (5) од овој член од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на ден 11.1.2019 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НЕНАВРЕМЕНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат:

а) начинот на пренос на придонеси од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот на ПИОМ) во задолжителен пензиски фонд во случај на ненавремено пренесување на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови

б) начинот на пренос на придонеси од Фондот на ПИОМ во задолжителен пензиски фонд во случај на ненавремена распределба на осигурениците

в) начинот на пресметка на надоместоците од точките а) и б) на овој став и тоа:

-надоместокот за ненавремено пренесување на придонес (во натамошниот текст: надоместок поради ненавремен придонес ) и

- надоместокот за ненавремена распределба на осигуреници (во натамошниот текст: надоместок поради ненавремена распределба)

г) начин на пресметка и уплата на надоместок, од страна на Фондот на ПИОМ, за осигурениците кои не биле распределени до денот на донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/2018).

### II. Начин на пренос на придонеси во случај на ненавремено пренесување на придонеси

Член 2

(1) Доколку Фондот на ПИОМ не ги пренесува придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на придонесите поради недостиг на соодветни податоци, Фондот на ПИОМ е должен во рок не подолг од три месеци од денот на приемот на придонесите да обезбеди соодветни податоци и да изврши пренесување на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови.

(2) Преносот на придонесите се смета за ненавремен доколку се утврди дека од датумот на прием на придонесите во Фондот на ПИОМ до датумот на кој е извршена уплатата на придонесите во задолжителниот пензиски фонд поминале повеќе од 90 дена.

Член 3

(1) Доколку при евидентирањето на придонесите на индивидуална сметка на член на задолжителен пензиски фонд, друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или со друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: друштвото), утврди дека за членот има ненавремено пренесување на придонеси, пресметува надоместокот за ненавремено пренесување на придонеси согласно член 6 од овој правилник.

(2) Друштвото преку информациониот систем на Агенцијата, во рок од 10 работни дена, го известува Фондот на ПИОМ за износот на надоместокот за секој член за кој е утврдено ненавремено пренесување на придонеси.

(3) Фондот на ПИОМ во рок од 10 работни дена од известувањето на друштвото од став (2) од овој член, го уплатува вкупниот износ на надоместокот во задолжителниот пензиски фонд.

(4) Уплатениот надоместок од став (3) од овој член друштвото го распределува на индивидуална сметка на секој член за кој е уплатен надоместок.

### III. Начин на пренос на придонеси во случај на ненавремена распределба на осигурениците

Член 4

(1) Доколку Фондот на ПИОМ не изврши распределба на осигурениците кои задолжително треба да станат членови во задолжителните пензиски фондови веднаш но најдоцна во рок од три месеци по нивното пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, Фондот на ПИОМ е должен при распределбата на осигурениците во задолжителните пензиски фондови и пренесувањето на придонесите да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.

(2) Фондот на ПИОМ преку информациониот систем на Агенцијата доставува до Агенцијата податоци за осигурениците кои се распределени согласно став (1) од овој член, веднаш по нивната распределба.

(3) Агенцијата, на денот на регистрацијата, преку информациониот систем го известува друштвото за распределените осигуреници.

(4) Друштвото воспоставува индивидуална сметка, за секој распределен осигуреник, веднаш по приемот на податоците за распределбата добиени од Агенцијата.

Член 5

(1) По приемот на придонесите на ненавремено распределените осигуреници друштвото го пресметува износот на надоместокот, согласно член 7 од овој правилник.

(2) Друштвото преку информациониот систем на Агенцијата, во рок од 10 работни дена го известува Фондот на ПИОМ за износот на надоместокот за секој осигуреник кој бил ненавремено распределен и за вкупниот износ на надоместокот за сите осигуреници.

(3) Фондот на ПИОМ во рок од 10 работни дена од известувањето на друштвото од став (2) од овој член, го уплатува вкупниот износ на надоместокот за сите ненавремено распределени членови во задолжителниот пензиски фонд.

(4) Уплатениот надоместок од став (3) од овој член друштвото го распределува на индивидуална сметка на секој член за кој бил уплатен надоместок.

IV. Начин на пресметка на надоместокот во случај на ненавремено пренесување на придонеси

Член 6

(1) Износот на надоместокот поради ненавремен придонес се определува врз основа на проценка на состојбата на дел од средствата на индивидуалната сметка на членот на задолжителниот пензиски фонд, износот на вкупните ненавремено пренесени придонеси и надоместоците од придонеси што ги наплатува пензиското друштво. Проценетата вредност на состојбата на дел од средствата на сметката на членот за кој има ненавремено пренесување на придонеси зависи од историјата на ненавремените уплати (датумите на уплати и износите на уплати), инвестициските резултати на задолжителниот пензиски фонд изразени преку вредноста на сметководствената единица и надоместоците од придонеси кои требало пензиското друштво да ги наплати во износи согласно важечката регулатива.

(2) Пресметката на износот на надоместокот поради ненавремен придонес се врши со состојба на датумот кога се извршила уплатата на вкупните ненавремено пренесени придонеси во задолжителниот пензиски фонд, за секој осигуреник посебно со користење на следната формула:

$$NNP_{t_{n+1}} = SE_{t_{n+1}} * \sum_{t_i=t_1}^{t_n} \frac{P_{t_i} * (1-NP_{t_i})}{SE_{t_i}} - (1-NP_{t_n}) * \sum_{t_i=t_1}^{t_n} P_{t_i} ,$$

каде:

$i = 1,...,n$

$n$ е вкупниот број на датуми кога требало да бидат извршени ненавремените уплати на придонеси

$t_i(dd.mm.yyyy)$ е датумот кога требало да биде извршена $i$-та ненавремена уплата на придонеси ($t_1$ е датумот кога требало да биде извршена првата ненавремена уплата на придонеси, ..., $t_n$ е датумот кога требало да биде извршена последната ненавремена уплата на придонеси)

$t_{n+1}$ е датумот кога се извршила уплатата на вкупните ненавремено пренесени придонеси $NNP_{t_{n+1}}$ е надоместокот за ненавремено пренесување на придонеси на осигуреникот, во денари, за датумот кога е извршена уплатата на вкупните ненавремено пренесени придонеси

$SE_{t_i}$ е износот на сметководствената единица, во денари, на датумот $t_i$ кога требало да биде извршена $i$-та уплата на придонеси

$SE_{t_{n+1}}$ е износот на сметководствената единица, во денари, на датумот $t_{n+1}$ кога се извршила уплатата на вкупните ненавремено пренесени придонеси

$P_{t_i}$ е износот на бруто придонес, во денари, што требало да се уплати во задолжителниот пензиски фонд на датумот $t_i$

$NP_{t_i}$ е износ на надоместок од придонеси, изразен во проценти, што требало да се наплати од страна на пензиското друштво, а бил важечки на датумот $t_i$

Во случај кога $NNP_{t_{n+1}} \le 0$, Фондот на ПИОМ ги уплатува само вкупните ненавремено пренесени придонеси без надоместок за ненавремено пренесување на придонеси.

V. Начин на пресметка на надоместокот во случај на ненавремена распределба на осигурениците

Член 7

(1) Износот на надоместокот поради ненавремена распределба се определува врз основа на проценка на состојбата на хипотетичка индивидуална сметка на член на задолжителниот пензиски фонд кој има идентична историја на уплати на придонеси со осигуреникот со ненавремена распределба, врз основа на износот на вкупните ненавремено пренесени придонеси и надоместоците од придонеси што ги наплатува пензиското друштво.

(2) Проценката на состојбата на сметката која требало да ја има осигуреникот со ненавремена распределба зависи од историјата на ненавремените уплати (датумите на уплати и износите на уплати), инвестициските резултати на задолжителниот пензиски фонд изразени преку вредноста на сметководствената единица и надоместоците од придонеси што друштвото требало да ги наплати во износи согласно важечката регулатива.

(3) Пресметката на износот на надоместокот поради ненавремена распределба се врши со состојба на датумот кога се извршила уплатата на вкупните ненавремено пренесени придонеси во задолжителниот пензиски фонд, за секој осигуреник посебно со користење на следната формула:

$$NNP_{t_{n+1}} = SE_{t_{n+1}} * \sum_{t_i=t_1}^{t_n} \frac{P_{t_i} * (1-NP_{t_i})}{SE_{t_i}} - (1-NP_{t_n}) * \sum_{t_i=t_1}^{t_n} P_{t_i} ,$$

каде:

$i = 1,...,n$

$n$ е вкупниот број на датуми на кои требало да бидат извршени уплати на придонеси

$t_i(dd.mm.yyyy)$ е датумот кога требало да биде извршена $i$-та уплата на придонеси ($t_1$ е датумот кога требало да биде извршена првата уплата на придонеси, ..., $t_n$ е датумот кога требало да биде извршена последната уплата на придонеси)

$t_{n+1}$ е датумот кога се извршила уплатата на вкупните ненавремено пренесени придонеси

$NNP_{t_{n+1}}$ е надоместокот за ненавремено пренесување на придонеси на осигуреникот, во денари, за датумот кога е извршена уплатата на вкупните ненавремено пренесени придонеси

$SE_{t_i}$ е износот на сметководствената единица, во денари, на датумот $t_i$ кога требало да биде извршена $i$-та уплата на придонеси

$SE_{t_{n+1}}$ е износот на сметководствената единица, во денари, на датумот $t_{n+1}$ кога се извршила уплатата на вкупните ненавремени придонеси

$P_{t_i}$ е износот на бруто придонес, во денари, што требало да се уплати во задолжителниот пензиски фонд на датумот $t_i$

$NP_{t_i}$ е износ на надоместок од придонеси, изразен во проценти, што требало да се наплати од страна на пензиското друштво, а бил важечки на датумот $t_i$

Во случај кога $NNP_{t_{n+1}} \le 0$, Фондот на ПИОМ го уплатува само вкупниот износ на ненавремено пренесени придонеси без надоместок за ненавремено пренесување на придонеси.

VI. Начин на пресметка на надоместокот за ненавремено распределени осигуреници

Член 8

(1) Фондот на ПИОМ ги распределува осигурениците, во задолжителните пензиски фондови, кои до денот на влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 245/2018) не биле распределени во задолжителен пензиски фонд.

(2) Распределбата на осигурениците од став 1 од овој член Фондот на ПИОМ ја спроведува еднаш месечно, најдоцна до 30.06.2019 година.

(3) Фондот на ПИОМ доставува до Агенцијата податоци за осигурениците кои се распределени согласно (1) од овој член, веднаш по нивната распределба.

(4) Агенцијата, на денот на регистрацијата, по електронски пат го известува друштвото за распределените осигуреници.

(5) Друштвото воспоставува индивидуална сметка, за секој распределен осигуреник, веднаш по приемот на податоците за распределбата добиени од Агенцијата.

Член 9

(1) По приемот на придонесите на ненавремено распределените осигуреници друштвото го пресметува износот на надоместокот за ненавремено пренесување на придонесите, согласно член 7 од овој правилник.

(2) Друштвото преку информационот систем на Агенцијата го известува Фондот на ПИОМ за износот на надоместокот за секој осигуреник кој бил ненавремено распределен и за вкупниот износ на надоместокот за сите осигуреници.

(3) Фондот на ПИОМ во рок од 10 работни дена од известувањето на друштвото од став (2) од овој член, го уплатува вкупниот износ на надоместокот за ненавремено пренесување на придонеси за сите ненавремено распределени членови во задолжителниот пензиски фонд.

(4) Уплатениот надоместок од став (3) од овој член друштвото го распределува на индивидуална сметка на секој член за кој е уплатен надоместок.

Член 10

Размената на информациите преку информацискиот систем на Агенцијата, помеѓу друштвото, Фондот на ПИОМ и Агенцијата се врши во вид и форма определени во стручно-техничкото упатство на Агенцијата. Во случај на виша сила или на други оправдани технички причини, друштвото ги доставува информациите до Агенцијата на надворешен медиум.

VII. Завршна одредба

Член 11

Овој правилник влегува во сила на наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-17/4 | Совет на експерти |
| 14 јануари 2019 година | Претседател, |
| Скопје | **Максуд Али,** с.р. |

---

**130.**

Врз основа на член 75 став (2) и (4), член 80, член 95 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005,29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010,171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 30/2016, 21/2018 и 245/2018) и член 107 став (2) и (4), член 114 став (6) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 11.1.2019 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА МАРКЕТИНГ НА ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/2013, 182/2014, 221/2015 и 166/2016) насловот на главата: „VII.“ се менува и гласи:

„Преодни и завршни одредби“.

Член 2

Членот 22 се менува и гласи:

„Пензиското друштво, до 28.02.2019 година, доставува извештај согласно член 95 став (1) и став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување до секој член на задолжителниот пензискиот фонд кој е избришан од регистарот на членови и кој нема право за продолжување на членството согласно член 22 став (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 245/2018).

Пензиското друштво, до 28.2.2019 година, доставува извештај согласно член 95 став (1) и став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување до секој член на пензискиот фонд кој е избришан од регистарот на членови согласно член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 245/2018).

Извештајот од член 95 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување пензиското друштво го доставува до членовите од став (1) и (2) на овој член, за период од последниот извештај до последниот датум на проценка заклучно со датумот на престанок на членството во задолжителен пензиски фонд, во форма предвидена со член 14 став (1) од овој правилник и дадена на Образец број 7 кој е составен дел на овој правилник.

Извештајот од член 95 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување пензиското друштво го доставува до членовите од став (1) и (2) на овој член, во форма предвидена со член 13 став (1) од овој Правилник.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-17/5 | Совет на експерти |
| 14 јануари 2019 година | Претседател, |
| Скопје | **Максуд Али,** с.р. |

**Образец број 7**

| |
|---|
| Лого на друштво,<br>Име и презиме и<br>адреса за кореспонденција за<br>член/пензиониран член |

| |
|---|
| Податоци за член/пензиониран член<br>Број на договор/распределен член<br>Датум на стекнување на<br>членство/пензионирање |

## Извештај за пензиска заштеда на индивидуална сметка

Состојба на ден: ___________

Вие поседувате _____сметководствени единици, односно вкупен износ од ___________(денари).

______________ (денари) = ________________________* _____________________ (денари)
(Вкупен износ) (Број на сметководствени единици) (Вредност на сметководствената единица )

| |
|---|
| **ВАШАТА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА Е НАМЕНЕТА ЗА ПЕНЗИЈА ОД ВТОР СТОЛБ – ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**<br>Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)<br>www.mapas.mk тел. 02 3224 229<br>Контактирајте го Вашето пензиското друштво (контакт информации) |

Уплати/исплати во (гггг) година

| Датум на уплата / исплата | Опис | Износ |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Графички приказна состојба на сметка со износ на 31.12.2017 год.и на датум на престанок на членство

| |
|---|
| износ за датум на престанок на членство |
| износ за 31.12.2017 |
| [Дводимензионален графички приказ на состојба на сметка со износ на 31.12.2017 год.и на датум на престанок на членство] |
| 31.12.2017 датум на престанок на членство |

Опис на уплати/исплати од табелата за извештајниот период
1.
2.
...
n.

| |
|---|
| [Дел за електронска проверка на состојба] |
| [Дел за ажурирање на податоците на членот (во хартиена и електронска форма)] |

Во текот на _______година пензиското друштво наплати надоместок од придонеси во износ од _____ден и месечен надоместок од вредноста на нето средствата, за управување со средствата, во висина од __% за _______ година.

Вашите средства се инвестираат согласно закон и остварениот принос од инвестициите се додава на средствата на Вашата сметка. Детален преглед на инвестициите е даден во Извештајот за инвестиционо портфолио.

**Поимник** (содржи опис најмалку на поимите: задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС, придонес, принос и сметководствена единица)

| |
|---|
| |

**Простор за друштво**

| |
|---|
| |

**131.**

Врз основа на член 60 став (8) а во врска со став (6) од овој член, член 64а став (4) и член 66 став (5) и член 66а став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на 11.1.2019 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕНОС НА СРЕДСТВАТА ВО ФОНДОТ НА ПИОМ

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат:

а) начинот и постапката за пренесување на средствата кога член ќе стекне право на инвалидска пензија, во случај на смрт на член чии членови на семејството имаат право на семејна пензија и кога починатиот член нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија,

б) начинот на пренесување на средствата на осигуреник кој е погрешно распределен во задолжителен пензиски фонд од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот на ПИОМ),

в) начинот и постапката за пренесување на средствата на членот на задолжителен пензиски фонд на кој му престанало членството поради промена на основот на осигурување согласно член 118 став (4) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и

г) начинот на враќање во Фондот на ПИОМ на погрешно пренесен придонес во задолжителен пензиски фонд.

### II. Начин и постапка за пренос на средствата кога член стекнува право на инвалидска пензија и во случај на смрт на член чии членови на семејството имаат право на семејна пензија

Член 2

(1) Друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во понатамошниот текст: друштвото), веднаш по приемот на известувањето од Фондот на ПИОМ дека член на задолжителниот пензиски фонд со кој управува остварил право на инвалидска пензија или починал, а членовите на неговото семејство имаат право на семејна пензија, проверува дали личните податоци на членот наведени во известувањето се усогласени со податоците од евиденцијата на индивидуалните сметки на членовите на задолжителниот пензиски фонд која ја води друштвото (во натамошниот текст: евиденција).

(2) Доколку податоците од известувањето од став (1) на овој член не се усогласени со податоците од евиденцијата, друштвото веднаш за тоа го известува Фондот на ПИОМ.

(3) Фондот на ПИОМ доставува известување корегирано во согласност со евиденцијата најдоцна во рок од една недела по добивање на известувањето од став (2) на овој член.

Член 3

(1) По добивање на точното известување од член 2 на овој правилник, друштвото, следниот работен ден по добивањето на известувањето, му доставува на Фондот на ПИОМ податоци за вкупната вредност на средствата на индивидуалната сметка и за личните податоци за членот на задолжителниот пензиски фонд.

(2) Вредноста на средствата на индивидуалната сметка на членот од став (1) на овој член се пресметува според вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка кој претходи на датумот на праќање на податоците до Фондот на ПИОМ.

Член 4

(1) На првиот нареден датум на пренос што следи по датумот на прием на точното известување од член 2 на овој правилник, друштвото дава налог на чуварот на имот за пренос на вкупната вредност на средствата на индивидуалната сметка на членот, пресметана согласно член 3 став (2) од овој правилник.

(2) Чуварот на имот врши пренос на средствата од сметката на задолжителниот пензиски фонд на сметката на Фондот на ПИОМ по добивање на налогот од друштвото за износот на средствата кои треба да се пренесат.

(3) Друштвото ја затвора индивидуалната сметка веднаш по извршувањето на преносот на средствата во Фондот на ПИОМ.

### III. Начин и постапка за пренос на средствата во случај на смрт на член кој нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија

Член 5

Во случај на смрт на член на задолжителен пензиски фонд, кој нема членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, средствата од неговата индивидуална сметка стануваат дел од оставинската маса на оставителот и се исплаќаат на лицето прогласено за негов наследник согласно закон.

Член 6

(1) Доколку врз основа на решение од надлежен орган лице прогласено за наследник на член на задолжителниот пензиски фонд (во натамошниот текст: наслед-

ник) има право на наследство на сите средства на индивидуалната сметка на починатиот член, на наследникот му се исплаќа вкупниот износ на средствата на индивидуалната сметка.

(2) Доколку наследникот има право на наследство само на дел од средствата на индивидуалната сметка на починатиот член, на наследникот му се исплаќа само соодветниот дел од средствата на индивидуалната сметка, пресметан од вкупниот број сметководствени единици на сметката на починатиот член на задолжителниот пензиски фонд.

(3) Друштвото ја затвора индивидуалната сметка веднаш по исплата на средства од индивидуална сметка на наследник/наследници.

Член 7

(1) Заради исплата односно пренос на средствата, наследникот му доставува на друштвото барање за исплата на средства, информации за трансакциската сметка на која наследникот сака да се префрлат средствата, решение од надлежен орган со кое е прогласен за наследник и документ за лична идентификација.

(2) Друштвото доставува до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) известување за поднесено барање за исплата на средства на наследник од индивидуална сметка на починат член и решение од надлежен орган со кое е прогласен наследник.

Член 8

(1) По добивање на известувањето од член 7 став (2) од овој правилник, Агенцијата доставува барање до Фондот на ПИОМ заради проверка дали починатиот член има членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Фондот на ПИОМ доставува известување до Агенцијата, во рок од три работни дена од приемот на барањето од став (1) на овој член, дали починатиот член има членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

(3) Агенцијата до друштвото доставува известување дека може да се изврши исплата на средства на починатиот член, доколку Фондот на ПИОМ известил дека починатиот член нема членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

(4) Износот на средствата, кои треба да се исплатат, се пресметува врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка на средствата што претходи на датумот на известувањето до друштвото од став (3) од овој член.

Член 9

(1) Друштвото доставува налог за исплата на средствата до чуварот на имот кој содржи податоци за наследникот, износот кој треба да се исплати во денари и податоци за трансакционата сметка на која треба да се префрлат средствата, наредниот работен ден од добиеното известување од Агенцијата од член 8 став (3) од овој правилник.

(2) Чуварот на имот, на денот на приемот на налогот од друштвото или наредниот работен ден, врши исплата односно пренос на средства од сметката на задолжителниот пензиски фонд на трансакционата сметка на наследникот, наведена во налогот од друштвото.

(3) Друштвото ја известува Агенцијата за секоја извршена исплата односно пренос на средства на трансакционата сметка на наследник.

Член 10

По преносот на вкупниот износ на средствата од индивидуалната сметка на починатиот член на задолжителниот пензиски фонд на банкарската сметка на наследник, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на починатиот член и го известува наследникот.

IV.Начин на пренесување на средствата на погрешно распределен осигуреник

Член 11

(1) Доколку МАПАС, врз основа на информација од Фондот на ПИОМ, утврди дека определено лице е погрешно распределено во задолжителен пен¬зи-ски фонд го брише од Регистарот на членови и доставува податоци до друштвото.

(2) Врз основа на податоците од ставот (1) на овој член друштвото изготвува листа на индивидуални сметки што треба да бидат пренесени со податоците поврзани со нив, бројот на сметководствени единици на секоја индивидуална сметка, податоците за вредноста на средствата на секоја индивидуална сметка и податоците за вкупната вредност на сите индивидуални сметки.

(3) Вредноста на средствата на секоја индивидуална сметка се пресметува и претвора во денари врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка што претходи на датумот на доставување на листата од став (2) на овој член до Фондот на ПИОМ.

(4) Друштвото ја известува Агенцијата за вкупната вредност на средствата на сите индивидуални сметки од листата од став (2) на овој член, по извршениот пренос на средства најдоцна до петти во месецот за претходниот месец.

Член 12

(1) На првиот нареден датум на пренос што следи по датумот на изготвување на листата од член 11 став (2) од овој правилник, друштвото дава налог на чуварот на имот за пренос на вкупната вредност на сите индивидуални сметки на членовите од листата во Фондот на ПИОМ.

(2) Чуварот на имот врши пренос на средствата од сметката на задолжителниот пензиски фонд на сметката на Фондот на ПИОМ по добивање на налогот од друштвото.

(3) Друштвото ја затвора индивидуалната сметка веднаш по извршувањето на преносот на средствата во Фондот на ПИОМ.

V. Начин на пренесување на средствата поради промена на основот на осигурување на член на задолжителен пензиски фонд

Член 13

(1) Преносот на средствата на членот на задолжителен пензиски фонд на кој му престанало членството поради промена на основот на осигурување согласно член 118 став (4) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се врши во постапка утврдена во членовите 11 и 12 на овој правилник.

(2) Преносот на средствата на членот од ставот (1) на овој член од задолжителниот пензиски фонд во Фондот на ПИОМ се врши по истекот на 90 дена од денот на промената на основот на осигурување.

VI. Начин на пренесување на погрешно уплатен придонес

Член 14

(1) Фондот на ПИОМ ги пренесува придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите, под услов во истиот рок да биле примени и соодветни податоци согласно со закон, кои му овозможуваат на Фондот на ПИОМ да ја изврши таа обврска.

(2) Доколку Фондот на ПИОМ погрешно пренесе придонес за пензиско и инвалидско осигурување во задолжителен пензиски фонд го известува друштвото и му доставува податоци за членот и придонесот.

(3) Друштвото го пренесува погрешно пренесениот придонес во Фондот на ПИОМ, на првиот нареден датум на пренос по денот на приемот на известувањето од став (2) на овој член.

(4) Доколку постои негативна разлика помеѓу вредноста на придонесот на денот на кој е погрешно пренесен и вредноста на овој придонес на денот на известувањето од став (2) на овој член друштвото од сопствените средства ја надоместува разликата, во Фондот на ПИОМ, на првиот нареден датум на пренос кој следи по датумот на известување од Фондот на ПИОМ.

(5) Доколку разликата од став (4) на овој член е позитивна, средствата остануваат во пензискиот фонд.

Член 15

Сите информации што се однесуваат на средствата од индивидуалната сметка на задолжителниот пензиски фонд, друштвото и Фондот на ПИОМ ги разменуваат и доставуваат до Агенцијата преку информацискиот систем на Агенцијата во вид и форма определени во стручно-техничкото упатство што Агенцијата го изработува согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Во случај на виша сила или на други оправдани технички причини, друштвото ги доставува информациите до Агенцијата на надворешен медиум.

Член 16

Одредбите од овој правилник се применува и во случај на времено распределен осигуреник кој има индивидуална потсметка во задолжителен пензиски фонд.

Член 17

Преносот на средства од задолжителниот пензиски фонд во Фондот на ПИОМ во случаите утврдени во глава II, IV и V од овој правилник, се врши секој 15-ти ден во месецот или наредниот работен ден доколку 15-тиот ден во месецот е неработен ден.

VII. Преодни и завршни одредби

Член 18

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на пренос на средствата во Фондот на ПИОМ („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2013 и 221/2015).

Член 19

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-17/6 | Совет на експерти |
| 14 јануари 2019 година | Претседател, |
| Скопје | **Максуд Али,** с.р. |

**132.**

По извршениот преглед утврдено е дека во Правилник за членство во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 247/2018 од 31.12.2018 година ) е направена техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД**

Образецот број 1 треба да се замени со образецот: „Образец број 1“ кој е во прилог на оваа исправка.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-47/2 | Совет на експерти |
| 9 јануари 2019 година | Претседател, |
| Скопје | **Максуд Али,** с.р. |

ЛОГО НА ДРУШТВОТО
Максимални димензии (10 см должина х 2 см висина)

Образец бр. 1

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Договор за членство во задолжителен пензиски фонд број

Склучен на ___/___/___;___/___/ во __________ помеѓу:
*(ден, мес. год. час, мин.)* *(место)*

1.

___________________________________________________________
*(целосен назив на друштвото и контакт телефон)*

со седиште на

___________________________________________________________
*(адреса на друштвото)*

застапувано од агентот ___________________________________________
*(име презиме и регистерски број)*

од една страна како друштво и

2. ___________________________________________ |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
*(име и презиме на членот)* *(МБГ)*

___________________________________________________________
*(адреса и место на живеење)*

од друга страна како член.

Премин од друг задолжителен пензиски фонд ☐

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу страните на договорот.

Член 2

Покрај основните податоци, членот има обврска да ги достави до друштвото и следните податоци:

Датум и место на раѓање: ___/___/___ __________, пол __________
*(ден, мес. год.)* *(место)*

Датум на прво вработување ___/___/___
*(ден, мес. год.)*

Адреса за кореспонденција:

___________________________________________________________,

контакт телефон со повикувачки број: ______________, *електронска пошта*:

______________________.

*Контрола на пензиските друштва врши МАПАС, www.mapas.mk, тел.02-3224-229*

Член 3

Со овој договор членот се зачленува и стекнува својство на член во задолжителен пензиски фонд ______________________________ управуван од друштвото.

*(назив на задолжителниот пензиски фонд)*

Член 4

(1) Со потпишување на овој договор членот се обврзува дека едновремено ќе членува само во овој задолжителен пензиски фонд. Кога членот прв пат потпишува договор за членство во задолжителен пензиски фонд има право во рок од осум работни дена по потпишување на договорот, да го раскине договорот со писмен поднесок, кој го доставува до друштвото.

(2) Член на задолжителен пензиски фонд кој сака да премине во друг задолжителен пензиски фонд треба да потпише договор за премин со друштво кое управува со другиот задолжителен пензиски фонд, потпишување изјава за согласност за премин и со плаќање надоместок за премин согласно со членот 98 став (1) точка в) од Законот.

Член 5

(1) Друштвото се обврзува дека, по зачленување на осигуреникот, ќе воспостави индивидуална сметка на име на членот во задолжителниот пензиски фонд со кој тоа управува.

(2) Друштвото се обврзува дека средствата на членот ќе ги инвестира со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членот и преку диверзификација и финансиска анализа ќе го минимизира ризикот од загуби.

(3)Друштвото се обврзува дека при управувањето и контролата на инвестирањето на средствата ќе применува степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.

(4) Друштвото се обврзува редовно да го известува членот за состојбата на неговата индивидуална сметка и за инвестирањето на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

Член 6

(1) Друштвото односно агентот е должен да обезбеди тајност и заштита на личните податоци, на членот со кој го склучува овој договор, согласно член 23 од Законот за заштита на личните податоци.

(2) Во случај на промена на личните податоци од овој договор, членот е должен да го извести друштвото со цел личните податоци да бидат ажурирани.

Член 7

(1) Друштвото има право да ги наплатува единствено следните надоместоци:

а) надоместок од придонесите во висина од ______ % од уплатените придонеси во задолжителен пензиски фонд;

б) месечен надоместок во висина од __________%од вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд, за покривање на трошоците на друштвото; и

в) надоместок при пренос на средствата во друг задолжителен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од 24 месеци пред да премине во идниот пензиски фонд.

(2) Висината на надоместокот од став (1) точки а) и б) на овој член е променлива категорија. Во примена е надоместокот определен од друштвото, кој е во рамките на максималната висина на надоместоците пропишани со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

*Контрола на пензиските друштва врши МАПАС, www.mapas.mk, тел.02-3224-229*

Член 8

Овој договор има важност до моментот додека членот:

а) стекне членство во друг задолжителен пензиски фонд;

б) стекне правото на старосна пензија;

в) стекне право на инвалидска пензија;

г) во случај на смрт;

д) други случаи на повлекување на средствата од задолжителен пензискиот фонд согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување или

ѓ) биде поништен од Регистарот на членови согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување .

Член 9

Договорот е потпишан во два примероци од кои по еден за секоја договорна страна.

Член 10

Овој договор влегува во сила по внесот на податоците од договорот во информацискиот систем на Агенцијата и регистрација на членот во Регистарот на членови.

Член 11

Одредбите на овој договор се променливи согласно измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

| Потпис на членот | Потпис на агентот |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |

*Упатство за пополнување:*

*1. Сите празни места во договорот за членство треба да бидат пополнети со печатни букви или со употреба на компјутер или машина за пишување.*

*2. Сите полиња се задолжителни освен оние напишани со ракописни букви.*

*3. Во случај на премин на член од еден во друг задолжителен пензиски фонд, полето за премин задолжително се пополнува.*

*4. Доколку поднесокот за раскинување на договорот, биде пратен по пошта, истиот треба да биде пратен како препорачано писмо во рок од осум работни дена од потпишувањето на договорот.*

*5. Идентитетот на осигуреникот се проверува од агентот на друштвото, врз основа на документот за лична идентификација*

*Контрола на пензиските друштва врши МАПАС, www.mapas.mk, тел.02-3224-229*

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019009